# КНИГАТА ПСАЛМИ

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јануари, февруари, март 2024

**КНИГАТА ПСАЛМИ**

Автор: Драгослава Сантрач

Број 1/2024

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

Библиските текстови, користени во оваа библиска поука, се преземени од преводот на Библијата на МПЦ '06
и од преводот на Душан Константинов '99.


*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Превод и техничка подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

СОДРЖИНА:

1. Како да се читаат Псалмите ................................................. 7

2. Научи нè да се молиме ........................................................ 14

3. Господ царува ........................................................................ 21

4. Господ слуша и избавува..................................................... 28

5. Пеење на Господовата песна во туѓа земја ........................... 35

6. Јас ќе станам .......................................................................... 42

7. Твојата милост е до небото .................................................. 49

8. Мудрост за праведно живеење .............................................. 56

9. Блажен е оној што оди во името Господово .......................... 63

10. Поуки од минатото .............................................................. 70

11. Копнеж за Бога на Сион....................................................... 77

12. Богослужение кое никогаш не престанува ........................... 84

13. Чекај на Господа ................................................................... 91

**Додаток**

Утрински стихови – јануари .................................................. 106

Утрински стихови – февруари................................................. 107

Утрински стихови – март........................................................ 108

Секојдневно читање на Библијата..........................................110

Текстови за вечерно богослужение.........................................111

Табели за почеток на саботата во Македонија.................... 112-114

# ПСАЛМИТЕ - МЕСТО КАДЕ ШТО БОГ И ЧОВЕКОТ СЕ СРЕТНУВААТ СРЦЕ СО СРЦЕ



Псалмите се библиски молитви и химни кои се неспоредливи. Изговорени во мигови на славење на Бога, во радост, тага и очај, рецитирани или песни приватно и јавно, од страна на лаици, цареви, поети и свештеници, кои потекнуваат од праведни но и од покајани грешници, Псалмите служеле како молитвеник и песнарка за многу генерации верници.

Псалмите ја должат својата исклучителна улога на фактот што, за разлика од поголемиот дел од Библијата што ни се обраќа нам, тие зборуваат наместо нас и со нас. Псалмите се извор на благослов, надеж и будење, водич за преиспитување на самиот себе и размислување за Божјото величие, нешто што ни дава олеснување кога пекаме од длабочините и во нас ја буди желбата за ново предавање на Бога. Затоа, не сме изненадени што многу луѓе ги препознаваат во псалмите личните емоции и искуства и ги прифаќаат како сопствени молитви. Лутер зборува многу трогателно за псалмите: „Каде би можеле да се најдат поблагородни зборови за изразување на радоста ако не во псалмите на прославување и благодарност? Преку нив можете да ѕирнете во срцата на сите свети, како да посматрате некоја пријатна градина или втренчено гледате во небото... Или, каде би можеле да најдете подлабоки, попонизни, пожалосни зборови за да ја изразите својата тага отколку во таговните псалми? Во нив проникнувате во срцата на сите свети, како смртта да ја посматрате или да џарите во пеколот, толку мрачни и стушни се сцените кои зад себе ги оставаат непостојаните сенки на Божјиот гнев... Поради сево ова, лесно може да разбереме зошто Книгата Псалми е омилената книга на сите свети. Затоа што секој човек во секоја прилика може да најде во неа псалми што одговараат на неговите потреби, кои ги смета толку погодни за себе, како да се таму само заради него. Во ниту една друга книга не можат да се најдат зборови кои би им биле рамни, или би

ги надминале“ (Martin Luther, Martin Luther: Selections From His Writings, ed. John Dillenberger; New York: Anchor Books, 1962; pp. 39).

За да ја искусиме силата на псалмите, која може да го преобрази животот, повикани сме да ги пееме и да ги изговараме во нашите молитви, како што генерациите верници ги користеле псалмите за да ги упатат своите пофалби, молби, покајнички зборови, тажаленки и да изразат благодарност до суверениот Бог на благодатта и правдата.

Според тоа, дали треба да ги проучуваме псалмите? Како и остатокот од Светото писмо, Псалмите се напишани во својот специфичен историски, теолошки и книжевен контекст. Задачата на проучувањето на псалмите е да се доближи нивниот единствен свет до современата публика. Исто така, мораме да истакнеме дека, покрај тоа што претставуваат молитви на Божјиот народ, па дури и молитви што Исус ги изговарал како воплотен Господ, псалмите се исто така и молитви за Исус. Тие се Божјо откровение за човештвото. Друга задача на проучувањето на псалмите е, според тоа, да дознаеме од нив што сѐ направил Бог, што сѐ уште прави и што допрва ќе направи за овој свет преку Исуса Христа.

Иако Псалмите претставуваат збирка од 150 песни, таа збирка во никој случај не е толку случајна како што можеби се чини. Псалмите сведочат за духовно патување кое претставува заедничко искуство на многу Божји деца. Тоа патување започнува со вера која е цврсто втемелена и утврдена на Божјото суверено владеење, во чиишто рамки доброто се наградува а злото се казнува. Меѓутоа, како што напредуваме во нашето проучување, ќе видиме што се случува кога добро уредениот свет на верата ќе биде предизвикан и загрозен од страна на злото. Тогаш се поставуваат прашањата: Дали Бог сѐ уште владее? Како можат верниците да ја пеат Господовата песна во туѓа земја?

Наша желба и молитва е псалмите да нѐ зајакнат на нашиот животен пат и преку нив секојдневно да се сретнуваме со Бога срце со срце, сѐ до денот кога ќе го здогледаме Исуса Христа лице в лице.

*Драгослава Сантрач, со докторат од областа на Стариот завет, е главен уредник на Енциклопедијата на адвентистите на седмиот ден во седиштето на Генералната конференција на нашата црква. Таа е авторка на книга која се занимава со текстовите на Псалмите 76-150 во рамките на Меѓународниот библиски коментар на адвентистите на седмиот ден (Seventh-day Adventist International Bible Commentary).*

**Лекција 1**
**Од 30 декември до 5 јануари 2024 г.**

# КАКО ДА СЕ ЧИТААТ ПСАЛМИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Дневникот 16,7; Неемија 12,8; Псалм 25,1-5; Псалм 33,1-3; Римјаните 8,26.27; Псалм 82,8; Псалм 121,7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И им рече: 'Тоа се зборовите што ви ги зборував додека уште бев со вас, дека треба да се исполни сè што е напишано за Мене во Мојсеевиот Закон, во Пророците и во Псалмите'. Тогаш им го отвори умот, за да ги разберат Писмата" (Лука 24,44.45).**

Псалмите со векови биле молитвеник и песнарка и за Евреите и за христијаните. Иако тие претежно се состојат од зборовите што псалмистот лично му ги упатувал на Бога, сепак Псалмите не потекнуваат од смртни луѓе, туку од Бога кој ги вдахнувал во нивните размислувања.

Навистина, Господ ги вдахнал да го запишат тоа што го запишале, и тоа е причината зошто нам, како и во целото Свето писмо (2. Петрово 1,21), Бог ни проговара во Псалмите со посредство на своите слуги и својот Дух. Исус, апостолите и писателите на Новиот завет ги цитирале Псалмите и се повикувале на нив како Свето писмо (Марко 12,10; Јован 10,34.35; Јован 13,18). Според тоа, Псалмите се Божја Реч подеднакво сигурно како и Првата книга Мојсеева и Посланието до Римјаните.

Псалмите се напишани во вид на еврејска поезија од страна на различни автори од древниот Израел, така што тие го одразуваат нивниот посебен свет, колку и да се универзални нивните пораки. Прифаќањето на Псалмите како Божја реч и обратување посебно внимание на нивните поетски карактеристики, како и на нивниот историски, теолошки и богослужбен контекст е од суштинско значење за разбирање на нивните пораки, кои уште од пред неколку илјади години досегнуваат до денешното време.

## ПСАЛМИТЕ ВО БОГОСЛУЖЕНИЕТО НА ДРЕВНИОТ ИЗРАЕЛ

**Прочитајте ги следните текстови. 1. Дневникот 16,7; Неемија 12,8; Псалм 18,1; Псалм 30,1; Псалм 92,1; Псалм 95,2; Псалм 105,2; Колошаните 3,16 и Јаков 5,13. Кои околности довеле до пишување на одредени псалми? Кога Божјиот народ ги користел псалмите?**

___

___

___

Псалмите биле составувани за употреба при личното или заедничкото богослужение. Тие се пееле како химни за време на богослужението во храмот, како што сугерираат музичките напомени во врска со инструментите (Псалм 61,1), мелодијата (Псалм 9,1) и хороводачите (Псалм 8,1).

Насловот на Книгата псалми во еврејската Библија, *tehillim*, „пофалби", ја одразува нејзината примарна цел, а тоа е да го фали Бога. Насловот на Книгата Псалми на нашиот јазик потекнува од грчкиот збор *psalmoi*, кој се споменува во Септуагинтата, ран превод на еврејската Библија на грчки јазик (од вториот и третиот век пр. н.е.).

Псалмите биле неизоставен дел од израелското богослужение. На пример, тие се користеле за време на посветувањето на храмот, верските празници, процесии и носењето на Ковчегот на заветот во Ерусалим.

„Песните за издигнување" (Псалм 120-134), исто така познати и како поклонички песни, традиционално се пееле за време на патувањето во Ерусалим на трите главни годишни празници (2. Мојсеева 23,14-17). „Египетскиот халел" (Псалм 113-118) и „големиот халел" (Псалм 136) се пееле за време на трите главни годишни празници, како и за време на празникот младини и посветувањето на храмот. Египетскиот халел зазема важно место во пасхалната церемонија. Псалмите 113 и 114 се пееле на почетокот на пасхалниот оброк, а Псалмите 115-118 на крајот (Матеј 26,30). „Дневниот халел" (Псалм 145-150) бил составен дел од секојдневните молитви за време на утринската служба во синагогата.

Псалмите не само што го придружувале богослужението на народот, туку и го поучувале како да го слави Бога во светилиштето. Исус се молел со зборовите од 22. Псалм (Матеј 27,46). Псалмите имале значајно место и во животот на раната црква (Колошаните 3,16; Ефесјаните 5,19).

**Ние, се разбира, иако не го славиме Бога во некое земно светилиште како што бил израелскиот храм, како можеме да ги користиме Псалмите во личното богослужение, без разлика дали во приватно или социјално опкружување?**

# ДА ГИ ЗАПОЗНАЕМЕ ПСАЛМИСТИТЕ

Царот Давид, чие име се појавува во насловот на повеќето псалми, бил активно вклучен во организирањето на службата на самото израелско богослужение. Тој е опишан како „пејачот на Израелевите песни“ (2. Самоилова 23,1). Новиот завет го потврдува авторството на Давид на различни псалми (Матеј 22,43-45; Дела 2,25-29.34.35; Дела 4,25; Римјаните 4,6-8). Покрај тоа, бројни псалми биле составени и од храмски музичари, инаку Левити – на пример, Псалм 50 и Псалм 73-83 биле составени од Асаф; 42. Псалм, Псалм 44-49, Псалм 84-85 и Псалм 87-88 од синовите на Кореј; 88. Псалм исто така и Еман од домот Зарин; и 89. Псалм Етан од домот Зарин. Освен нив, псалми пишувале и Соломон (Псалм 72 и 127) и Мојсеј (Псалм 90).

**Прочитајте ги текстовите: Псалм 25,1-5; Псалм 42,1; Псалм 75,1; Псалм 77,1; Псалм 84,1,2; Псалм 88,1-3 и Псалм 89,1. Што ни откриваат овие псалми за искуствата низ кои минувале нивните автори?**

___

___

Светиот Дух ги вдахнувал псалмистите и ги користел нивните таленти во служба на Бога и нивната заедница на верата. Псалмистите биле луѓе со искрено посветување и длабока вера, но сепак склони да се обесхрабрат и да паднат во искушение како и сите ние. Иако биле напишани пред многу време, Псалмите секако одразуваат и нешто од она што го доживуваме ние денес.

„Нека стигне мојата молитва до Тебе, приклони го Своето уво кон мојот повик. Зашто мојата душа е наситена од страдања, мојот живот наближува кон Подземјето“ (Псалм 88,2.3). Тоа е крикот на некоја душа од дваесет и првиот век, во истата мера како и на некоја од пред 3.000 години.

Некои псалми ги спомнуваат тешкотиите, некои се сосретодочуваат на радостите. Псалмистите го повикувале Бога да ги спаси, но ја доживувале и Неговата незаслужена наклоност. Тие го славеле Бога за Неговата верност и љубов, и му се заколнувале на беспоговорна лојалност. Псалмите, според тоа, се сведочења за божественото откупување и обележја на Божјата благодат и надеж. Псалмите го пренесуваат божественото ветување на сите кои со вера го прифаќаат Божјиот дар за простување и нов живот. Сепак, во исто време, тие не се обидуваат да ги забошотат, прикријат или омаловажат тешкотиите и страдањата што преовладуваат во овој паднат свет.

**Како можеме да црпиме надеж и утеха од сознанието дека дури и верните луѓе, како псалмистот, се бореле со одредени работи со кои се бориме и ние денес?**

## ПЕСНА ЗА СЕКОЈА ПРИЛИКА

**Прочитајте ги текстовите: Псалм 3; 33,1-3 и Псалм 109,6-15. За кои различни аспекти од човековото искуство зборуваат овие псалми?**

---

Псалмите ја прават заедницата на верните свесни за целокупниот опсег на човечкото искуство и покажуваат дека верните можат да го слават Бога во секоја животна прилика. Во нив го гледаме следново:

(1) Химни кои го величаат Бога за Неговата величественост и моќ прикажани при создавањето. (2) Псалми на благодарност кои изразуваат длабока благодарност за изобилните Божји благослови. (3) Жалопојки што претставуваат сесрдни извици кон Бога за избавување од неволји. (4) Псалми на мудрост кои даваат практични насоки за праведен живот. (5) Царски псалми кои укажуваат на Христа – суверениот Цар и Избавител на Божјиот народ. (6) Историски псалми кои потсетуваат на минатото на Израел и ја нагласуваат Божјата верност и неверноста на Израел, со цел да ги поучат идните генерации да не ги повторуваат грешките на своите предци, туку да се надеваат во Бога и да останат верни на Неговиот завет.

Поезијата на Псалмите покажува изразита моќ да го привлече вниманието на читателите. Иако некои од тие поетски фигури се губат во преводот, сепак можеме, дури и на нашиот мајчин јазик, да согледаме многу од нив.

1. Паралелизмот подразбира комбинирање на симетрично составени зборови, фрази или мисли, што придонесува подобро да се разберат соодветни изрази. На пример: „Благословувај Го Господа, душо моја, и сè што е во Мене: Неговото свето име!“ (Псалм 103,1). Во овој паралелизам, изразот „душо моја“ одговара на изразот „сè што е во мене“, значи, се однесува на целокупното човеково битие.
2. Сликовитиот јазик користи фигуративно изразување за да остави силен впечаток врз физичките сетила на читателот (на пример, Божјото засолниште се споредува со „сенката на /Неговите/ крилја“ ( Псалм 17,8).
3. Меризмот доловува целина користејќи пар спротивставени поими. Фразата „дење викам, а ноќе тажам пред Тебе“ означува плачење (викање) без престанување (Псалм 88,1, додаден италик).
4. Игрите со зборови користат одредени изрази кои звучат слично за да нагласат одредена духовна порака. Во текстот Псалм 96,4.5, од еврејските изрази *'elohim* „богови“ и *'elilim*, „идол“, се создава игра на зборови, што ја пренесува пораката дека боговите на околните народи се само привидно *'elohim*, „богови“, но всушност тие се само *'elilim*, „идоли“.

**Конечно, зборот „selah“ означува краток прекин (интерлудиум), или како повик да се застане и размисли за пораката на одреден дел од псалмот или да се промени музичката придружба (Псалм 61,4).**

## ВДАХНОВЕНИ МОЛИТВИ

**Прочитајте ги следните текстови: 2. Самоилова 23,1,2 и Римјаните 8,26,27. Што нè учат овие текстови во врска со молитвата?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Псалмите се вдахновени молитви и пофални песни на Израел, така што во нив гласот Божји се меша со гласот на Неговиот народ. Според тоа, псалмите ја претпоставуваат динамиката на живиот заемен однос со Бога.

Псалмистите му се обраќаат на Бога лично, со зборовите: „Боже мој“, „Господе“ и „царе мој“ (Псалм 5,2; Псалм 84,3). Тие често го молат Бога: „Чуј“ (Псалм 5,1), „послушај ја мојата молитва“ (Псалм 39,12), „види“ (Псалм 25,18), „услиши ме“ (Псалм 102,2) и „избави ја душата моја“ (Псалм 6,4). Ова се очигледно зборови на некој што му се моли на Бога.

Извонредната убавина на псалмите како молитви и пофални песни лежи во фактот што тие се всушност Божјата реч изразена во вид на побожни молитви и пофални песни на верниците. Според тоа, псалмите им обезбедуваат на Божјите деца моменти на посебна блискост, како што е опишано во текстот Римјаните 8,26.27: „Исто така и Духот ѝ помага на нашата слабост, зашто ние не знаеме за што да се молиме, како што треба: но Самиот Дух посредува за нас со неискажливи воздишки. А Оној, Кој ги испитува срцата, знае какво е значењето на Духот, зашто по Божјата волја се моли за светите“.

И Исус ги цитирал псалмите, како што гледаме во текстот Лука 20,42.43, каде што директно го цитира текстот Псалм 110,1: „Зашто самиот Давид вели во свитокот на псалмите: ‘Му рече Господ на мојот Господ: Седи оддесно Мене, додека ги положам Твоите непријатели, за подножје на Твоите нозе!’“

Иако некои псалми настанале врз основа на конкретни историски настани, искуствата на самите псалмисти, како и доживувањата на Израел како народ – или се повикуваат на нив – сепак, духовната длабочина на псалмите покрива мноштво животни ситуации и ги надминува сите културни, верски, етнички и полови граници. Со други зборови, кога ги читате псалмите, гледате дека тие изразуваат надеж, благодарност, страв, гнев, тага и жалење – сето она со кое луѓето се соочувале насекаде во светот, во секое време, без оглед на нивните животни околности. Тие се обраќаат до сите нас, на јазикот на нашето лично искуство.

**Што ни кажува фактот дека Исус ги цитирал псалмите за важноста што тие би можеле да ја имаат во нашето лично верско искуство?**

# СВЕТОТ НА ПСАЛМИТЕ

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 16,8; Псалм 44,8; Псалм 46,1; Псалм 47,1.7; Псалм 57,2; Псалм 62,8; Псалм 82,8 и Псалм 121,7. Кое место го заземал Бог во животот на псалмистот?**

---

Светот на Псалмите е целосно сосредоточен на Бога – тој настојува да ги потчини на Бога сите животни искуства преку молитва и славопојка. Бог е суверен Творец, Цар и Судија на целата земја. Тој обезбедува сѐ што им треба на Неговите деца. Затоа, може да му се верува во секој миг. Дури и Божјите непријатели прашуваат: „Каде е твојот Бог?“, кога Божјиот народ навидум доживува неуспех (Псалм 42,10). Како што Господ е секогаш присутен и никогаш не го изневерува својот народ, така и Божјиот народ секогаш го има Бога предвид. На крајот на краиштата, псалмите предвидуваат дека ќе дојде време кога сите народи и сиот создаден свет ќе го обожаваат Бога (Псалм 47,1; Псалм 64,9).

Централното место што го има Бог во животот на верниците доведува до тоа и богослужението да има централно место во нивното искуство. Богослужението, за време на кое се користени псалмите, суштински се разликувало од богослужението според сфаќањата на многу луѓе денес, бидејќи богослужението во библиската култура било природно и неоспорно средиште на животот на целата заедница. Според тоа, сѐ што се случувало во животот на Божјиот народ, и добро и лошо, неминовно наоѓало свој израз за време на богослужението. Бог го слуша псалмистот, каде и да се наоѓа тој, и му одговара во најдоброто време што Самиот го одредува (Псалм 3,4; Псалм 18,6; Псалм 20,6).

Псалмистот е свесен дека Божјото живеалиште се наоѓа на небото, но во исто време, Бог престојува и на Сион, во светилиштето меѓу својот народ. Затоа, Бог е во исто време блиску и далеку, насекаде, и во неговиот храм (Псалм 11,4), и скриен (Псалм 10,1) и откриен (Псалм 41,12). Во Псалмите се обединети оние Божји атрибути кои навидум меѓусебно се исклучуваат. Псалмистите разбрале дека близината и оддалеченоста се неразделни во вистинското Божјо битие (Псалм 24,7-10). Тие ја разбрале динамиката на таа духовна тензија. Токму нивната свесност за Божјата добрина и присуство, среде сето она што го доживувале, ја јакнело нивната надеж додека чекале Бог да интервенира, без оглед како и кога и да го стори тоа.

**Како Псалмите можат да ни помогнат да разбереме дека не можеме да го ограничиме Бога само на одредени аспекти од нашето постоење? Во кои области од вашиот живот можеби се обидувате да го држите Господа на растојание?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгите на Елена Вајт прочитајте ги следните поглавја: „Храмот и неговото посветување“, Пророци и цареви, стр. 35-50 (оригинал) и „Благослови на музиката“, Порака до младите, стр. 291, 292 (оригинал).

Библискиот Псалтир се состои од 150 псалми, кои се групирани во пет книги: Книга I (Псалм 1-41), Книга II (Псалм 42-72), Книга III (Псалм 73-89), Книга IV (Псалм 90-106) и Книга V (Псалм 107-150). Оваа поделба потекнува од раната еврејска традиција и одговара на поделбата на Петокнижјето.

Книгата Псалми дава докази за некои веќе постоечки збирки на Псалми: збирката на Кореевите синови (Псалм 42-49, 84, 85, 87, 88), збирката на Асафовите синови (Псалм 73-83), Песни за издигнување (Псалм 120-134) и Алелуја псалми (Псалм 111-118, 146-150). Текстот Псалм 72,20 сведочи и за помала збирка Давидови псалми.

Иако повеќето од псалмите се поврзани со времето на царот Давид и раната монархија (X век пр. н.е.), збирката продолжила да расте и во текот на следните векови: за време на поделбата на царството, во периодот на прогонство и во поствавилонскиот период. Можно е еврејските писари, под водство на Езра, да ги споиле постоечките помали збирки псалми во една книга кога работеле на воспоставување на службата во новиот храм.

Меѓутоа, фактот дека писарите ја обединиле книгата Псалми во никој случај не го намалува нејзиното божествено вдахновение. Тие писари, како и псалмистите, биле посветени Божји слуги, и Бог управувал со нивното дело ( Езра 7,6.10 ). Божествено-човечката природа на псалмите може да се спореди со соединувањето на божественото и човечкото за време на отелотворувањето на Господа Исуса Христа. „Но Библијата, со своите од Бога дадени вистини, изразени со човечки јазик, претставува соединување на божественото со човечкото. Такво соединување постоело и во Христовата природа, зашто Христос бил и син Божји и син човечки. Така, за Библијата може да се каже истото што е напишано за Христа: ‘Речта стана тело и се настани меѓу нас’ (Јован 1,14)“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 8 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Што значи тоа дека псалмите се божествено-човечки молитви и химни? Како оваа идеја, колку и да е тешка за разбирање, ни помага да ја согледаме блискоста каква што Бог сака да ја има со својот народ? Како ова, на своевиден начин, ни открива колку му е Бог близок на човечкиот род и на секој од нас поединечно?**
2. **Разговарајте во класата за времето кога сте нашле нешто во Псалмите што конкретно се однесувало на вашата тогашна ситуација. Каква утеха и надеж ви дало тоа?**

**Лекција 2**
**Од 6 до 12 јануари 2024**

# НАУЧИ НÈ ДА СЕ МОЛИМЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 105,5; Колошаните 3,16; Јаков 5,13; Псалм 44; Псалм 22; Псалм 13; Псалм 60,1-5.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А кога се молеше на едно место и кога престана, еден од Неговите ученици Му рече: 'Господи, научи нè да се молиме, како што и Јован ги научи своите ученици!'" (Лука 11,1)**

Меѓу некои христијани преовладува верувањето дека само спонтаната ненаучена молитва е вистинска молитва. Меѓутоа, гледаме дека Исусовите ученици биле неизмерно благословени кога побарале од Исуса да ги научи како да се молат. Освен тоа, Бог ставил молитвеник, Псалмите, во самото срце на Библијата, не само за да ни покаже како се молел Божјиот народ во старо време, туку и да нè научи како ние денес треба да се молиме.

Уште од најрани времиња псалмите ги обликувале молитвите на Божјиот народ, вклучувајќи ги и Исусовите молитви (1. Летописи 16,7.9; Неемија 12,8; Матеј 27,46; Ефесјаните 5,19). Оваа седмица ќе ја разгледаме улогата на псалмите во помагањето на Божјиот народ да се одржи на своето животно патување и да расте во својот заемен однос со Бога. Треба да се има предвид дека псалмите се молитви и дека како такви се непроценливи, не само поради теолошкиот увид што ни го даваат, туку и поради начинот на кој тие можат да ги збогатат и преобразат нашите поединечни и заеднички молитви.

Изговарањето на псалмите во молитва им помогнало на многу верници да воспостават и да одржуваат редовен и исполнет молитвен живот.

Така, во текот на оваа недела ќе продолжиме да ги проучуваме псалмите, особено во контекст на оние моменти кога не ни оди баш најдобро во животот.

## НЕГУВАЊЕ НА УПОТРЕБАТА НА ПСАЛМИТЕ ВО МОЛИТВА

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 105,5; Колошаните 3,16 и Јаков 5,13. Кое место го заземаат Псалмите во богослужбеното искуство на верникот?**

___

Едноставен начин на кој можеме да ги воведеме псалмите во нашиот секојдневен живот е секој ден да посветуваме време за читање по еден псалм, почнувајќи од првиот, а потоа да го следиме редоследот даден во Псалтирот. Друг начин е да ги читаме псалмите кои одговараат на нашата моментална ситуација, каква и да е – постојат псалми на оплакување, псалми на заеднички тажаленки, псалми на благодарност, химни, покајнички псалми, псалми на мудрост (барање на Божјата мудрост и водство), историски псалми, псалми кои изразуваат гнев и огорченост, и поклонички псалми. Во текот на ова тримесечје ќе се осврнеме на многу од нив и ќе ги проучуваме псалмите во контекстот во кој се појавуваат.

Тогаш, како треба да се читаат Псалмите?

Најпрво прочитајте го псалмот, со едноставно размислување, а потоа помолете се. Размислувањето за псалмот вклучува разгледување на неговите различни аспекти – начинот на кој псалмистот му се обраќа на Бога и неговите причини за молитва. Запрашајте се во која смисла вашата ситуација одговара на искуството на псалмистот и како псалмот може да ви помогне јасно да го изразите сопственото искуство. Ќе се изненадите колку често ќе можете да се поврзете со она што сте го прочитале и да се препознаете во тоа.

Ако нешто во псалмот ви внесува немир, размислете, на пример, дали тој псалм ги исправа вашите моментални лажни надежи за нешто со што се соочувате. Размислете за пораката од тој псалм во светлината на Христовата личност, Неговото спасоносно дело и долгорочната надеж што ни ја нуди Христовото дело. Како што знаеме, или би требало да знаеме, секогаш е добро сè во Библијата да се согледува во светлината на Христос и крстот.

Исто така, побарајте нови мотиви за молитва што ви ги дава овој псалм и размислете за нивното значење за вас лично, за вашата црква и за овој свет. Барајте од Бога да го втисне Неговото Слово во вашиот ум и срце. Ако псалмот одговара на ситуацијата на некој што го познавате, посредувајте во молитва за таа личност. Во основа, псалмите покриваат многу аспекти од животот, и ние можеме многу да бидеме збогатени ако ги читаме и во нашето срце го впиваме она што ни го кажуваат.

**Што значи да се дозволи „Словото Христово изобилно нека се всели во вас“ (Колошаните 3,16)? Зошто читањето на Библијата е првиот и најважниот чекор во тоа искуство?**

# ДОВЕРБА ВО ВРЕМЕ НА НЕВОЛЈА

Сите христијани искусиле и многу добро знаат за моментите на очај и страдање, моменти кога се прашувале што прави Господ или зошто дозволува тоа да им се случува. Низ нешто слично минувале и самите псалмисти. А тие, преку божествено вдахновение, го забележиле она што го доживеале.

**Прочитајте го текстот Псалм 44. Што ни кажува тој и зошто тоа е важно за верниците од сите времиња?**

___

Изборот на псалмите соодветни за црковното богослужение често ја одразува нашата исклучивост, кога станува збор за расположенијата и зборовите што сме подготвени да ги искажеме во нашите заеднички молитви. Таквото стеснување на изборот може да биде показател за нашата неспособност или неподготвеност да ги спомнеме и мрачните реалности на животот. Иако понекогаш, кога ќе нѐ снајде некое страдање, се чувствуваме како Бог да постапува неправедно кон нас, сепак не сметаме дека е соодветно да ги искажуваме овие мисли за време на јавното богослужение, па дури ни во тајна молитва.

Тоа притеснување може да доведе до тоа да ја пропуштиме вистинската смисла на богослужението. Пропуштањето искрено и отворено да ги изразиме нашите чувства и ставови пред Бога во молитва често нѐ остава во ропство на нашите сопствени чувства. Исто така, тоа нѐ спречува да му пристапиме на Бога со надеж и доверба. Меѓутоа, изговарањето на псалмите во молитва ни дава сигурност дека, за време на молитвата и богослужението, не се очекува од нас да го исклучуваме и негираме сопственото искуство.

Псалм 44, на пример, може да им помогне на верниците слободно и на прав начин да изразат како се чувствуваат кога страдаат, иако се невини. Кога се молат над псалмите, луѓето можат полесно да искусат слобода на изразување за време на молитвата. Псалмите ни даваат зборови што ниту успеваме да ги најдеме ниту се осмелуваме да ги изговориме. „И не отстапи срцето наше, и стапките наши не се отклонија од Твојот пат, кога нѐ порази во местото, каде што живеат чакали и нѐ покри со смртна сенка“ (Псалм 44,18,19).

Забележете, меѓутоа, како започнува Псалм 44. Неговиот писател зборува за тоа како Бог, во минатото, направил големи работи за својот народ. Затоа тој се надева на Бога, а не „на својот лак“ (Псалм 44,6).

И покрај тоа, Божјиот народ сепак го снаоѓаат неволји. Списокот на неволји и жалопојки е долг и болен. Но, и покрај сето тоа, псалмистот пека Бог да ги „избави... заради Твојата љубов“ (Псалм 44,26). Односно, дури и среде неволја, тој е свесен за реалноста на Божјото постоење и за Неговата љубов.

**Како потпирањето на минатите времиња, кога Божјото присуство се чувствувало многу јасно, може да ви помогне да се справите со времињата кога неволјите ве тераат да мислите дека Бог е далеку?**

## ПСАЛМ НА ОЧАЈАНИЕ

Изговарањето на псалмите во молитва има и други предности, освен што им овозможува на верниците слободно да ги изразуваат своите молитви. Псалмите го доведуваат своето искуство во согласност со Божјите стандарди и го прават подносливо, внесувајќи надеж и сигурност во Божјото присуство.

**Прочитајте го текстот Псалм 22. Што можеме да научиме од тој псалм кога станува збор за довербата во Бога среде големо страдање?**

________________________________________________________________

Изразите на тажење во Псалм 22,1 можат да им помогнат на ожалостените да ја изразат својата болка и чувство на осаменост: „Боже мој, Боже мој, зошто ме остави? Далеку си од моето спасение, од зборовите на моето офкање?“

Тие зборови, се разбира, станале познати меѓу христијаните, бидејќи ги изговорил и самиот Исус додека бил на крстот, покажувајќи ни колку псалмите биле суштински важни за Неговото лично искуство (видете Матеј 27,46).

Меѓутоа, дури и среде страдањата и искушенијата, биле изговорени и следниве зборови: „Ќе го проповедам Твоето име на моите браќа, ќе Те фалам среде собранието“ (Псалм 22,22).

Со други зборови, иако таквите чувства можеби не се совпаѓаат со неговата моментална дилема, псалмистот сѐ уште ја изразува својата вера во Бога и изјавува дека, без оглед на сѐ, ќе продолжи да го слави Бога.

Поентата е во тоа дека псалмите, давајќи ни зборови со кои треба да се молиме, нѐ учат да го вperиме погледот подалеку од нашата сегашна ситуација и да гледаме, со вера, во времето кога нашиот живот ќе биде обновен со Божјата благодат.

На тој начин, изговарањето на псалмите во молитва ги доведува верниците до нови духовни хоризонти. Псалмите им дозволуваат на верниците да ги изразат своите чувства и сфаќања, но тие не ги оставаат таму каде што се наоѓаат во моментот, туку ги наведуваат да го фрлат својот товар на болка, разочарување, гнев и очај пред Бога и да се потпрат на Него, без оглед на околностите.

Преминот од оплакување кон пофална песна, што може да се види во многу псалми, укажува на духовната преобразба што ја доживуваат верниците кога ја примаат божествената благодат и утеха за време на молитвата.

**Како можеме да научиме да гледаме подалеку од нашите непосредни искушенија и да имаме доверба во Божјата добрина, со што и да се соочуваме во дадениот момент?**

# ОД ОЧАЈ ДО НАДЕЖ

Сите ние веројатно сме се соочиле со моменти кога се чинело дека Божјото присуството е многу далеку од нас. Кој понекогаш не помислил: Како можеше да се случи ова?

Псалмистите, луѓе како сите нас, сигурно се соочувале со слични работи. Иако е точно дека понекогаш нашите гревови нè доведуваат до неволја, во други прилики тоа изгледа како голема неправда и ни се чини дека не сме го заслужиле она со што се соочуваме. И повторно, кој не се чувствувал така понекогаш?

**Прочитајте Псалм 13 глава. Кои две преовладувачки расположенија можете да ги препознаете во тој псалм? Што мислите, која одлука довела до толку крупна промена во размислувањето на псалмистот?**

____________________________________________________________

„До кога, Господи, ќе ме заборавaш сосем? До кога ќе го криеш Своето лице од мене?“ (Псалм 13,1). И повторно, кој понекогаш не негувал такви мисли, колку и да биле погрешни? (Дали Бог некогаш заборава некого од нас?)

Според тоа, 13. Псалм нè упатува на тоа како да избегнеме една друга вообичаена грешка, а тоа е во молитвата да се сосредоточиме на себеси и на нашите проблеми. Тој псалм може да го преобрази начинот на кој се молиме, затоа што нè наведува повторно да се увериме во веродостојната и непроменлива природа на Божјото однесување кон својот народ.

Вистина е дека овој псалм започнува со оплакување и жалби, но не завршува така. И тоа е клучно.

Псалмот нè наведува да донесеме свесна одлука да се потпреме на Божјата откупителна сила (Псалм 13,5), за нашиот страв и вознемиреност (Псалм 13,1-4) постепено да му отстапат место на Божјото спасение и да почнеме да доживуваме промена од тажење до славопојки, од очај до надеж (Псалм 13,5.6).

Меѓутоа, самото повторување на зборовите од псалмите, без задлабочување во нивното значење, нема да доведе до автентична преобразба, што всушност е целта на нивната употреба. Кога се молиме изговарајќи ги псалмите, треба да бараме Светиот Дух да ни овозможи да постапуваме на начинот што самиот псалм го бара. Псалмите се Божја реч со која се менува карактерот и постапките на верниците се менуваат, а не обична информација. Со Божјата благодат, ветувањата од псалмите се остваруваат во животот на верниците. Тоа значи дека дозволуваме Божјата реч да нè обликува според Неговата волја и да нè соедини со Христа, кој совршено ја исполнил Божјата волја и кој, како отелотворен Божји Син, исто така се молел со зборовите на псалмите.

**Како можат искушенијата да ве доближат до Бога? И зошто, ако не внимавате, би можеле да ве оддалечат од Него?**

# О, ОБНОВИ НÈ ПОВТОРНО

**Прочитајте Псалм 60,1-5. Што мислите, под кои околности овој псалм би бил пригодна молитва? Како можеме да имаме корист од псалмите тажаленки дури и во радосните времиња на животот?**

---

На таговните псалми генерално се гледа како молитви на луѓе кои минуваат низ тежок период, без разлика дали во физичка, психичка или духовна смисла. Или во секоја смисла.

Сепак, тоа не значи дека овие псалми треба да се избегнуваат, дури и во добри времиња. Понекогаш нема никакви допирни точки меѓу зборовите на некој псалм и сегашното искуство на верникот. Сепак, таговните псалми можат да бидат корисни и за верниците кои моментално не минуваат низ никакви неволји.

Прво, тие нè прават посвесни дека страдањето е дел од општото човечко искуство и дека тоа ги погаѓа и праведните и злите. Псалмите нè уверуваат дека Бог ја има контролата над настаните и дека ни дава сила и решенија во моментите на неволја. Дури и во овој псалм, дури и среде неволја („Ти ја потресе земјата“, Псалм 60,2), псалмистот покажува непоколеблива надеж во Божјото избавување.

Второ, таговните псалми нè учат на сочувство кон страдалниците. Кога ја изразуваме нашата среќа и благодарност кон Бога, особено во јавен домен, мора да ги земеме предвид и оние што се помалку среќни од нас. Се разбира, можеби нам сега ни оди добро, но кој од нас не знае за луѓето, кои се насекаде околу нас, а кои страшно страдаат? Изговарањето такви псалми во молитва може да ни помогне да не ги заборавиме оние што минуваат низ тешкотии. Псалмите треба да предизвикаат во нас сочувство и желба да им служиме на оние кои страдаат, како што правел Исус.

„Овој свет е еден огромен карантин, но Христос дошол да ги исцели болните, да објави избавување на заробениците на сатаната. Тој во себе носел здравје и сила. Им давал свој живот на болните, на напатените, на опседнатите од демони. Тој не одбивал никој што дошол да ја прими Неговата исцелителна сила. Знаел дека оние што Го молеле за помош, самите си ја навлекле болеста на себе, но сепак Тој не одбивал да ги исцели. А кога Христовата сила влегувала во тие кутри души, тие стануvале осведочени за гревот и на тој начин многумина биле излечени од нивните духовни но и физички болести. Евангелието сè уште ја има истата моќ, па зошто да не ги видиме истите резултати и денес?“ (Ellen G. White, Welfare Ministry, стр. 24, 25)

**На кој од вашите познаници, токму сега, му се потребни не само вашите молитви, туку и вашата активна служба?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте Псалм 42,8 и поглавјето со наслов „Поезија и песна“, стр. 159-168 (оригинал), од книгата *Воспитување* од Елена Вајт. Според овие вдахновени текстови, на кој начин се поврзани молитвата и песната?

Елена Г. Вајт ги опишува Давидовите покајнички псалми (на пример, 51. Псалм) како јазик на неговата душа, и молитвите кои ја илустрираат природата на искреното жалење за гревот (видете *Патот кон Христа,* стр. 24, 25, ориг.). Таа ги охрабрува верниците да ги учат напамет текстовите од Псалмите, како начин да ја негуваат свеста за Божјото присуство во нивниот живот и го истакнува Исусовиот обичај да го воздигнува својот глас во псалмите при соочување со искушенија и страв. Исто така, таа забележува: „Колку пати зборовите на некоја света песна ги отпечатиле во душата изворите на покајанието и верата, надежта, љубовта и радоста!... Многу песни, всушност, се молитви“ (*Воспитување,* стр. 162-168 оригинал).

Кога се молиме и пееме псалми, ние ја преземаме на себе упорноста, смелоста, храброста и надежта на псалмистот. Тие нѐ поттикнуваат да го продолжиме нашето духовно патување и нѐ тешат дека не сме сами. И други луѓе, како нас, поминале низ некои мрачни времиња, а сепак, според Божјата благодат, излегле како победници. Во исто време, псалмите ни пружаат увид во Христовото сесрдно посредување за нас, бидејќи Тој секогаш живее за да се моли за нас (Евреите 7,25).

Вклучувањето на псалмите во молитвата и богослужението ја прави заедницата на верници свесна за целосниот спектар на човечкото искуство и ги учи како да ги применат различните аспекти од тоа искуство во богослужението. Псалмите се божествено-човечки молитви и песни. Од таа причина, доследното вклучување на псалмите во богослужението ја доведува заедницата на верници во центарот на Божјата волја и моќната исцелителна благодат.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Зошто спонтаната, ненасочувана молитва не е единствениот начин да му се молиме на Бога? Како нашиот молитвен живот може да биде збогатен од псалмите, со библиски молитви?**

**2. Како псалмите можат да го збогатат нашето заедничко молитвено искуство? Разговарајте за некои практични начини на кои вашата локална црква може да поттикне употреба на псалмите во своите богослужби.**

**3. Што откриваат псалмите за сложеноста на човековото поклоништво на верата и за силата на Божјата исцелителна благодат?**

**Лекција 3**
**Од 13 до 19 јануари 2024**

# ГОСПОД ЦАРУВА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 8; Псалм 100; Псалм 97; Псалм 75; Псалм 105,7-10; Галатјаните 3,26-29; Псалм 25,10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Господ царува, облечен во величество, Господ облечен во сила и опашан: Вселената стои цврсто, нема да се разниша“ (Псалм 93,1).**

Псалмите непоколебливо го поддржуваат основното верување во Божјото суверено владеење. Бог создал сѐ и одржува сѐ што создал. Тој е суверен Цар над целиот свет и владее според правдата и вистината. Неговите одредби и закони се добри и им носат живот на оние што ги држат. Господ е праведен Судија кој, со тоа што ги наградува праведните и ги казнува злите, се грижи овој свет да биде добро уреден, но тоа го прави во време што тој го одредува, а не тогаш кога ние тоа го очекуваме.

Божјиот завет со Израел игра посебна улога во обезбедувањето сигурност на овој свет, бидејќи го најавува Господовото спасение. Господ го усвоил Израел како свој скапоцен имот, избирајќи го од сите народи за сопствен народ. Господ е верен на тој завет и продолжува да се грижи за своето стадо и покрај нивната неверност и, понекогаш, отворен бунт.

Господовото суверено владеење, на тој начин, прави овој свет да биде цврсто втемелен и безбеден. Псалмистите сакаат читателот да ја сфати таа темелна вистина. Со таков поглед на светот како светилник, псалмистите се стремат да водат успешен живот и да му служат на Бога со неподелена преданост.

## БОГ НÈ СОЗДАЛ

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 8 и Псалм 100. Како се прикажани Бог и човекот во овие псалми? Што ни откриваат овие псалми за Божјиот карактер?**

______________________________________________________________________

Создавањето игра клучна улога во псалмите, во нагласувањето на Божјиот суверенитет. Небесата, кои се „дела на Неговите раце“, ја објавуваат Неговата слава и моќ (Псалм 19,1-4; Псалм 97,6). Божјето име е величествено низ целата земја (Псалм 8,1,9). Господ создал сè, а самиот Тој нема ниту почеток (Псалм 93,2) ниту крај (Псалм 102,25-27). Тој е вечен и надмоќен во однос на боговите на другите народи кои се само „дело на човечките раце“ (Псалм 115,4) и ништо повеќе. Идолите „раце имаат, а не фаќаат“ (Псалм 115,7), а што се однесува до Господа, „во Неговите раце се земските длабочини... и копното, што го направија Неговите раце“ (Псалм 95,4.5).

Неколку псалми ја опишуваат Божјата власт над силите на природата, за кои другите народи верувале дека се божествени сами по себе (на пример, Псалм 29, Псалм 93, Псалм 104). Овие псалми го поддржуваат тврдењето дека Господ владее над сите дела на создавањето и дека неговата власт и достоинство се неприкосновени. Стихот Псалм 100,3 разоткрива еден суптилен вид на идолопоклонство – потпирање на себе – нагласувајќи дека Тој нè создал нас, „а не ние самите“.

Исто така, создавањето сведочи за Божјата љубов. Сè што постои му го должи своето постоење на Бога, кој едновремено го одржува и животот (Псалм 95,7; Псалм 147,4-9). Забележете дека Бог не само што ги создал луѓето, туку го направил древниот Израел „негов народ... и овци на Неговото пасиште“ (Псалм 100,3). Изразите „негов народ“ „овци на Негово пасиште“ го откриваат Божјиот копнеж за блиска заедница со Неговиот народ.

Само Создателот може да го благослови и да го умножи својот народ, и затоа Тој е единствениот достоен за нивното обожавање и доверба. Многубројните псалми го повикуваат секој што дише, целата земја, морето и сè што е во нив да воскликнува од радост пред Господа.

Божјата слава се огледува во делата на создавањето, дури и на овој паднат свет, а Псалмите ни укажуваат на Бога како единствен кој е достоен да биде обожаван.

**„Што е човекот за да си спомнуваш за него? Или човечкиот син за да го посетуваш?“ (Псалм 8,4). Каков е вашиот одговор на Бога како ваш Создател? Ако Бог ги повикува и ѕвездите по име (Псалм 147,4), што мислите, колку повеќе Тој се грижи за вас?**

# ГОСПОД ЦАРУВА

Тесно поврзан – всушност, нераскинливо поврзан – со поимот Господ како Создател е поимот Господ како Суверен, како Владетел. Објавата „Господ царува“ е свечено изнесена во текстовите Псалм 93,1; Псалм 96,10; Псалм 97,1 и Псалм 991, но неговите одеци одѕвонуваат низ целата книга Псалми.

Господ е облечен во чест, величественост и моќ (Псалм 93,1; Псалм 104,1). Облаци и темнина го опкружуваат (Псалм 97,2), но Тој исто така се наметнал „со светлина како со наметка“ (Псалм 104,2). Овие метафори ја величаат моќта и величественоста на Царот и внимателно се избрани за да ја доловат Неговата единственост и големина што ја надминуваат човечката моќ на разбирање.

**Прочитајте го текстот Псалм 97. Што го карактеризира Господовото владеење? (Псалм 97,2.10). Кој е доменот на Неговото владеење? (Псалм 97,1.5.9).**

______________________________________________________________

Божјото владеење се покажува преку Неговото дело на создавање (Псалм 96,5), спасението (Псалм 98,2) и судот (Псалм 96,10). Господ го воспоставува своето владетелство над целиот свет (Псалм 47,6-9). Божјето царство е вечно и неспоредливо по својата сила и величественост (Псалм 45,6; Псалм 93,1.2; Псалм 103,19). Божјото владеење се заснова на милоста, правдата и вистината; тоа внесува ред и стабилност во создадениот свет (Псалм 98,3; Псалм 99,4). Божјото владеење ги обединува поклониците на небото и на земјата во славење на Бога (Псалм 103,20-22; Псалм 148). Многу псалми предвидуваат дека целото човештво ќе ја признае Божјата суверена власт (Псалм 96,10; Псалм 97,1; Псалм 99,1; Псалм 145,11-13).

Меѓутоа, тоа нема да го направат сите луѓе, па ни земните владетели, барем не засега. На Господовото владеење постојано му пркосат злите, кои го негираат Божјото постоење, му се потсмеваат и го угнетуваат Неговиот народ (Псалм 14,1; Псалм 74,3-22). Но псалмистот, иако е збунет од благосостојбата на некои зли луѓе и вознемирен од Божјото трпение, тој има доверба во Божјото суверено владеење и продолжува да верува во праведноста на Божјите судови (Псалм 68,21; Псалм 73,17-20). Божјиот народ со вера се радува на воведувањето на Божјото царство преку Христовата откупителна служба и го чека неговото конечно воспоставување при второто Христово доаѓање (Матеј 12,26-28; 1. Коринќаните 15,20-28).

**„Господ ги љуби оние, кои го мразат злото!“ (Псалм 97,10). Зошто љубовта кон Бога треба да нè наведе да го мразиме злото? Како се поврзани овие два поима?**

## БОГ Е СУДИЈА

**Прочитајте го текстот Псалм 75. Зошто е напразно фалењето на злите?**

___

Како суверен Цар, Господ е исто така и Законодавец (Псалм 99,7) и Судија (Псалм 98,9; Псалм 97,2). Злите постојано го загрозуваат праведниот поредок што Бог го воспоставил во овој свет, но Господ ќе му суди на светот и ќе стави крај на владеењето на злото (Псалм 75,8-10; Псалм 96,13).

Во 75. Псалм, неколку слики го прикажуваат неотповикливото уништување на злите. Сликата на чаша со превриено вино (Псалм 75,8) го доловува интензитетот на Божјиот гнев (Еремија 25,15; Откровение 14,10). Кршењето на роговите на злите го опишува крајот на нивната моќ и власт, додека роговите на праведните ќе бидат возвишени (Псалм 75,10). Бог го избира „правото време“ (Псалм 75,2) или „одреденото време“ за Неговиот суд. Меѓутоа, јасно е дека тој извршен суд ќе се одигра на крајот на времето (Псалм 96,13; 1. Коринќаните 15,23-26).

Господ ги испитува човечките срца, што е дел од Неговиот суд. Прочитајте Псалм 14,2. Тој потсетува на текстот од 1. Мојсеева 6,5.8. И двата текста покажуваат дека на извршувањето на Божјиот суд над светот му претходело Божјото испитување на животот на луѓето и настојувањето да го спаси секој кој може. Тој суд понекогаш се нарекува „истражен суд“, за време на кој Бог ги брани праведните и одлучува за судбината на злите.

Како се случува тоа?

Прво, Бог го ослободува својот народ од злите (Псалм 97,10; Псалм 146,9) и ги крунисува понизните спасувајќи ги (Псалм 149,4). Второ, непокајаните зли се уништени засекогаш (Псалм 97,3). Некои Псалми на поетски начин ја опишуваат бескорисноста на човечкото оружје против божествениот Судија (Псалм 76,3-6). Господ, исто така, е Бог што простува, иако го казнува човечкото незаконско постапување (Псалм 99,8). И Божјиот народ, а не само злите, ќе мора да положи сметка пред Бога (Псалм 50,4; Псалм 135,14).

Псалмите ја пренесуваат истата порака изразена во други библиски текстови – дека Божјиот суд започнува со Неговиот народ, а потоа се шири на целата земја (5. Мојсеева 32,36; 1. Петрово 4,17). Псалмистот извикува кон Бога барајќи од Него да му суди, но се потпира на фактот дека Бог, во Својата праведност, ќе го одбрани (Псалм 7,8-11; 139,23.24).

**Псалмите нѐ повикуваат да се радуваме во исчекувањето на Божјите судови (Псалм 67,4; Псалм 96,10-13; Псалм 98,4-9). Во која смисла Божјиот суд е добра вест за оние кои се покриени со Христовата крв?**

# ТОЈ СИ СПОМНУВА СЕКОГАШ ЗА СВОЈОТ ЗАВЕТ

**Темата за Божјиот суд отвора едно важно прашање: Како може Божјиот народ да има мир со Бога и сигурност во спасението во времето на судот? Прочитајте ги следните текстови: Псалм 94,14; Псалм 105,7-10; Даниел 7,22.**

_______________________________________________________________

Божјиот народ е безбеден затоа што Господ го поставил своето живеалиште во Сион (Псалм 76,1,2) и воспоставил вечен завет со нив како негово скапоцено наследство (Псалм 94,14; Псалм 105,8-10). Бог не само што ветува дека нема да го отфрли својот заветен народ туку активно работи за да ги зачува безбедни во Него. Тој им ги простува гревовите (Псалм 103,3), ги поучува, ги благословува и ги зајакнува (Псалм 25,8-11; 29,11; 105,24). Неговите судови се излеваат за да го обратат народот кон праведноста и да покажат дека Бог се грижи за нив (Псалм 94,8-15).

Псалм 105, како целина, зборува за Божјата верност на неговиот завет низ историјата на Израел. Во сѐ што се случувало, во добро или во лошо, Бог бил таму. Во своето провидение, Тој го однел Јосифа во Египет и преку него го спасил својот народ и другите народи на тоа подрачје од сериозен глад (Псалм 105,16-24). Господ го подигнал Мојсеја да го изведе својот народ од египетското ропство, а тоа го направил со помош на многу знаци и чуда во нивна полза (Псалм 105,25-38).

Господ му ја доделил на својот народ Ветената земја (Псалм 105,11-44) и му обезбедувал постојана заштита (Псалм 105,12-15). Тој ги умножил (Псалм 105,24), ги ослободил од нивните угнетувачи (Псалм 105,37-38) и се грижел за нивните секојдневни потреби (Пс. 105,39-41). Господ несомнено има суверена контрола над сѐ што се однесува на Неговиот народ – факт што псалмистот сакал Неговиот народ никогаш да не го заборави.

Кога Бог си спомнува на својот завет, тоа подразбира нешто повеќе од признавање и сеќавање, бидејќи секогаш води кон дела (1. Мојсеева 8,1; 1. Самоилова 1,19; Псалм 98,3; Псалм 105,42-44). Слично на тоа, кога народот е повикан да се сеќава на Божјите чуда и судови, тоа значи дека треба да живее на начин којшто го прославува Бога.

Во рамките на тој завет, првата должност на Израел е да остане верен на тој начин што ќе ги држи Божјите закони (Псалм 78,5-7; Псалм 105,45). Освен тоа, Божјиот народ е повикан да им сведочи за Бога на другите народи, бидејќи Тој сака сите народи да му се придружат на Неговиот народ Израел (Псалм 105,1.2). На тој начин светот станува безбеден во заштитниот заветен однос со семоќниот и милостив Бог (Псалм 89,28-34).

**Што имаме ние во Исуса што покажува дека тие ветувања, дадени на древниот Израел, можат да се применат и на нас сега? (Видете Галатјаните 3,26-29)**

## НЕГОВИТЕ СВЕДОШТВА СЕ МНОГУ СИГУРНИ

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 19,7; Псалм 93,5; Псалм 119,165; Псалм 1,2.6; Псалм 18,30 и Псалм 25,10. Која заедничка нишка се провлекува низ сите нив?**

____________________________________________________________

Господовата надмоќ во светот како суверен Творец, Цар и Судија има посебно теолошко значење кога станува збор за веродостојноста на Неговите сведоштва. Сведоштвата (еврејски *'edut*, „декрет“, „закон“) се однесуваат на збир закони и прописи со кои Господ управува со верскиот и општествениот живот на својот народ (2. Мојсеева 32,15). Тие се „предостојни за вера“ (Псалм 93,5) (заб. на прев.: „многу вистинити“, според преводот на МПЦ; „многу тврди“ – според српскиот превод), сигурни, што ја одразува стабилноста и постојаноста на Божјиот престол и светот што Тој го создал и го одржува (Псалм 93,1.2). Еврејскиот збор преведен како „предостојни“ (или „вистинити“; нашиот збор *амин* доаѓа од тој збор) укажува на сигурност, верност и цврстина (2. Самоилова 7,16; 1. Летописи 17,23). Според тоа, Божјите закони се непроменливи и неуништливи.

Бог гарантира неповредливост на неговите заповеди и ветувања. Така, Божјата верност истовремено влева и потполно охрабрување, бидејќи ја гарантира непроменливоста на карактерот на Неговото владеење, и има крајно големи барања, затоа што бара од луѓето да одговорат на тоа со доверба и послушност.

Од друга страна, недостатокот на правда во светот поетски се опишува како тресење на темелите на земјата (Псалм 18,7; Исаија 24,18-21). Божјиот закон ги упатува луѓето на патот на праведен живот кој може да се одржи на Божјиот суд. Според тоа, праведниците нема да се поколебаат, бидејќи се цврсто вкоренети во Божјиот закон, кој обезбедува стабилност и сигурност. Нивните срца се цврсти (еврејски kun, што исто така значи „да се биде цврст“, „да се биде сигурен“) во Господа (Псалм 112,1.6.7). Оние кои го држат Божјиот закон нема ништо да ги наведе да се сопнат (Псалм 119,165), што укажува на Божјата заштита и водство во животот (Псалм 1,2.3.6).

Божјата реч е прикажана како светилка пред нозете на псалмистот, којашто на тој начин го штити од скриените стапици на непријателот (Псалм 119, 105.110). Големиот мир што го уживаат оние што го сакаат Божјиот закон (Псалм 119,165) очигледно не е резултат на целосно отсуство на искушенија (Псалм 119,161), туку напротив, резултат на тоа што престојуваат во Божјото присуство и имаат здрав однос со Него.

**На кои практични начини држењето на Божјите закони, правила и сведоштва ви помага во вашиот живот? Од друга страна, што сте претрпеле затоа што сте ги прекршиле?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните текстови: Псалм 86,5.15; Елена Г. Вајт, „Божјата љубов кон човекот“, од книгата *Патот кон Христа*, стр. 9-15 (оригинал). Како вистината дека Бог е љубов ни помага подобро да ги разбереме различните описи на Него и Неговите дела во Псалмите?

Лекцијата за оваа седмица се сосредоточува на некои клучни описи на Бога и на Неговите активности, на кои почива овој свет и кои го прават цврст и сигурен. Псалмистите му се обраќаат на Бога, кој е Творец, Цар, Судија, Заветен Спасител и Законодавец. Улогите што Бог ги врши во овој свет дополнително се огледуваат во разни други Негови имиња и титули, како што се: Пастир (Псалм 23,1; Псалм 80,1), Карпа на спасението (Псалм 95,1) и Отец (Псалм 68,5; Псалм 89,26). Така, во овој свет ние сме сигурни и безбедни, дури и среде метежот на големата борба, затоа што Бог е суверен и верен во сè што прави и кажува. Иако овие теолошки теми во никој случај не се исцрпно претставени, тие сепак ни ги презентираат различните начини на кои Бог се открива во Псалмите.

Додека продолжуваме да ги проучуваме псалмите, важно е да водиме сметка да ги читаме во светлината на Божјиот карактер на љубов и благодат и Неговиот план да го спаси и обнови овој свет. „Колку повеќе го проучуваме божествениот карактер во светлината на крстот, сè појасно ја откриваме милоста, нежноста и проштавањето, поврзани со непристрасност и праведност; сè појасни ни стануваат неброените докази на бесконечната љубов и на нежното милосрдие што ја надминуваат копнежливата љубов на мајката кон заскитаното чедо“ (Елена Г. Вајт, *Патот кон Христа*, стр. 15 оригинал). Во Псалмите гледаме дека луѓето, дури и кога се соочуваат со Божјите судови поради својот бунт, сепак продолжуваат да го повикуваат Бога, бидејќи знаат дека Неговиот гнев е привремен, додека Неговата милост е вечна (Псалм 103,8).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Во која смисла свесноста за реалноста и сеприсутноста на големата борба е од клучна важност за да се разбере зошто, и покрај врховното Божјо владеење и Неговиот суверенитет, сè уште има многу немири и страдања во нашиот свет? Зошто мотивот на големата борба е толку важен и корисен за нас?**
2. **Како треба верата во Бога како Творец да го обликува нашето разбирање на самите себе и на нашиот однос со другите созданија? Што се случува кога луѓето се оддалечуваат од таа вистина (Псалм 106,35-42)?**
3. **Што било погрешно во врска со идолите на луѓето во библиско време (Псалм 115,4-8)? А што е со модерните идоли? Зошто тие се подеднакво опасни за нашето одење со Господа?**
4. **Како треба да живее Божјиот народ знаејќи дека Божјиот суд започнува од него? Како Бог му суди на својот народ и со која цел?**

**Лекција 4**
**20 - 26 јануари 2024**

# ГОСПОД СЛУША И ИЗБАВУВА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 139,1-18; Псалм 121; Псалм 17,8; Матеј 23,37; 1. Коринќаните 10,1-4; Евреите 4,15.16.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Кога викаат праведните, Господ ги слуша и ги спасува од сите маки нивни“ (Псалм 34,17).**

Псалмите секогаш одново ја нагласуваат вистината дека суверениот Господ, кој ја создал и одржува вселената, се открива и како личен Бог, кој иницира и го одржува меѓусебниот однос со својот народ.

Бог е близу до својот народ и своите созданија, како на небото така и на земјата (Псалм 73,23,25). Иако „го поставил Својот престол на небото“ (Псалм 103,19) и „се движи по небото“ (Псалм 68,4), исто така „близу е Господ до сите, кои Го повикуваат, до сите, кои вистински Го призиваат“ (Псалм 145,18). Псалмите недвосмислено ја поддржуваат вистината дека Господ е жив Бог, кој работи во корист на оние што Го повикуваат (Псалм 55,16-22). Псалмите имаат смисла токму затоа што се вдахновени и упатени до живиот Бог, кој ги слуша и ги услишува молитвите.

Секогаш треба да имаме на ум дека вистинскиот одговор на Господовата близина се состои во живот на вера во Него и послушност кон Неговите заповеди. Ништо помалку од таквата вера и послушност нема да биде прифатливо пред Него, како што често се покажувало низ историјата на Израел.

## НИЕДНА МОЈА КОСКА НЕ СЕ СОКРИ ОД ТЕБЕ

**Прочитајте Псалм 139,1-18. Како поетски ја опишува Божјата сила (Псалм 139,1-6), Неговото присуство (Псалм 139,7-12) и добрина (Пс. 139,13-18)? Што кажува таа Божја големина за Неговите ветувања?**

___

Дали некогаш сте сакале да помогнете некому, но сте немале средства? Слично на тоа, некои луѓе можеби се обиделе да ви помогнат вам, но не ги разбрале вашите потреби. За разлика и од најљубезните луѓе и оние со најдобри намери, Бог има совршено знаење за нас и за нашите околности, и доволно средства и начини да ни помогне. Според тоа, Неговите ветувања за помош и избавување не се плитки фрази, туку цврсти убедувања.

Божјето знаење за псалмистот е толку големо и единствено, што ни утробата на неговата мајка не можела да го сокрие од Бога (Псалм 139,13.15). Божественото знаење се однесува на времето (Псалм 139,2), на внатрешното битие (Псалм 139,2.4) и просторот (Псалм 139,3) – целокупното постоење на псалмистот. Божјото чудесно знаење е резултат на Неговиот статус како Создател и на блиското познавање со луѓето, и се огледува во Неговата грижа за нив.

Прекрасната вистина за тоа дека Бог нè познава лично, не треба да нè плаши туку да нè привлече кон Исуса и она што Тој го постигнал за нас на крстот. Бидејќи врз основа на верата во Исуса, нам ни е дарувана Неговата правда, правдата на самиот Бог (Римјаните 3,5.21).

Божјото присуство е нагласено со фактот дека Тој е прикажан како Оној кој го досегнува дури и „подземјето“ (шеол, „гроб“) и „темнината“ (Псалм 139,8.11.12), места кои обично не се поврзуваат со Божјото живеалиште (Псалм 56,13). Неговото присуство исто така се доловува како издигнување „на крилјата на зората“ (исток) и се движи до „крајот на морето“ (запад) (Псалм 139,9). Вистината што ја пренесуваат овие слики е дека не постои место во вселената каде што можеме да бидеме надвор од Божјиот дофат. Иако Бог не е дел од вселената, како што некои веруваат, Тој е блиску до сè што се наоѓа во неа, не само затоа што го создал сето тоа, туку и затоа што го одржува (видете Евреите 1,3).

Како Оној кој знае сè за нас, Бог може да ни помогне и да нè преобрази. Обновеното сфаќање на Неговата големина предизвикува кај псалмистот излив на одушевување во вид на пофални песни и уште посилна доверба во Бога. Тој го поздравува божественото испитување како средство за отстранување од неговиот живот сè што го нарушува неговиот однос со Бога.

**За некои, помислата дека Бог знае толку многу за нив, дури и за нивните најмрачни тајни, може да биде прилично застрашувачка. Зошто, во врска со ова, Евангелието е нашата единствена надеж?**

## СИГУРНОСТ ВО БОЖЈАТА ГРИЖА

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 40,1-3; Псалм 50,15; Псалм 55,22 и Псалм 121. Како е вклучен Бог во нашите секојдневни работи?**

____________________________________________________________

Господ се открива себеси во Светото писмо како жив Бог кој дејствува во корист на оние кои Го повикуваат.

Псалмистот вели: „Господ ми е секогаш пред очите" (Псалм 16,8). Според тоа, тој се надева во Бога и Го повикува (Псалм 7,1; Псалм 9,10). Господ ќе го слушне дури и кога извикува од „длабочините" (Псалм 130,1.2), што ја пренесува пораката дека ниту една животна околност не е скриена од Божјата суверена власт. Затоа, колку и да е горчлив, плачот на псалмистот никогаш не е лишен од надежта.

Псалм 121, од друга страна, ја слави силата на Создателот во животот на верниот поединец. Таа сила го подразбира следново:

(1) „Тој нема да остави да се сопне твојата нога" (Псалм 121,3). Сликата на „нога" често се користи за да се опише нечие животно патување (Псалм 66,9; Псалм 119,105; Мудри изреки 3,23). Еврејскиот израз за „нема да остави да се сопне", ја опишува сигурноста што Бог му ја дава на светот (Псалм 93,1) и на Сион (Псалм 125,1).

(2) Сликата на Господ како Чувар на Израел кој не дреме и не спие, ја нагласува Господовата постојана будност и готовност да дејствува во полза на своите деца (Псалм 121,3.4).

(3) Господ е „твоја сенка" (Псалм 121,5.6) потсетува на столбот од облак во времето на излегувањето од Египет (2. Мојсеева 13,21.22). Слично на тоа, Господ обезбедува физичко и духовно засолниште за Својот народ.

(4) Бог е од нивната десна страна (Псалм 121,5). Десната рака обично означува нечија посилна страна, рака на акција (Псалм 74,11; Псалм 89,13). Овде тоа се однесува на Божјата близина и наклоност (Псалм 16,8; Псалм 109,31; Псалм 110,5).

(5) Божјата заштита над неговиот народ е јасно потврдена во текстот Псалм 121,6-8. Бог ќе ги заштити своите деца од злото. Ниту „сонцето" ниту „месечината" нема да им наштетат. Бог ќе го чува нивното „влегување" и „излегување". Овие поетски фигури ја нагласуваат Божјата сеопфатна, непрестајна грижа.

Суштината на сево ова? Псалмистот се потпирал на Божјата грижа полна со љубов. Се разбира, и ние треба да постапуваме така.

**На кои практични начини можете подобро да ја искусите стварноста на Божјата грижа? Како можете подобро да соработувате со Бога за да му овозможите да работи во вас и за вас?**

## ГОСПОД Е ПРИБЕЖИШТЕ ВО НЕВОЛЈА

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 17,7-9; Псалм 31,1-3 и Псалм 91,2-7. Што прави псалмистот во време на неволја?**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

Псалмистот наидува на разни тешкотии и во нив се обраќа кон Господа, кој е прибежиште во секоја неволја. Довербата вклучува свесен избор да се признае Божјата власт над нечиј живот во сите околности. Ако довербата не се покаже во неволја, тогаш таа и не постои.

Сведоштво на псалмистот: „Речи му на Господа: 'Прибежиште мое! Тврдино моја! Боже мој, на Кого се надевам!'" (Псалм 91,2) – извира од неговото претходно искуство со Бога, а сега придонесува за јакнење на неговата вера за во иднина. Псалмистот Бога го нарекува Севишен и Семоќен (Псалм 91,1.2), имајќи го на ум ненадминливото величие на својот Бог.

Исто така, сигурноста што човекот може да ја најде во Бога, псалмистот ја опишува како: „прибежиште", „сенка" (Псалм 91,1), „престојувалиште", „застапник" (Псалм 91,2), „крилја", штит", „ограда" (Псалм 91,4) и „засолниште" (Псалм 91,9). Тие слики претставувале безбедно место во културата на псалмистот. Треба само да помислиме на неподносливата жештина на сонцето во тој дел од светот за да ја сфатиме вредноста на „сенката" или да се потсетиме на времињата на војни во историјата на Израел за да ја разбереме важноста на сигурноста што ја дава штитот или тврдината.

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 17,8 и Матеј 23,37. Која слика се користи тука и што открива таа?**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

Една од метафорите што ја отсликува најголемата блискост е онаа што се однесува на засолнување „под сенката на Твоите крилја" (Псалм 17,8; Псалм 57,1; Псалм 63,7). Таа метафора буди чувство на сигурност и топлина, повикувајќи се на заштитничкото однесување на мајката птица. Господ се споредува со орел што со крилјата ги штити своите младенчиња (2. Мојсеева 19,4, 5. Мојсеј 32,11) и со кокошка што ги собира своите пилиња под своите крилја (Матеј 23,37).

**Меѓутоа, како треба да се справуваме со моментите кога ќе нè снајде некоја несреќа, а ние не сме во состојба да ја осетиме Господовата заштита? Зошто таквите трауми не значат дека Господ не е тука со нас?**

## БРАНИТЕЛ И ИЗБАВИТЕЛ

**Прочитајте 1. Коринќаните 10,1-4. Како Павле го опишува излезот од Египет? Кои духовни поуки настојува на тој начин да ги пренесе?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

**Прочитајте го текстот Псалм 114. На кој начин тука се опишува божественото ослободување на израелскиот народ од Египет?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Каков поетски опис на Божјото чудесно ослободување на Неговите деца од египетското ропство е даден во Псалм 114. Во целиот Стар завет, па дури и во Новиот, на избавувањето од Египет се гледало како симбол на Божјата моќ да го спаси својот народ. И Павле во овие стихови во Посланието до Коринќаните го прави токму тоа – на таа сосем вистинита приказна гледа како на метафора, симбол на спасението во Исуса Христа.

Псалм 114 исто така го опишува божественото избавување засновано на суверенитетот што Бог, како Творец, го има над силите на природата, бидејќи токму на тој начин го спасил Својот народ во време на излегувањето од Египет. Морето, реката Јордан, планините и ридовите на поетски начин ги претставуваат природните и човечките сили кои му се спротивставиле на Израел на неговиот пат кон Ветената земја (5. Мојсеева 1,44; Исус Навин 3,14-17). Бог, според тоа, е суверен над сите нив.

Всушност, за многу Божји деца во секое време и на секое место, патот до небесниот Ерусалим е поплочен со опасности. Но, и покрај тоа, Псалмите ги охрабруваат да го насочат својот поглед над планините, кон Создателот на небото и земјата (Псалм 121,1).

Духот на Псалм 114 се огледува во Исусовото смирување на бурата на морето и Неговата објава дека црквата нема од што да се плаши, бидејќи Тој го надвладеал светот (Матеј 8,23-27; Јован 16,33).

Господовите големи дела во полза на Неговиот народ треба да ја поттикнат целата земја да трепери во Неговото присуство (Псалм 114,7). Тој трепет треба да се сфати повеќе како спознание и обожавање отколку како преплашеност (Псалм 96,9; Псалм 99,1). Со Бога на нивна страна, верниците навистина немаат од што да се плашат.

**Кои се некои од духовните опасности со кои се соочуваме ние како верници и како можеме да научиме да се потпираме на Господовата моќ да нè заштити, за да не подлегнеме на оние опасности кои се исто толку реални за нас како што биле и за псалмистот?**

## ПОМОШ ОД СВЕТИЛИШТЕТО

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 3,4; Псалм 14,7; Псалм 20,1-3; Псалм 27,5; Псалм 36,8; Псалм 61,4 и Псалм 68,5.35. Од каде доаѓа помошта според тие текстови?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Мотивот на духовно и физичко засолниште и помош се јавува особено во контекст на светилиштето. Светилиштето е место каде што се наоѓа помош, сигурност и спасение. Светилиштето обезбедува прибежиште за настраданите. Бог ги брани сирачињата и вдовиците и му дава сила на својот народ од своето светилиште. Кога „од Сион, кој е врв на убавината, заблескува Бог“ (Псалм 50,2), се објавуваат Неговите праведни судови, а Господовите благослови почнуваат да течат (Псалм 84,4; Псалм 128,5; Псалм 134,3 ).

Засолништето што може да се најде во светилиштето ја надминува сигурноста што ја обезбедува кое било друго место во светот, бидејќи Бог лично живее таму. Божјото присуство, а не само храмот како цврста градба, обезбедува сигурност. Исто така, горята Сион, бидејќи е гора на која престојува Господ, се издигнува над сите планини, иако сама по себе е само скромен рид (Псалм 68,15.16; Исаија 2,2).

**„Зашто, ние немаме таков Првосвештеник, што не може да сочувствува во нашите слабости, туку таков Кој искусил сѐ како и ние, освен грев. И така, слободно да пристапуваме кон престолот на благодатта, за да примиме милост и да најдеме благодат за благовремена помош“ (Евреите 4,15.16). Во која смисла овие стихови се паралелни со она што го кажува псалмистот за светилиштето?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Светоста на Божјото светилиште го наведува псалмистот да признае дека сите луѓе се грешни и целосно недостојни за Неговата наклоност. Во оваа смисла, тој тврди дека избавувањето се заснова исклучиво на Божјата верност и благодат (Псалм 143,2.9-12). Ништо од она што го имаме во нас, не ни дава никакви заслуги пред Бога. Само кога, преку покајание и прифаќање на Божјата благодат и проштавање, ќе воспостават правилен однос со Бога, луѓето можат да се повикаат на Божјото уверување за избавување. Службите во светилиштето на сликовит начин го претставувале спасението што го наоѓаме во Исуса.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте го поглавјето „Ноќ помината во борба“, на страниците 195-203 (оригинал) во книгата Патријарси и пророци од Елена Г. Вајт. Што можеме да научиме од искуството на Јаков, кога станува збор за силата на истрајната молитва и безрезервната доверба во Бога?

Псалмите ја зајакнуваат нашата вера во Бога, кој е секогаш достапно Прибежиште за оние кои го предаваат својот живот во Неговите моќни раце. „Бог многу ќе стори за сите оние што веруваат во него. Причината што оние кои тврдат дека се негов народ, а имаат толку малку сила, лежи во тоа што тие премногу се потпираат врз сопствената мудрост и не му даваат на Господа можност да ја покаже својата моќ во нивна полза. Тој на своите верни ќе им помогне во секоја неволја ако целосно се потпрат врз Него и ако верно го слушаат“ (Е. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 493 ориг.).

Меѓутоа, некои Псалми можат да претставуваат сериозен предизвик за нас, особено кога она што го ветуваат не се совпаѓа со нашата моментална ситуација. Во таквите моменти, едноставно треба да научиме да имаме доверба во Божјата добрина, која најмоќно се покажала на крстот.

Исто така, некои псалми понекогаш можат да се злоупотребат за давање лажна надеж. Исусовиот одговор на сатанската погрешна примена на текстот Псалм 91,11-12 покажува дека довербата во Бога не смее да се меша со искушувањето на Бога (Матеј 4,5-7), ниту со дрско барање од Него да направи нешто што е спротивно на Неговата волја.

„Најголеми победи на Христовата црква или на христијанинот одделно, не се оние што се постигнуваат со талентот, со образованието, со богатството или со некакви други предимства или со условите поволни за човекот; тоа се победите што се постигнуваат во разговор на душата со Бога во тајна молитва, кога верата во душевната борба сесрдно се фаќа за раката на семожната Сила“ (Е. Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 203 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разговарајте во класата за вашиот одговор на последното прашање од проучувањето за вторник – за довербата во Бога среде неволја и кога работите ќе тргнат наопаку. Како да ги разбереме овие неволји и фактот дека тие можат да ги снајдат луѓето, и покрај сите тие прекрасни ветувања за Божјата заштита за кои читаме во Псалмите? Размислете за следново: зар и самиот псалмист, кој пишувал за тие прекрасни ветувања, не претрпел неволји и не познавал верни луѓе кои исто така ги трпеле?**
2. **Како да развиеме безрезервна доверба во Бога во сите околности (на пример, Псалм 91,14; Псалм 143,8.10; Псалм 145,18-20)? Што може да доведе до тоа да ја изгубиме таа доверба? Зошто е толку важна довербата во Бога во добри времиња од клучна важност за да научиме да му веруваме дури и тогаш кога работите не ни одат добро?**

**Лекција 5**
**Од 27 јануари до 3 февруари 2024**

# ПЕЕЊЕ НА ГОСПОДОВАТА ПЕСНА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 79,5-13; Псалм 88,3-12; Псалм 69,1-3; Псалм 22,1; Псалм 77; Псалм 73,1-20; 1. Петрово 1,17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Како да ја пееме Господовата песна во туѓа земја?“ (Псалм 137,4)**

Не треба да навлегуваме длабоко во Книгата псалми за да сфатиме дека тие се испеани во несовршен свет — свет на грев, зло, страдање и смрт. Злото постојано им се заканува на Божјите дела на создавање со кои управуваат суверениот Господ и Неговите праведни закони. Бидејќи гревот сè повеќе го расипува овој свет, земјата станува сè повеќе „туѓа земја“ за Божјиот народ. Таквата реалност го збунува псалмистот: Како да се живее живот со вера во туѓа земја?

Како што веќе видовме, псалмистите ја признаваат Божјата суверена власт и моќ, како и Неговите праведни пресуди. Тие знаат дека Бог е вечно и непоминливо прибежиште и помош во време на неволја. Од оваа причина, псалмистите понекогаш се збунети (а кој не е?) од привидното отсуство на Бога и рашireното зло пред лицето на добриот и Суверен Господ. Парадоксалната природа на псалмите како молитви се огледува во реакциите на псалмистите на Божјото привидно молчење. Со други зборови, псалмистите реагираат на Божјото наводно отсуство, како и на Неговото присуство.

# ДЕНОВИ НА ЗЛО

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 74,18-22 и Псалм 79,5-13. За што се работи овде?**

___

Псалмистот настојува да ја сфати големата борба меѓу Бога и силите на злото, и укажува на Божјата недосеглива трпеливост, како и на Неговата бескрајна мудрост и сила.

Проблемот со злото во псалмите има првенствено теолошка природа и неминовно го допира прашањето за Бога. Така, уништувањето на Ерусалим и на храмот главно се смета за своевиден божествен скандал, имајќи предвид дека тоа им дало можност на незнабошците да хулат на Бога. Божјото наследство (израелскиот народ) е симбол на Неговиот божествен избор и завет (5. Мојсеева 4,32-38; 5. Мојсеева 32,8.9) кои никогаш нема да пропаднат. Концептот на Божјето наследство содржи и една димензија поврзана со последното време, бидејќи ќе дојде ден кога сите народи ќе станат Божјо наследство и ќе Му се поклонат. Меѓутоа, помислата дека народите на светот извршиле инвазија на Божјото наследство, ги доведува во прашање тие божествени ветувања.

Несомнено е дека псалмистот признава дека гревовите на народот го нарушиле нивниот заветен однос со Бога, со што, сите тие последици, самите ги навлекле врз себе (Псалм 79,8.9). Во овој поглед, опстанокот на народот зависи исклучиво од Божјата милостива интервенција и од обновувањето на заветниот однос преку искупување од гревот. Обраќањето кон Господа со зборовите: „Боже, Спасителе наш“, ја пренесува пораката дека Тој е верен на своите заветни ветувања (Псалм 79,9).

Меѓутоа, поважно од промената на судбината на Израел е одбраната на Божјиот карактер во светот (Псалм 79,9). Ако злите постапки на народот останат неказнети, би изгледало дека Бог ја изгубил својата моќ (Псалм 74,18-23; Псалм 83,16-18; Псалм 106,47). Дури кога Бог ќе го спаси Својот народ, Неговото име ќе биде оправдано и возвишено.

Истиот принцип што важи денес, важел и тогаш. Нашите гревови, нашите потклекнувања, нашите зла, можат да донесат лош углед не само на нас самите, туку, уште полошо, на Бога чие име го исповедаме. Нашите погрешни постапки можат да имаат штетни духовни последици и за нашето сведочење и за мисијата. Колку луѓе се одвратиле од нашата вера поради постапките на оние што го исповедаат Христовото име?

**„Божјата чест и Христовата чест се поврзани со совршенството на карактерот на неговиот народ“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 671 оригинал). Како ја разбирате оваа важна вистина и што би требало таа да значи во вашиот личен христијански живот?**

## НА ПРАГОТ НА СМРТТА

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 41,1-4; Псалм 88,3-12 и Псалм 102,3-5.11.23.24. Кои искуства се опишани во овие текстови? До која мера можете да се поврзете со она што се кажува тука?**

___

Тие молитви за избавување од болести и смрт покажуваат дека Божјите деца не се заобиколени од страдањата на овој свет. Овие псалми ги откриваат страшните неволји што го снашле псалмистот. Тој е без сила, венее како трева, не може да јаде, како да е фрлен меѓу мртвите, лежи како убиен во гроб, одбивен е за пријателите, страда и е очаен. Кожата му се прилепила за коските.

Многу псалми изнесуваат претпоставка дека Господ дозволувал неволји поради непослушноста на Израел. Псалмистот признава дека гревот може да донесе болест и затоа тој зборува за простувањето кое доаѓа пред исцелувањето (Псалм 41,34). Меѓутоа, некои псалми, како што се Псалм 88 и Псалм 102, признаваат дека незаслуженото страдање на Божјиот народ е непобитен факт на животот, колку и да е тешко да се разбере.

Во Псалм 88, Бог е обвинет дека го довел псалмистот до работ на смртта (Псалм 88,6-8). Меѓутоа, забележете дека дури и кога ги изговара најсмелите жалби, тажното пекање на псалмистот очигледно е чин на вера, бидејќи суверениот Господ, и да ги дозволил овие неволји, може и да ја обнови благосостојбата на своето дете.

На прагот на смртта псалмистот се сеќава на Божјите чуда, на Неговата добрина, верност и праведност (Псалм 88,10-12). Значи, и покрај чувството дека е оборен од Бога, псалмистот и понатаму се држи за Бога. Иако страда, тој не ја негира Божјата љубов и свесен е дека неговото спасение се наоѓа единствено во Бога. Неговите апели покажуваат дека псалмистот не само што е запознаен само со страдањето, туку и дека многу добро ја познава и Божјата благодат и дека тие две не мора нужно меѓусебно да се исклучуваат.

Накратко, и тоа што Бог дозволува страдање и тоа што донесува ослободување претставува демонстрација за неговиот врховен суверенитет. Свеста за тоа дека Бог ја има контролата, влева надеж. Кога го читаме Псалм 88 во светлината на Христовото страдање, се восхитуваме на длабочините на Неговата љубов, поради која била готов да помине низ вратата на смртта заради човештвото.

**Сетете се на Исуса на крстот и на сето она што Тој претрпел поради гревот. Како овој факт, дека Бог во Христа страдал полошо од кој било од нас, би требало да ни помогне да ја сочуваме верата дури и во моменти на страдања и искушенија?**

## КАДЕ Е БОГ?

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 42,1-3; Псалм 63,1; Псалм 69,1-3 и Псалм 102,1-7. Што е тоа што му причинува најголема болка на псалмистот?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

На псалмистот не му пречат само личните и заедничките страдања, туку и, ако не и повеќе, Божјата привидна незаинтересираност за неволјите на Неговите слуги. Божјето отсуство се доживува како силна жед во сушна земја (Псалм 42,1-3; Псалм 63,1) и како смртни маки (Псалм 102,2-4). Псалмистот се чувствува оддалечен од Бога и се споредува себеси со осамена птица. „Заприлегав на пеликан во пустина; станав како був во урнатини; не спијам, седам како самотна птица на покрив“ (Псалм 102,6,7).

Спомнувањето на пустината го нагласува чувството на изолираност од Бога. Птицата што седи како „самотна птица на покрив“ (во српскиот превод, „без другар; заб. на прев.), се наоѓа надвор од своето гнездо, надвор од своето место за одмор. Псалмистот извикува кон Бога „од длабочините“, како да ќе го проголтаат силни води и како да тоне во „длабока тиња“ (Псалм 69,1-3; Псалм 130,1). Тие слики доловуваат тешка ситуација од која нема излез, освен во случај на божествена интервенција.

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 10,12; 22,1; 27,9 и Псалм 39,12. Како реагира псалмистот на Божјото привидно отсуство?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Вреди да се забележи дека псалмистите, соочени со Божјото молчење, одлучиле да не молчат. Псалмистите непоколебливо веруваат во молитвата, бидејќи молитвата е упатена кон живиот и милостив Бог. Бог и понатаму е тука, дури и кога навидум е отсутен. Тој сè уште е истиот Бог што ги слушал во минатото, и затоа се сигурни дека Тој и сега ги слуша.

Приликите во кои Бог молчи, ги наведуваат псалмистите да се преиспитуваат себеси и да Го бараат, но со признавање на гревот и понизна молитва. Тие знаат дека Бог нема да молчи засекогаш. Псалмите покажуваат дека комуникацијата со Бога мора да продолжи, без оглед на животните околности.

**Што можеме да научиме од начинот на кој псалмистот одговара на Божјото привидно отсуство? Како реагирате на моментите кога ви се чини дека Бог молчи? Што ја одржува вашата вера во таквите ситуации?**

# ДАЛИ НЕГОВОТО ВЕТУВАЊЕ ЗАСЕКОГАШ ПРОПАДНАЛО

**Прочитајте го Псалм 77. Низ какво искуство поминува неговиот автор?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Псалм 77 започнува со молба кон Бога за помош, која е придружена со оплакување и болни сеќавања од минатото (Псалм 77,1-6). Псалмистот тажно се обраќа кон Бога со целото свое битие. Тој одбива да биде утешен со какво било олеснување, освен она што доаѓа од Бога.

Меѓутоа, се чини дека мислата за Бога како да ги засилува неговите маки. „Го спомнувам Бога и воздивнувам“ (Псалм 77,3). Еврејскиот збор *hamah*, „воздивнување/офкање“, често го отсликува татнежот на бесни води (Псалм 46,3). Слично на тоа, целото битие на псалмистот се наоѓа во состојба на силен немир.

**Како помислата за Бога може да предизвика толку силно чувство на вознемиреност? Низа вознемирувачки прашања откриваат што всушност него го мачи (Псалм 77,7-9): Дали Бог се променил? Може ли Бог да го прекрши својот завет?**

Острата спротивност меѓу Божјите спасоносни дела во минатото и Божјето привидно отсуство во сегашноста, доведува до тоа псалмистот да се чувствува напуштен од Бога. Ако Бог се променил, тогаш нема надеж за псалмистот, а тоа е заклучокот што се бори да го отфрли.

Во меѓувреме, псалмистот не може да спие затоа што Господ го држи буден (Псалм 77,4). Тоа потсетува на некои други библиски личности чијашто несоница Бог намерно ја употребил за да ги спроведе своите намери (1. Мојсеева 41,1-8; Естира 6,1; Даниел 2,1-3). Долгата непроспиена ноќ го наведува псалмистот да размислува за Господовите дела на избавување во минатото, но со нов увид (Псалм 77,5.10).

Уверувањето што псалмистот го добива од Бога не се состои во објаснување на неговите лични околности, туку повеќе во потврда на Божјата верност и доверливост (како во случајот со Јов). Псалмистот е охрабрен да чека на Господа со вера, знаејќи дека Тој е истиот кој правел чуда во минатото на Израел (Псалм 77,11-18). Исто така, псалмистот сфаќа дека „твоите траги не се познаваа“ (Псалм 77,19), бидејќи го препознава Божјото водство, дури и во ситуации кога Неговото присуство не е очигледно за човечките очи. Тој доаѓа до спознание дека Бог е едновремено и откриен и скриен, и затоа ги фали Господовите таинствени и суверени патишта.

**Сетете се на некои моменти во минатото кога Господ дејствувал во вашиот живот. Како таа вистина може да ви помогне подобро да се справите со она со што се соочувате во овој момент?**

## ЗА ПРАВЕДНИЦИТЕ ДА НЕ ГИ ПОДАДАТ РАЦЕТЕ КОН БЕЗЗАКОНИЕТО

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 37,1.8; Псалм 49,5-7; Псалм 94,3-7 и Псалм 125,3. Со каква борба се соочува псалмистот?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Во овие псалми се изразува жалење поради моменталната благосостојба на злите и предизвиците пред коишто овој факт ги става праведните. Злобните не само што напредуваат, туку понекогаш и отворено го презираат Бога и ги угнетуваат другите. Збунува тоа што „жезлото на грешниците“ (Псалм 125,3) доминира со светот, додека „жезолот на правдата“ (Псалм 45,6) се чини како понекогаш да го нема. Зошто тогаш човек не треба да се откаже и да го прифати злото како што прават другите?

**Прочитајте го текстот Псалм 73,1-20.27. Што му помага на псалмистот да ја надмине оваа криза? Каков е крајот на оние кои се надеваат во пропадливите работи? (Видете и 1. Петрово 1,17)**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Сè додека псалмистот во Псалм 73 останувал сосредоточен на моменталното беззаконие во светот, тој не бил во состојба да ја согледа пошироката слика од Божја гледна точка. Напредокот на злото претставувало огромен проблем за неговата вера. Освен тоа, тој бил убеден дека неговиот аргумент за напразноста на верата се заснова на реалноста.

Меѓутоа, Псалм 73 открива дека „сето ова само укажува на неразумноста на оние кои го занемаруваат првиот стих, кој впрочем претставува резиме на целиот Псалм: ‚Колку е добар Бог кон Израел, кон оние што се со чисто срце!’“ (Johannes Bugenhagen, Reformation Commentary on Scripture; Downers Grove, IL: InterVarsity Press, 2018, p. 11).

Псалмистот потоа е воведен во светилиштето, местото на Божјото суверено владеење, и таму се потсетува дека „денес“ е само еден дел од мозаикот и дека треба да размисли за „крајот“, кога злите ќе се соочат со Божјиот суд. Фактот дека псалмистот ја разбрал оваа вистина дури во светилиштето и дека тогаш ја признал својата поранешна неразумност, покажува дека реалноста може да се спознае само преку духовниот увид, а не со човечката логика.

**На кој начин ви пружа утеха ветувањето за Божјиот суд над овој свет, и сето негово зло, иако толку многу зла засега сè уште остануваат неказнети?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните текстови: Псалм 56; Елена Г. Вајт, „Радост во Господа“, *Патот кон Христ*а, стр. 115-126 (оригинал).

Како што правеле и псалмистите, припадниците на Божјиот народ во секоја генерација одвреме-навреме се прашуваат како да ги пеат Господовите песни во „туѓа земја“ (Псалм 137,4). Нашата вера во Господовото суверено владеење може да биде доведена во прашање, понекогаш сериозно, и можеме да почнеме да се прашуваме дали Бог навистина има контрола и дали Тој е навистина толку моќен и добар како што кажува Светото писмо.

Библиската вера често подразбира неизвесност и несигурност во иста мера како и довербата и сигурноста. Понекогаш неизвесноста и несигурноста, особено при соочување со злото и Божјото привидно отсуство, можат да бидат речиси неподносливи. Сепак, никогаш не смее да постои неизвесност во врска со Бога, Неговиот топол и праведен карактер и Неговата доверливост. Псалмистите понекогаш се несигурни во поглед на иднината, но во тие прилики честопати се повикуваат на Божјата неисцрпна љубов и верност (Псалм 36,5-10; Псалм 89,2.8).

И ние треба да го следиме истиот пример. „Вложете ја сета своја сила во тоа да гледате нагоре, а не надолу кон вашите тешкотии. На тој начин никогаш нема да потклекнете на патот. Набрзо ќе го здогледате Исуса зад облаците како ја подава раката за да ви помогне. И сè што треба да направите тогаш е и вие Нему да му ја подадете својата рака со едноставна вера и да му дозволите Тој да ве води. Кога ќе стекнете доверба, тогаш, со вера во Исуса, ќе се исполните со надеж“ (Елена Вајт, *Сведоштва за црквата*, кн. 5, стр. 578, 579).

Моментите кога Бог „го крие своето лице“ не ја намалуваат ефективноста на молитвата. Напротив, тие прилики ги поттикнуваат псалмистите да се преиспитаат, да се потсетат на Божјите спасоносни дела од минатото и да го бараат Бога признавајќи ги гревовите и упатувајќи понизни молитви (Псалм 77,10-12; Псалм 89,46-52). „Верата станува посилна на тој начин што доаѓа во судир со сомнежите и спротивставените влијанија. Искуството стекнато во такви искушенија е повредно од најскапоцените камења“ (Елена Г. Вајт, *Сведоштва за црквата*, кн. 3, стр. 555).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Какви притисоци искусиле псалмистите кога се соочувале со злото? Со кои слични притисоци сте се соочувале и вие и како сте се избориле со нив? Како успевате да ја сочувате својата вера во овие времиња?**
2. **Каде да побараме одговори во миговите кога нашата вера во Бога доаѓа под удар на искушенија или луѓе кои под влијание на сопственото страдање ја доведуваат во прашање Божјата добрина и сила?**
3. **Како одговарате на вообичаеното прашање за постоењето на злото во свет што го создал и го одржува семоќниот Бог проникнат со љубов? Како мотивот на големата борба помага барем донекаде да одговориме на тој предизвик?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 6**
**3 – 9 февруари 2024**

# ЌЕ СТАНАМ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 18,3-18; Псалм 41,1-3; 5. Мојсеева 15,7-11; Псалм 82; Псалм 96,6-10; Псалм 99,1-4 и Римјаните 8,34.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Господ говори: ‘Сега ќе станам, заради страдањата на угнетуваните и заради воздишките на бедните; и ќе го поставам во безопасност за која копнее’“ (Псалм 12,5).**

Нашата доба не е единственото во кое беснее злото, неправдата и угнетувањето. И псалмистите живееле во такво време. И затоа псалмите се, меѓу другото, и Божји протести против насилството и угнетувањето во светот – во нашиот, како и во светот на псалмистот.

Да, Господ долго трпи и го задржува својот гнев, не сакајќи некој да загине, туку да се покае и да го промени својот пат (2. Петрово 3,9-15). И иако времето што Бог го одредува како право време за Неговата интервенција не секогаш се совпаѓа со очекувањата на луѓето, денот на Божјиот суд неоспорно доаѓа (Псалм 96,13; Псалм 98,9). Ние само треба да веруваме во Него и во Неговите ветувања додека не дојде тој ден.

Само Создателот, чијшто престол е заснован на правдата и вистината (Псалм 89,14; Псалм 97,2), може да обезбеди стабилност и благосостојба во светот со својот суверен суд. Двојниот аспект на божественото судење опфаќа ослободување на угнетените и уништување на злите (Псалм 7,6-17).

Тоа е она што ни е ветено, и тоа е она што всушност навистина ќе се случи еден ден – но во Божјо време, а не во наше, како што нагласува псалмистот.

## ВЕЛИЧЕСТВЕНИОТ ВОИН

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 18,3-18; Псалм 76,3 - 9,12 и Псалм 144,5-7. Како е насликан Бог во тие текстови? Што ни кажуваат овие слики за Божјата готовност да го избави својот народ?**

____________________________________________________________

Овие химни го фалат Господ за Неговата огромна надмоќ над силите на злото што му се закануваат на Неговиот народ. Тие го прикажуваат Бога во Неговото величество како Воин и Судија. Сликата на Бога како воин е честа во псалмите и ја нагласува сериозноста и итноста на Божјиот одговор на пекањето и страдањето на Неговиот народ.

„Господ загрме од небото, Севишниот го даде Својот глас: град и огнено јаглење. Ги прати своите стрели и ги распрсна, и ги расфрли секавиците; тогаш се покажаа морските дна, основите на вселената се открија, од Твојата закана, Господи, од дувањето на здивот на Твојот гнев" (Псалм 18,13-15).

Самата решителност и опсегот на Божјото дејствување треба да го отфрли секој сомнеж во Божјата голема грижа и сочувство спрема страдалниците и во Неговата способност да го победи злото. Ние само треба да чекаме Тој да го направи тоа.

Впрочем, дури и кога Божјиот народ, како во случајот со царот Давид, бил вклучен во војна – избавувањето не доаѓало преку човечките средства. Во многубројните битки против непријателите на Божјиот народ, царот Давид го фалел Бога како единствен кој е заслужен за сите победи. Давид лесно можел да си ги припише себеси заслугите за сето она што се случувало, за неговите бројни успеси и победи, но тоа не бил негов став. Тој знаел каде се наоѓа Изворот на неговата сила.

Иако вели дека Господ ги обучува неговите раце за војна (Псалм 18,34), Давид никаде во Псалмите не се потпира на своите борбени вештини. Наместо тоа, Господ се бори за Давид и го избавува (Псалм 18,47.48).

Во Псалмите, царот Давид, познат како успешен воин, ја презема својата улога на вешт музичар и го фали Господа како единствен Избавител и Старател на својот народ (Псалм 144,10-15). Давањето слава и молитвата кон Господа се извори на Давидовата сила, помоќни од секое воено оружје. Само во Бога треба да се надеваме и само Него треба да го обожаваме.

**Без оглед на даровите, вештините и успесите што сте ги имале во животот, зошто секогаш мора да имате на ум од каде потекнуваат тие? Со каква опасност се соочувате ако заборавите на тој извор?**

# ПРАВДА ЗА УГНЕТЕНИТЕ

**Прочитајте ги следните стихови: Псалм 9,18; Псалм 12,5; Псалм 40,17; Псалм 113,7; Псалм 146,6-10 и Псалм 41,1-3. Која поука се наоѓа тука за нас, дури и денес?**

_______________________________________________

Бог покажува посебна грижа и заинтересираност за правда кон различни групи на ранливи луѓе, вклучувајќи ги сиромашните, угнетените, сирачињата, вдовиците, вдовците, странците и сите на кои им е потребна помош. Псалмите, како и Законот и Пророците, се сосема јасни во врска со ова (2. Мојсеева 22,21-27; Исаија 3,13-15).

Многу Псалми го користат изразот „беден и ништожен“, избегнувајќи да ги претставаат угнетените во исклучиво национални и верски термини. Причината за ова е да се нагласи Божјата сеопшта грижа за целото човештво.

Изразот „беден и ништожен“ не е ограничен на материјалното сиромаштво, туку означува и ранливост и беспомошност. Тој израз се повикува на Божјото сочувство и ја пренесува идејата дека страдалникот е сам и дека нема друга помош освен Бога. Опишувањето на себеси како некој кој е „беден и ништожен“ укажува на искреност и љубов кон Бога, преку признавање на својата целосна зависност од Него и откажување од секоја ронка самодоверба и самопотврдување.

Од друга страна, со тоа што се грижи за загрозените (Псалм 41,1-3), народот ја покажува својата верност кон Бог. Злата направени на ранливите членови на општеството се сметале за особено гнасни гревови во библиската култура (5. Мојсеева 15,7-11). Псалмите ги вдахнуваат верните луѓе да го кренат својот глас против секоја тиранија.

Исто така, псалмите ја нагласуваат залудноста на укажувањето доверба во пропадливите човечки средства како конечен извор на мудрост и сигурност. Божјиот народ мора да се спротивстави на искушението својата вера за спасение, во крајна линија, да ја положи на човечките водачи и институции, особено кога тие отстапуваат од Божјите патишта.

Нашиот Господ, во својата благодат, се поистоветувал себеси со сиромашните, така што и Самиот станал сиромашен, за да можат преку Неговата сиромаштија мнозина да се збогатат (2. Коринќаните 8,9). Христовото богатство опфаќа ослободување од секаква тиранија предизвикана од гревот и Тој ни ветува вечен живот во Божјето царство (Откровение 21,4). Исус Христос го исполнува ветувањето од Псалмите за божествениот Судија, кој ќе го осуди секое малтретирање на загрозените, како и занемарување на должноста спрема нив (Матеј 25,31-46).

**Колку размислуваме за „бедните и ништожните“ меѓу нас и колку правиме за нив?**

## КОЛКУ ДОЛГО ЌЕ ГО ОДЛОЖУВАШ СУДОТ НА НЕПРАВЕДНИТЕ?

Господ им дал на израелските водачи власт да воспоставаат правда во Израел (Псалм 72,1-7.12-14). Од израелските цареви се очекувало да ја спроведуваат својата власт во согласност со Божјата волја. Главната грижа на водачите требало да биде да се обезбедат мир и правда во земјата и да се грижат за општествено загрозените. Само така можеле да напредуваат земјата и целиот народ. Царскиот престол се зацврстувал со верност кон Бога, а не со човечка сила.

**Прочитајте Псалм 82. Што се случува кога водачите ја извртуваат правдата и го угнетуваат народот, кој се должни да го штитат?**

___

Во 82. Псалм Бог ја изрекува својата пресуда над корумпираните израелски судии. „Боговите“ (Псалм 82,1.6) очигледно не се ниту пагански богови ниту ангели, бидејќи никогаш не биле задолжени да спроведуваат правда меѓу Божјиот народ, па затоа не може ни да им се суди што не ја исполниле. Обвинувањата спомнати во текстот Псалм 82,2-4 потсетуваат на законите на Тората, означувајќи ги „боговите“ како израелски водачи (5. Мојсеева 1,16-18; 5. Мојсеева 16,18-20; Јован 10,33-35). Бог ги испитува „синовите човечки“ дали тие судат праведно и им изрекува казна, затоа што се покажале како неправедни. Водачите талкаат во темнина (Псалм 82,5), затоа што го напуштиле Божјиот закон, кој дава светлина (Псалм 119,105).

Светото писмо непоколебливо го поддржува гледиштето дека Господ е единствен Бог. Но Бог ја дели својата власт над светот со човечките водачи, поставени да бидат Негови претставници (Римјаните 13,1). Колку често, меѓутоа, тие човечки претставници, во текот на историјата, па дури и денес, ја злоупотребувале одговорноста што им била дадена?

Псалм 82 на потсмевлив начин го разоткрива отпадништвото на некои водачи кои се сметале себеси за „богови“ над другите луѓе. Иако на израелските поглавари им дал власт и привилегии да се наречат „деца на Севишниот“ и да бидат Негови претставници, Бог се откажува од лошите водачи. Тој ги потсетува дека тие се смртни и подложни на истите морални закони како и сите луѓе. Никој не е над Божјиот закон (Псалм 82,6-8).

Бог ќе му суди на целиот свет. И Божјиот народ ќе даде сметка пред Бога. Затоа и водачите и народот треба да го имитираат примерот на божествениот Судија и да ја полагаат својата надеж, во крајна линија, само во Него.

**Каков вид моќ и авторитет имате над другите? Колку праведно и чесно го манифестирате тој авторитет? Поведете сметка за тоа.**

## ИЗЛЕЈТЕ ЈА СВОЈАТА ОГОРЧЕНОСТ

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 58,6-8; Псалм 69,22-28; Псалм 83,9-17; Псалм 94,1.2 и Псалм 137,7-9. Кои чувства ги изразуваат овие Псалми? Кој е оној што суди во тие Псалми?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Некои псалми упатуваат молба Бог да им се одмазди на поединци и народи кои имаат намера да им наштетат или веќе им наштетиле на псалмистите или на нивниот народ. Тие псалми можеби ни звучат збунувачки поради нивниот остар јазик и привидно несогласување со библискиот принцип на љубов кон непријателите (Матеј 5,44).

Меѓутоа, огорченоста што псалмистот ја чувствува при соочувањето со угнетувањето е нешто добро. Тоа значи дека псалмистите сфатиле, посериозно од повеќето луѓе, што е правилно а што е погрешно. Така и овде, него го мачи, и тоа во голема мера, злото што се прави во светот, не само нему туку и на другите.

Сепак, псалмистот никаде не се препорачува себеси како извршител на одмаздата. Наместо тоа, тој ја препушта одмаздата исклучиво во Божји раце. Псалмите се однесуваат на божествените заветни клетви (5. Мојсеева 27,9-16) и го молат Бога да постапи онака како што ветил.

Псалмите се пророчки најави за претстојниот Божји суд, а не само лични молитви на псалмистот. Псалм 137 е одраз на најавата на божествениот суд над Вавилон, како што се гледа во пророчките книги. Пустошењето што им го донеле Вавилонците на другите народи, ќе им се врати. Псалмите ги пренесуваат божествените предупредувања дека злото нема да остане неказнето засекогаш.

Божјата одмазда е одмерена според правдата и благодатта. А Божјите деца се повикани да се молат за оние кои постапуваат лошо кон нив, па дури и да се надеваат на нивното преобратување (Псалм 83,18; Еремија 29,7).

Меѓутоа, додека настојуваме да ги усогласиме овие псалми со библиската норма на љубов кон непријателите, мораме да внимаваме да не го потцениме мачното искуство изразено во нив. Бог ги гледа страдањата на своите деца и ги уверува дека „скапоцена е во очите на Господ смртта на неговите свети“ (Псалм 116,15). Реалноста на божествениот суд го обврзува Божјиот народ да го подигне својот глас против секое зло и да го бара доаѓањето на Божјото царство во неговата полнота. Псалмите им даваат глас и на оние кои страдаат, давајќи им до знаење дека Бог е свесен за нивното страдање и дека правдата сигурно ќе дојде еден ден.

**Кој понекогаш не размислува и не мечтае да им се одмазди на оние кои нему, на неа или на нивните најблиски им нанеле некоја страшна неправда? Како можат овие псалми да ви помогнат да ги поставите таквите чувства во вистинска перспектива?**

## ГОСПОДОВИОТ СУД И СВЕТИЛИШТЕТО

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 96,6-10; Псалм 99,1-4 и Псалм 132,7-9.13-18. Каде се одигрува Божјиот суд и како е поврзано тоа со нас? Како светилиштето ни помага да разбереме на кој начин Бог ќе се пресмета со злото?**

---

Господовиот суд е тесно поврзан со светилиштето.Токму светилиштето било тоа опкружување во кое се случило пресврт на сфаќањето на псалмистот во врска со проблемот на злото (Псалм 73,17-20). Светилиштето е означено како место на божествениот суд, на што укажува судењето преку Урим (4. Мојсеева 27,21) и судискиот врзградник на првосвештеникот (2. Мојсеева 28,15.28-30). Сообразно на ова, многу псалми го опишуваат Бога како седи на својот престол во светилиштето и се подготвува да му суди на светот за неговите гревови и зла.

Во светилиштето е откриен планот на спасение. Во паганството гревот го сфаќале првенствено како некаква физичка нечистотија, која морала да се отстрани со помош на магични ритуали. Спротивно на тоа, Библијата го прикажува гревот како кршење на Божјиот морален закон. Божјата светост укажува на тоа дека Тој ја сака правдата и вистината. Исто така, и Божјиот народ треба да ја бара правдата и вистината и да го слави Бога во Неговата светост. А за да го направат тоа, тие мора да го држат Божјиот закон, кој е израз на Неговата светост.

Според тоа, светилиштето е место на простување на гревовите и обновување на праведноста, на што укажуваат Божјиот престол на милоста и принесените „жртви на правда“ (5. Мојсеева 33,19; Псалм 4,5).

Сепак, „Бог кој простува“ се одмаздува над лошите дела на непокајаните луѓе (Псалм 99,8). Практичните последици од тоа што светилиштето е место на божествениот суд, се огледуваат во постојаната свесност за Божјата светост и барањата праведниците да живеат во согласност со Божјите заветни барања.

Господовиот суд од Сион резултира со благосостојба на праведниците и пораз на злите (Псалм 132,13-18). Светилиштето поттикнувало радосно исчекување на Господовото доаѓање како Судија, особено за време на Денот на помирувањето. Слично на тоа, и псалмите ја нагласуваат сигурноста на претстојното доаѓање на божествениот Судија (Псалм 96,13; Псалм 98,9), имено, на Исуса Христа во небесното светилиште (Откровение 11,15-19).

**Прочитајте Римјаните 8,34. На кој начин тој стих ни покажува зошто она што Христос го прави во небесното светилиште претставува добра вест за Неговиот народ?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Мисли од Горашта на блаженсшвашта* од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Блаженствата“, стр. 6-13.29-35 (ориг.).

Псалмите се протести против човечката рамнодушност кон неправдата. Во нив го гледаме одбивањето да се прифати злото. Тие не се мотивирани од желбата за одмазда, туку од ревноста да се прослави Божјето име. Оттука, соодветно е праведниците да се радуваат кога ќе ја видат Божјата одмазда над злото, бидејќи на тој начин Божјото име и Неговата правда се бранат пред светот (Псалм 58,10.11). Псалмите ги обврзуваат луѓето да го подигнат својот глас против злото и да го бараат доаѓањето на Божјото царство во неговата полнота. Во псалмите ни се дава уверување во божествената утеха и избавување. Затоа што Господ ќе стане!

„’Кога ќе ве срамат и прогонуваат’, кажува Исус, ‘радувајте се и веселете се’. Потоа на своите слушатели им укажал на пророците ‘кои говореле во името Господово’“, како ‘пример на страдања и долготрпението’ (Јаков 5,10). Авел, првиот христијанин меѓу потомците на Адам, умрел како маченик. Енох чекорел со Бога, но светот не можел да го сфати. На Ное му се потсмевале дека е фанатик кој внесува немир меѓу луѓето. ‘А други поднесоа подигрување и камшикување, па дури и окови и затвор’, ‘други, пак, беа мачени и не прифатија да бидат ослободени, за да добијат подобро воскресение’ (Евреите 11,36.35)“ (Елена Г. Вајт, *Мисли од Горашта на блаженсшвашта*, стр. 33 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Бидејќи болната свест за постоењето на злото во светот може да нè наведе да се запрашаме дали Господ навистина царува, како можеме да развиеме непоколеблива вера која ќе биде јака дури и под искушение? Односно, на што мораме да се сосредоточиме за да ја одржиме верата во Божјата љубов, добрина и моќ? Што треба да ни каже крстот за Бога и за неговиот карактер?**
2. **Зошто е важно да не се надеваме на човечките сили (водачи, институции и општествени движења) како извор на врвна мудрост и решенија за неправдата во светот, туку да се потпираме исклучиво на Божјата реч и Неговиот суд?**
3. **Што сè, во практична смисла, е поврзано со вистината дека светилиштето е место на божествениот суд?**
4. **Како да го разбереме остриот јазик на некои од псалмите? На кој начин тој јазик ни помага да се поврземе со човечката страна на оние што ги напишале?**

**Лекција 7**
**10 – 16 февруари 2024**

# ТВОЈАТА МИЛОСТ Е ДО НЕБЕСАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 136, Псалм 51, Псалм 130, Псалм 113, Псалм 123.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ќе Те фалам Господи, меѓу народите, ќе Ти пеам меѓу племињата. Зашто Твојата милост е до небото, Твојата верност е до облаците“ (Псалм 57,9.10).**

Псалмистите увидуваат дека се духовно сиромашни и дека немаат ништо што би му понудиле на Бога. Односно, тие немаат ништо во себе или сами по себе што би ги препорачало пред Божјиот свет престол (Псалм 40,17). Тие сфаќаат дека, како и на сите нас, им е потребна благодатта, Божјата благодат.

Накратко, им треба евангелието.

Псалмите го нагласуваат фактот дека луѓето целосно зависат од Божјата благодат. За среќа, Божјата милост е вечна, што се покажало и за време на Божјото создавање и во текот на историјата на Божјиот народ (Псалм 136). Пред вечниот Бог, човечкиот живот е минлив како трева, но Бог чувствува сомилост кон луѓето, им ја обновува силата (Псалм 103,3.5.15) и во Него им е ветена вечноста.

Божјиот народ наоѓа утеха во фактот дека Господ е верен на својот завет. Апелите на народот, колку и да се понекогаш нестрпливи, честопати се полни со надеж, бидејќи се упатени до нивниот сочувствителен небесен Татко (Псалм 103,13; Псалм 68,5; Псалм 89,26). Новите доживувања на Божјата благодат и љубов ја зајакнуваат нивната решеност да го слават Бога и да му служат само Нему и на никој и на ништо друго.

## НЕГОВАТА МИЛОСТ Е ВЕЧНА

**Прочитајте Псалм 136. Која мисла преовладува во овој Псалм? Во што наоѓа псалмистот доказ за своето преовладувачко тврдење?**

___

Псалм 136 го повикува Божјиот народ да го слави Господа за Неговата милост која се открила во делата на создавањето (Псалм 136,4-9) и во историјата на Израел (Псалм 136,10-22). „Милост“ (еврејски *khesed*, „постојана љубов“) ја пренесува идејата за Божјата добрина и верност кон Неговите дела на создавање и Неговиот завет со Израел. Овој псалм покажува дека Божјата неизмерна моќ и величественост се втемелени во Неговата постојана љубов.

Господ е „Бог на боговите“ и „Господар над господарите“, што е еврејски идиом (група зборови со посебно значење) што значи „најголем Бог“ (Псалм 136,1-3), а не во смисла дека постојат и други богови, туку дека Тој е единствениот Бог.

Најголемите Господови чуда, кои никој друг не може да ги повтори, се неоспорен показател за Неговата власт (Псалм 136,4). Бог ги создал небесата, земјата и небесните тела што ги обожаваат паганите (5. Мојсеева 4,19). Псалмите, меѓутоа, им го одземаат авторитетот на паганските богови, а во поширока смисла и на сите други човечки извори на доверба. Тие се само производи на создавањето. Тоа е само творба, а не Создател, и во тоа е клучната разлика.

Сликата на Господовата моќна рака и подигната мишка (Псалм 136,12) ја нагласува делотворноста на Божјата моќ и далекосежното влијание на Неговата милост.

Божјата милост покажана при создавањето и низ историјата треба да го поттикне Божјиот народ да има доверба во Него и да остане верен на Неговиот завет. Рефренот „вечна е Неговата милост“ се повторува 26 пати во Псалм 136, со што ги уверува неговите приврзаници дека Господ не се менува и дека ќе ги повторува своите дела на милост во секоја нова генерација. Бог се сеќава на својот народ (Псалм 136,23) и верен е на својот завет на благодатта. Верувањето во постојаната Божја милост се наоѓа во сржта на библиската вера, која подразбира радосно обожавање и доверба, како и воздржаност и покајание.

Псалм 136 (23-25 стих) завршува со порака за Божјата сеопфатна грижа за овој свет. Божјата милост не се протега само над Израел, туку и над сите дела на создавањето. Значи, овој псалм зборува за сеопфатноста на Божјата спасоносна благодат и го поттикнува целиот свет да се придружи на израелското славење на Господа (видете и: Лука 2,10; Јован 3,16; Дела 15,17).

**Во која смисла сликата на Исус на крстот, кој умира како Замена за нашите гревови, најсилно ја открива големата вистина за Бога и за тоа дека „Неговата милост е довека“?**

## СОЗДАДИ ЧИСТО СРЦЕ ВО МЕНЕ

**Прочитајте го текстот Псалм 51,1-5. Зошто псалмистот се повикува на Божјата милост?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Царот Давид го излева своето срце пред Господа, барајќи проштавање за гревовите во духовно најтемните моменти од неговиот живот (2. Самоилова 12). Простувањето е извонреден дар на Божјата благодат што Тој ни го дава „заради големата Твоја добрина" (Псалм 51,1). Царот Давид го моли Бога да не постапува со него како што заслужува неговиот грев (Псалм 103,10), туку во согласност со неговиот божествен карактер, односно со својата милост, верност и сочувство (Псалм 51,1; 2. Мојсеева 34,6.7).

**Прочитајте го текстот Псалм 51,6-19. Како е овде прикажано простувањето на гревовите? Која е целта на божественото простување?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Божественото простување подразбира нешто повеќе од чисто легално прогласување на невиност. Тој предизвикува длабока промена која проникнува до најскриените катчиња на човечкото битие (Псалм 51,6; Евреите 4,12). Тој доведува до појава на ново создание (Псалм 51,10; Јован 3,3-8). Еврејскиот збор *bara'*, преведен како „создаде", ја опишува божествената творечка сила (1. Мојсеева 1,1). Само Бог може да *bara'*. Само Бог може да произведе радикална и трајна промена во срцето на личноста која се кае (2. Коринќаните 4,6).

Давид бара да биде очистен со исоп (3. Мојсеева 14,2-8; Псалм 51,7). Тој чувствува дека неговата кривица го држи надвор од Господовото присуство, на ист начин како што на лепрозниот му е забрането да влезе во заедницата додека трае состојбата на неговата нечистота (Псалм 51,11). Тој се плаши дека жртвите не можат целосно да го очистат, бидејќи не постоела таква жртва којашто би можела да го искупи гревот на прељуба и убиство извршени со предумисла (2. Мојсеева 21,14; 2. Мојсеева 20,10).

Само безусловната божествена благодат можела да го прифати Давидовото „понизно и покајничко срце" како жртва и повторно да го врати Давида во хармонија со Бога (Псалм 51,16.17). Барајќи да биде исчистен со исоп, тој всушност сака да се врати во Божјото присуство.

**Ако Бог можел да му ја прости на Давида прељубата, измамата и убиството, колку надеж има за вас?**

## „ГОСПОДИ, АКО ГЛЕДАШ НА БЕЗЗАКОНИЈАТА...“

**Прочитајте го текстот Псалм 130. Како овде е насликана сериозноста на гревот и надежта за грешниците?**

___

Големата неволја што го снашла псалмистот е поврзана со неговите гревови и гревовите на неговиот народ (Псалм 130,3.8). Гревовите на народот се толку тешки што се закануваат да ги одвојат од Бог засекогаш (Псалм 130,3). Светото писмо ги споменува извештаите за гревовите кои се чуваат за Судниот ден (Даниел 7,10; Откровение 20,12), како и отстранувањето на имињата на грешниците од книгата на животот (2. Мојсеева 32,32; Псалм 69,28; Откровение 13,8).

Според тоа, псалмистот се моли за Божје проштавање, врз основа на кое записот за гревовите ќе биде избришан (Псалм 51,1.9; Еремија 31,34; Михеј 7,19). Тој знае дека „Бог нема гневлива природа. Неговата љубов е вечна. Неговиот ‘гнев’ може да биде предизвикан само од човековото пропуштање да ја цени Неговата љубов... Целта на Неговиот гнев не е да го рани, туку да го исцели човекот; не да го уништи, туку да го спаси Неговиот заветен народ (видете Осија 6,1.2)“ (Hans K. LaRondelle, *Deliverance in the Psalms,*Berrien Springs, MI: First Impressions, 1983, pp. 180, 181). Посебно е интересно тоа што токму Божјата подготвеност да ги прости гревовите а не да ги казни, е она што предизвикува најдлабока почит кон Него (Псалм 130,4; Римјаните 2,4). Според тоа, вистинското обожавање се заснова на восхитот спрема Божјиот карактер полн со љубов, а не на стравот од казна.

Божјите деца се повикани да чекаат на Господа (Псалм 27,14; Псалм 37,34). Еврејскиот израз *qawah*, „да се чека“, буквално значи „да се растегне“, и е корен на еврејскиот збор за „надеж“. Затоа, чекањето на Господа не е пасивно препуштање на несреќните околности, туку „протегање кон“ или желно очекување на Господовата интервенција. Надежта на псалмистот не се заснова на неговиот личен оптимизам, туку на Божјата Реч (Псалм 130,5). Верното чекање на Господа никогаш не е залудно, бидејќи по темната ноќ доаѓа утрото на божественото избавување.

Забележете како личната молитва на псалмистот станува молитва на целата заедница (Псалм 130,7.8). Благосостојбата на поединецот е неразделна од благосостојбата на целиот народ. Затоа, не треба да се молиме само за себе, туку и за нашата заедница. Како верници, ние сме дел од една заедница, а она што влијае на еден дел од заедницата влијае на сите.

**Размислете за прашањето: „Господи, ако гледаш на беззаконијата, - тогаш кој ќе се одржи, Господи?“ (Псалм 130,3) Што значи тоа за вас лично? Каде би биле вие ако Господ продолжи да гледа на вашите беззаконија?**

## СЛАВА НА ВОЗВИШЕНИОТ И МИЛОСТИВ БОГ

**Прочитајте ги текстовите Псалм 113 и Псалм 123. Кои два различни аспекта на Божјиот карактер се опишани во овие псалми?**

_______________________________________________________________

Псалмите 113 и 123 ја слават Господовата возвишеност, како и Неговата милост. Господовата возвишеност се открива преку славата на Неговото име и возвишената положба на Неговиот престол, кој е над сите народи како и над небесата (Псалм 113,4.5; Псалм 123,1). Изјавата „Кој е како Господ, нашиот Бог“ (Псалм 113,5) претставува изјава на вера дека ниту една сила, ниту внатре ниту надвор од овој свет, не може да му се спротивстави на Израеловиот Бог.

Непристапните височини на кои престојува Господ се илустрирани со фактот дека Тој е готов да се „понизи Себеси“ и „*од високо* (да) *гледа* на небото и на земјата“ (видете Псалм 113,6; додаден италик). Значи, тоа што Бог престојува во висините не го спречува да види што се случува овде долу. Господовата милост се огледува во Неговата благодатна готовност да се вмеша во работите на овој свет и да ги спаси неволните и сиромашните од нивните несреќи. Неговата великодушна рака очигледно не е скриена од Неговите слуги, иако Неговото живеалиште е во далечните небеса.

Божјата величина и грижа, кои не можат целосно да се согледаат во Божјата чудесна трансцендентност, стануваат очигледни во Божјите дела на милосрдие и сочувство. Сиромашните, угнетените и сите на кои им е потребна помош, можат од прва рака да ја искусат Божјата суверена моќ, благодарение на извонредните пресвртници што Тој може да ги направи во нивна полза. Возвишениот Бог ја покажува својата величина користејќи ја својата моќ да ги подигне паднатите. Луѓето се слободни да му пристапат на Господа, затоа што Неговата суверена величественост и надмоќ не го менуваат фактот дека Тој е нивен милостив Творец и Старател и дека тие се Негови слуги, Негови сакани деца.

Според тоа, богослужението е мотивирано не само од Божјата величественост, туку и од Неговата добрина. Прославувањето на Бога не е ограничено со време и простор (Псалм 113,2.3). Божјата величина и милосрдие најдобро се огледуваат во Исуса Христа, кој бил готов да се спушти од небото и да биде понижен до смрт на крстот за да го воздигне паднатото човештво (Филипјаните 2,6-8). И таму, на крстот, ги наоѓаме најсилните можни причини за обожавање и славење на Бога за она што го направил за нас.

**Задржете се во мислите на крстот и на она што се случило таму за вас лично. Од што ве спасил Исус? Зошто е толку важно крстот секогаш да биде на прво место во вашите мисли?**

## НЕ ЗАБОРАВАЈ НИТУ ЕДНА НЕГОВА ДОБРИНА

**Прочитајте Псалм 103. Како е прикажана тука Божјата благодат?**

______________________________________________________________

Псалм 103 ги набројува многубројните Господови благослови. Тие благослови ги опфаќаат „сите негови добрини“ (Псалм 103,2) неопходни за живот во благосостојба (Псалм 103,3-6). Тие благослови се темелат на Божјиот благодатен карактер и на Неговата верност на заветот што Тој го воспоставил со Израел (Псалм 103,7-18). Господ си „спомнува“ за човечката слабост и минливост и чувствува сомилост спрема својот народ (видете Псалм 103,13-17).

Тоа „споменување“ или потсетување е нешто повеќе од обична когнитивна (мисловна) активност. Тоа подразбира приврзаност којашто се покажува преку делата – Бог го избавува и чува својот народ (Псалм 103,3-13). Впечатливите слики во текстот Псалм 103,11-16 ја илустрираат неизмерната величина на Божјата благодат, која може да се спореди само со бескрајното пространство на небесата (Исаија 55,9).

Тогаш, како треба луѓето да возвратат на толкавата Божја добрина?

На прво место, благословувајќи го Господа (Псалм 103,1.2).

Благословот главно се сфаќа како чин на дарување некому материјални и духовни добра (1. Мојсеева 49,25; Псалм 5,12). А бидејќи Бог е изворот на сите благослови, како луѓето можат да го благословуваат Бога? Некој што е на пониска позиција може, со својата благодарност и славење, да го благословува оној што е повозвишен (1. Царевите 8,66; Книгата за Јов 29,13). Бог ги благословува луѓето правејќи им добро, а луѓето го благословуваат Бога прославувајќи ја Неговата добрина, односно покажувајќи длабока почит кон Него поради Неговиот благодатен карактер.

На второ место, на тој начин што го помнат Неговиот завет и сите добри работи што ги направил за нив (Псалм 103,2.18-22), исто како што Господ се потсетува на човековата состојба на слабост и на заветот што го склучил со својот народ (Псалм 103,3-13). Помнењето или потсетувањето е клучен аспект на односот меѓу Бога и Неговиот народ. Токму како што Бог ги помни ветувањата што му ги дал на својот народ, така и народот е должен да се сеќава на Божјата верност и да Му возврати со љубов и послушност.

Имајќи го ова на ум, овие познати зборови на Елена Г. Вајт звучат толку соодветно: „За нас би било добро секој ден да поминеме еден час во размислување за Христовиот живот. Треба да го проучуваме во секоја подробност, дозволувајќи ѝ на нашата мечта да ги опфати сите сцени, особено оние што се поврзани со крајот на неговиот живот. Ако така се занимаваме со неговата голема жртва за нас, нашата доверба во него ќе стане многу посигурна, нашата љубов ќе оживее и подлабоко ќе нè проникнува неговиот Дух. На крај, ако сакаме да бидеме спасени, мораме да ја научиме поуката за покајанието и за понизноста во подножјето на крстот“ (*Копнежот на вековите*, стр. 83 оригинал).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патот кон Христа* од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „На грешникот му е потребен Христос“, стр. 17-22 ориг.

Во Псалмите гласовите на Божјиот народ се обединуваат во прославување на Божјата вечна љубов преку еден рефрен што постојано се повторува: „Зашто неговата милост е вечна“ (Псалм 106,1; Псалм 107,1; Псалм 118,1-4,29; Псалм 136). „Да не се слави Бог, тоа би значело да се заборави на сите Негови добродетели, да не се ценат Божјите дарови. Само оние што слават, не забораваат. Размислувањето и зборувањето за Бога сè уште не е прославување. Славењето започнува кога некој ќе го признае Божјото величество и Неговите дела, и ќе возврати на нив со обожавање на Неговата добрина, милост и мудрост“ (Hans LaRondelle, *Deliverance in the Psalms*, стр. 178).

Значењето на свеченото признавање на Божјата постојана милост поприма уште подлабоко значење кога ќе се потсетиме дека Божјиот *khesed* — односно Неговата заветна добрина и верност — останува цврст и непроменлив среде човечкиот грев и бунт против Бога.

„Ние сме грешеле против него и не сме заслужни за неговата наклоност, а сепак Тој сам ставил на нашите усни најпрекрасна од сите молитви: ‘Не отфрлај нè заради своето име, не срами го престолот на својата слава, спомни си и не го раскинувај својот завет со нас’ (Еремија 14,21). Кога ќе дојдеме кај него признавајќи ја својата недостојност и грев, Тој се обврзал да ги слушне нашите вопли. Честа на неговиот престол е залог дека ќе го исполни ветувањето што ни го дал“ (*Христовите параболи,* стр. 148 ориг.).

Фактот што искуствено спознал колку Бог бил милостив кон него (Псалм 103,2), го охрабрило псалмистот да каже: „Господ им дава милост и правда на *сите* угнетени“ (Псалм 103,6; додаден италик). Затоа, крајната цел на личното сведоштво на псалмистот и прославувањето на Божјата милост во неговиот живот е да ги увери другите во Божјата добрина, за да можат и тие да го отворат своето срце кон Бога, да ја примат Неговата спасоносна милост и да Го слават (Псалм 9,11.12; Псалм 22,22-27; Псалм 66,16).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Какво практичното значење за човековото спасение има фактот дека Божјата милост е вечна? Зошто ова сепак не значи дека човекот може слободно да продолжи да греши затоа што Божјата милост е вечна?**
2. **Како да ја помириме вистината за Божјото проштавање на нашите гревови со идејата за Божјиот суд над гревот?**
3. **Како изјавите за Божјата милост во Новиот завет се согласуваат со оние од Псалмите (Ефесјаните 2,4.5; 1. Тимотеј 1,16; Тит 3,5; Евреите 4,16)?**

**Лекција 8**
**17 – 23 февруари 2024**

# МУДРОСТ ЗА ПРАВЕДНО ЖИВЕЕЊЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 119,1-16; Псалм 90; Јован 3:16; Псалм 95,7-11; Псалм 141; Псалм 128.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Научи нè така да ги броиме нашите дни, па да се здобиеме со мудро срце“ (Псалм 90,12).**

Како што видовме, Божјата благодат обезбедува простување на гревовите и создава ново срце во покајаниот грешник, кој сега живее со вера.

Божјата реч дава и упатства за праведно живеење (Псалм 119,9-16). Држењето на Божјиот закон во никој случај не е легалистичко почитување на правилата, туку живот во тесна врска со Бога, живот полн со благослови (Псалм 119,1.2; Псалм 128).

Меѓутоа, животот на праведните не е без искушенија. Понекогаш праведните може да бидат во искушение поради подмолната природа на гревот (Псалм 141,2-4), а можат дури и да му подлегнат на тоа искушение. Бог дозволува моменти на проба за јасно да се покаже верноста (или неверноста) на Неговите деца. Ако Божјите деца ги слушаат Божјите упатства и опомени, нивната вера се прочистува а нивната доверба во Господа се зајакнува. Мудроста за праведно живеење се стекнува преку динамиката на живеењето со Бога среде искушенијата и предизвиците. Според тоа, молитвата Бог да нè научи да ги броиме нашите денови за да стекнеме мудро срце (Псалм 90,12), ја одразува постојаната посветеност на тоа да чекориме по патот на верноста кон Господа.

## ВО МОЕТО СРЦЕ ЈА СКРИВ ТВОЈАТА РЕЧ

**Прочитајте Псалм 119,1-16.161-168. На кој начин треба да ги држиме Божјите заповеди и какви благослови произлегуваат од тоа?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Библијата го опишува секојдневниот живот на верата како поклонииштво („одење“) со Бога на Неговиот пат на праведноста. Животот исполнет со вера се одржува со одење „по законот Господов“ (Псалм 119,1) и „во светлината на твоето лице“ (Псалм 89,15). Тоа во никој случај не се две различни патувања. Одењето во светлината на Божјото лице значи држење на Божјиот закон. На ист начин, одењето „по законот Господов“ подразбира барање на Бога со целото срце (Псалм 119,1.2.10).

„Непорочен пат“ е уште еден израз што го користат псалмите за да го опишат праведниот живот (Псалм 119,1). Изразот „непорочен“ (или во некои преводи „чист“; заб. на прев.) опишува жртва „без мана“ што му е угодна на Бога (2. Мојсеева 12,5). Исто така, животот на праведникот, кој е жива жртва (Римјаните 12,1), треба да биде неизвалкан од љубовта кон гревот. Животот посветен на Бога е исто така „совршен пат“, што значи дека личноста зазема соодветен правец во животот кој му е угоден на Бога (Псалм 101,2.6; видете и Псалм 18,32).

Држењето на Божјите заповеди нема никаква врска со легалистичкото почитување на божествените правила. Напротив, тоа се состои од „добро разбирање“ на разликата помеѓу исправното и погрешното, доброто и злото (Псалм 111,10; видете и 1. Летописи 22,12), и ја опфаќа целокупната личност, а не само надворешните дела. Да се биде „непорочен“, да се држат Божјите заповеди и да се бара Бог со сето срце се нераздвојни ставови во животот (Псалм 119,1.2).

Божјите заповеди претставуваат откровение на Божјата волја пред светот. Тие ги поучуваат луѓето како да станат мудри и да живеат во слобода и мир (Псалм 119,7-11.133). Псалмистот ужива во законот затоа што тој го осведочува дека Бог е верен (Псалм 119,77.174).

„Оние кои го љубат Твојот Закон, уживаат голем мир, не се сопнуваат на ништо“ (Псалм 119,165). Сликата на сопнување го илустрира моралниот пад. Како светилка пред нозете на псалмистот (Псалм 119,105), Божјата Реч нè штити од искушенија (Псалм 119,110).

**Како Христос ја покажал силата на Божјата реч во својот живот (Матеј 4,1-11)? Што ни кажува ова за силата што произлегува од срцето посветено на послушноста на Божјиот закон?**

# НЀ УЧИ ДА ГИ БРОИМЕ ДЕНОВИТЕ

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 90; Псалм 102,11 и Псалм 103,14-16. Во што се огледува човековата несреќа?**

___

Гледано во светлината на вечноста, животот на едно паднато човечко суштество е само пареа. Илјада години во Божјите очи се „како ноќната стража“, која трае три или четири часа (Псалм 90,4). Во споредба со божественото време, човечкиот живот едноставно прелетува (Псалм 90,10). Дури и најсилните меѓу луѓето можат да се споредат со најслабите меѓу растенијата (Псалм 90,5.6; Псалм 103,15.16). А сепак, дури и тој краток живот е исполнет со макотрпна работа и жалост (Псалм 90,10). Дури и световните луѓе, кои немаат вера во Бога, тагуваат и жалат поради краткотрајноста на животот, особено кога тој ќе се спореди со вечноста што постои и која, како што знаат, се заканува да продолжи без нив.

Во 90. Псалм човечките неволји се доведуваат во контекст на фактот дека Бог, како нивен Творец, се грижи за луѓето. Господ бил засолниште на својот народ во сите генерации (Псалм 90,1.2). Еврејскиот збор *ma’on*, „живеалиште“, го прикажува Господа како засолниште или прибежиште на Неговиот народ (Псалм 91,9).

Бог го задржува својот праведен гнев и одново ја дава својата благодат. Псалмистот извикува: „Кој ја знае силата на твојот гнев?“ (Псалм 90,11), што значи дека никој никогаш не ја искусил полнотата на Божјиот гнев против гревот, така што сѐ уште постои надеж за луѓето да се покаат и да стекнат мудрост за праведен живот.

Според Библијата, мудроста не подразбира само интелигенција, туку и длабока почит кон Бога. Мудроста што ни е потребна е да знаеме како да ги „броиме нашите дни“ (Псалм 90,12). Тоа што можеме да си ги броиме своите денови, значи дека деновите ни се ограничени и ние сме свесни за тоа. Да се живее мудро, значи да се живее со свесност за минливоста на животот, што води кон вера и послушност. Таа мудрост се стекнува само преку покајание (Псалм 90,8.12) и Божјите дарови на проштавање, сочувство и милост (Псалм 90,13.14).

Нашиот основен проблем не потекнува од фактот дека сме создадени како човечки битија, туку од гревот и од она што гревот го направил во нашиот свет. Неговите разорни последици можат да се видат на секое место и во секој човек.

Меѓутоа, благодарение на Исуса, нам ни е обезбеден пат на избавување од нашата човечка неволја (Јован 1,29; Јован 3,14-21). Во спротивно, воопшто не би имале надеж.

**Колку брзо и да ни поминува животот, какво ветување имаме во Исуса? (видете Јован 3,16.) И каква надеж би имале без Него?**

## ГОСПОДОВИОТ ИСПИТ

**Прочитајте ги текстовите: Псалм 81,7,8; Псалм 95,7-11 и Псалм 105,17-22. Што сè вклучува божествено испитување во тие текстови?**

______________________________________________________________________

Мерива е местото каде што Израел го искушал Бог со тоа што ја довел во прашање Неговата верност и моќ да ги задоволи нивните потреби (1. Мојсеева 17,1-7; Псалм 95,8.9). Меѓутоа, Псалм 81 тоа го пресвртува на интересен начин, толкувајќи го истиот настан како време кога Бог го искушувал Израел (Псалм 81,7). И народот, поради својата непослушност и недостаток на доверба (Псалм 81,11), паднал на тој Божји испит.

Спомнувањето на Мерива испраќа двојна порака. Прво, Божјиот народ не смее да ги повторува грешките на минатите генерации, туку мора да има доверба во Бога и да оди по Неговиот пат (Псалм 81,13). Второ, иако народот паднал на испитот, Бог им помогнал кога биле во неволја (Псалм 81,7). Божјата спасоносна благодат во минатото им дава на новите генерации сигурност во Божјата благодат.

Псалм 105 покажува дека, во случајот на Јосиф, искушенијата биле Господово средство за проверка на неговата доверба во Божјата реч во поглед на неговата сопствена иднина (1. Мојсеева 37,5-10; Псалм 105,19). Еврејскиот *tsarap*, „провери“ (во македонскиот превод „потврди“; заб. на прев.), во 19. стих, се користи во смисла на „чистење“, „облагородување“, „прочистување“. Според тоа, целта на Господовото испитување на Јосифовата вера била да се отстрани секој сомнеж во Божјето ветување и да се зајакне неговата доверба во Божјото водство.

Целта на божествената дисциплина е да ги зајакне Божјите деца и да ги подготви за исполнување на ветувањето, како што е прикажано во Јосифовиот пример (Псалм 105,20-22).

Меѓутоа, отфрлањето на Божјите поуки води кон сè поголема тврдоглавост и закоравеност на срцето на самоволниот човек.

„Бог бара навремена и неспорна послушност кон Неговиот закон. Но, луѓето се успиени и парализирани од измамите на сатаната, кој им предлага разни изговори и ја руши нивната совесност, велејќи им како и на Ева во градината: ’Нема да умрете‘. А непослушноста не само што ги закоравува срцето и совеста на виновникот, туку и тежнее да ја расипе верата и на другите. Затоа што она што на почетокот им изгледало многу погрешно, постепено престанува да биде така бидејќи постојано им е пред очи. И така тоа трае сè додека конечно не се запрашаат дали тоа воопшто е грев и несвесно не паднат во истата заблуда“ (Елена Вајт, *Сведоштва за црквата*, кн. 4, стр. 146).

**Какво е вашето лично искуство кога станува збор за тоа како гревот го стврднува срцето? Зошто таа мисла би требало да нè упати кон крстот, каде што можеме да најдеме сила за послушност?**

# ИЗМАМНОСТА НА ЛОШИОТ ПАТ

**Прочитајте го текстот Псалм 141. За што се моли псалмистот?**

______________________________________________________________________

Псалм 141 е молитва за заштита од искушенијата што демнат однадвор и однатре. Псалмистот не само што е загрозен од плановите на злите (Псалм 141,9.10), туку е во искушение и самиот да се однесува како злите. Неговата прва слаба точка е самоконтролата во говорот и затоа се моли Господ да ја чува вратата на неговата уста (Псалм 141,3). Таа слика потсетува на чување на градските порти, кои го штителе градот во библиско време.

Искушение е и кога Божјото дете се двоуми дали да ги послуша советите на праведните или да се препушти на насладите на злите (Псалм 141,4.5). Псалмистот го доживува своето срце како главна закана, бидејќи тука се одвива вистинската битка. Само постојаната молитва со целосна доверба и преданост на Бога може да го спаси Божјото дете од искушението (Псалм 141,1.2).

**Прочитајте: Псалм 1,1 и Псалм 141,4. Како овде е прикажан прогресивниот (растечки) и лукав карактер на искушението?**

______________________________________________________________________

Стихот Псалм 141,4 ја опишува прогресивната природа на искушението. Прво, самото срце е склоно кон злото. Второ, тоа го поттикнува вршењето на лоши дела (значењето на еврејскиот израз што се употребува тука, ја нагласува повторливата природа на делата). Трето, срцето се храни со сластите на злите, односно ги прифаќа нивните лоши постапки како нешто пожелно.

Слично на тоа, во текстот Псалм 1,1 искушението доаѓа за да го спречи Божјото дете да оди по Господовиот пат, наведувајќи го да оди со злите, да стои на патот на грешниците и, конечно, да седи во друштво на потсмевачите.* Грешници, зли луѓе и потсмевачи – не треба да бидеме како нив или да им дозволиме да нè оддалечат од Господа.

Псалмите го опишуваат прогресивниот, примамлив и лукав карактер на искушението, што го нагласува фактот дека само целосната зависност од Господа може да обезбеди победа. Псалмите ја нагласуваат важноста на зборовите што некој ги изговара и слуша кога се наоѓа во искушение. Завршетокот на животниот пат на злите, како и на праведните, треба да ги научи луѓето да бараат мудрост од Бога (Псалм 1,4-6; Псалм 141,8-10). Сепак, и во двата псалма, конечното оправдување на Божјите деца останува во иднината. Тоа значи дека верниците се повикани трпеливо да му веруваат на Бога и да Го чекаат.

* „Блажен е човекот кој не оди по советот на нечесните, и не стои на патот на грешниците, и не седи во седиштето на потсмевачите“ (Псалм 1,1 Константинов).

## БЛАГОСЛОВИТЕ НА ПРАВЕДНОТО ЖИВЕЕЊЕ

**Прочитајте Псалм 1,1-3; Псалм 112,19 и Псалм 128. Какви благослови им се ветени на оние кои длабоко го почитуваат Господа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Од бројните благослови ветени на оние кои го почитуваат Господа, мирот е веројатно еден од најголемите. Првиот псалм ги опишува праведните како слични на дрво засадено покрај поток, кое го дава својот плод навреме и чиј лист зиме не венее (Псалм 1,3; Еремија 17,7.8; Езекиел 47,12). Таа сличност укажува на изворот на сите благослови, имено, на одморот во Божјото присуство во Неговото светилиште и уживањето во постојаниот заемен однос со Бога полн со љубов. За разлика од злите, кои се опишани како плева, без стабилност, место и иднина, праведниците се како плодно дрво со корен, сместено близу до Бога, на изворот на вечниот живот.

Текстот Псалм 128,2.3 потсетува на благословите на месијанското царство, каде што седењето под сопствената лоза и смоква претставува симбол за мир и благосостојба (Михеј 4,4). Благословот на мирот над Ерусалим (Псалм 122,6-8; Псалм 128,5.6) ја пренесува пораката на надеж во Месија кој ќе стави крај на злото и ќе го обнови мирот во светот.

„Во Библијата наследството на спасените се нарекува татковина (Евреите 11,14-16). Таму небесниот Пастир своето стадо го води на извори на жива вода. Дрвото на животот ги носи своите плодови секој месец, а неговите лисја служат (за исцелување) на народот. Таму течат потоци кои вечно жуберкаат, бистри како кристал, на чиишто брегови се лелеат дрвја кои со своите сенки ги постилаат патеките што им ги приготвил Господ на откупените. Таму пространите рамнини прераснуваат во прекрасни брекчиња зад кои Божјите гори ги издигнуваат своите величествени врвови. На тие тивки полјани, покрај тие живи потоци, Божјиот народ, кој бил толку долго патник и поклоник, ќ е најде своја татковина.“ (Е. Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 675 ориг.).

Новиот завет го опишува исполнувањето на таа надеж при второто Христово доаѓање и создавањето на новиот свет (Матеј 26,29; Откровение 21). Според тоа, иако праведниците добиваат многу благослови веќе во овој живот, полнотата на Божјата благодат ги чека дури кога Неговото царство целосно ќе биде обновено на крајот на времето.

**Зошто крстот, и она што се случило на него, е гарант за ветувањата што ги наоѓаме во Новиот завет за она што Бог го подготвил за нас? Како можеме да црпиме утеха од тие ветувања уште сега?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во овие модерни времиња, стекнувањето мудрост изгледа не е толку пожелно како постигнувањето среќа. Луѓето повеќе би сакале да бидат среќни отколку мудри. Меѓутоа, дали воопшто можеме да бидеме вистински среќни и да водиме исполнет живот без божествената мудрост? Псалмите јасно кажуваат дека не можеме. Сепак, добрата вест е дека не сме ни повикани да бираме меѓу мудроста и среќата; затоа што Божјата мудрост носи вистинска среќа.

Еден едноставен пример од еврејскиот јазик може да ја илустрира оваа мисла. На еврејски, зборот „чекор“ во множина (*’ashurei*) звучи многу слично на зборот „среќа“ (*’ashrei*). Можеби оваа асоцијација може да не биде доловена во нашите преводи, но таа испраќа моќна порака: „чекорите“ што го следат Божјиот пат водат кон „среќен“ живот (Псалм 1,1; Псалм 17,5; Псалм 37,31; Псалм 44,18 Псалм 89,15; Псалм 119,1). Во Библијата, ниту мудроста ниту среќата не се апстрактни поими, туку реално искуство.

Тоа се наоѓа во односот со Бога и се огледува во длабоката почит, славењето, довербата и наоѓањето сила во Бога. Текстот Псалм 25,14 гласи: „Господ е близу до оние, кои се бојат од Него, и ќе им го покаже Својот Завет“.

„Да му заблагодариме на Бога за блескотните сцени што ни ги покажал. Да ги собереме сите благословени докази на неговата љубов за постојано да можеме да го гледаме Божјиот Син како го напушта престолот на својот Отец, облекувајќи ја својата божествена природа со човечка за да може да го избави човекот од силата на сатаната; неговата победа заради нас, која на човекот му го отворила небото и на човечкиот поглед му овозможила да навлезе во просторите во кои живее Божеството и ја открива својата слава; грешниот род издигнат од понорот на пропаста во кој го турнал гревот и повторно доведен во врска со бесконечниот Бог, и откако ја издржал божествената проба со вера во нашиот Откупител, облечен во Христова праведност и издигнат на неговиот престол – тоа се сцени за кои Бог сака да размислуваме!“ (Е. Г. Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 118 ориг.).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Како Божјата реч може да стане извор на уживање а не само на поука и упатства? На кој начин „јадењето“ на Божјата Реч е поврзано со престојувањето во Исуса Христа, кој е Речта (Јован 1,1; Јован 15,5.7)?**
2. **Што се случува кога луѓето свесно и постојано го отфрлаат Божјото учење (Псалм 81; Псалм 95)? Што мислите, зошто се случува ова?**
3. **Зошто патот на злите понекогаш изгледа попожелен од советот на праведните (Псалм 141)? Односно, како да се справиме со фактот дека на безбожните честопати многу добро им оди во животот?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 9**
**Од 24 февруари до 1 март 2024 г.**

# БЛАЖЕН Е ОНОЈ КОЈ ОДИ ВО ИМЕТО ГОСПОДОВО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 23; Јован 10,11-15; Псалм 22; Псалм 89,27-32; Колошаните 1,16; Псалм 2; Евреите 7,20-28.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Каменот што го отфрлија ѕидарите, стана крајаголен камен. Тоа е од Господа и прекрасно е во нашите очи!“ (Псалм 118,22.23)**

Псалмите сведочат за Христовата личност и служба.

Речиси сите аспекти на Неговото дејствување во планот на спасението може да се видат во псалмите. Во нив Христовиот живот и дело се различно претставени и проречени, често со извонредна точност.

Темите опфатени во псалмите ги вклучуваат Христовото божество, Христос како син, Неговата послушност и ревносност за Божјиот храм, Неговиот идентитет како Добар Пастир, предавството и страдањето што ги доживеал, фактот дека Неговите коски не биле скршени, Неговата смрт, воскресение, вознесение, свештенство и царство. Сè е тука, како што било пророкувано со векови пред Исус да дојде во тело.

Не е ни чудо што Исус, на пример, кога им зборувал за својата служба на учениците на патот за Емаус, им укажал и на псалмите (Лука 24,44). Тој сакал да најдат докази во псалмите за тоа кој е Тој.

Некои од псалмите имаат свое типолошко исполнување во Христа, како што се псалмите 24, 45, 72 и 101 (идеалниот Цар и Судија), 88 и 102 (молитвите на Божјиот слуга што страда).

Во сите псалми, преку тажаленки на псалмистите, преку нивните изрази на благодарност, химни и повици за правда и избавување, можеме да го чуеме одекот на Христовата молитва за спасение на светот.

## БОЖЕСТВЕН САМОПОЖРТВУВАН ПАСТИР

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 23; Псалм 28,9; Псалм 80,1; Псалм 78,52.53; Псалм 79,13 и Псалм 100,3. Како е прикажан односот меѓу Господа и Неговиот народ во овие текстови?**

______________________________________________________________

Сликата на Господ како Пастир и Божјиот народ како овци на Неговото пасиште го нагласува Божјото водство, Неговата грижа за народот и зависноста на луѓето од Бога да ги задоволи сите нивни потреби. Таа слика ја доловува блискоста меѓу Бога и Неговиот народ, бидејќи пастирите живееле со своето стадо и се грижеле за секоја овца поединечно. Таа пасторална слика ја нагласува и Божјата сопственост над Неговото стадо, загарантирана со две силни „врски“: создавањето (Псалм 95,6.7; Псалм 100,3) и заветот (Псалм 28,9; Евреите 13,20).

Сликата на божествениот Пастир кој ги води Јосифовите синови како стадо (Псалм 80,1), веројатно алудира на Јакововото благословување на Јосиф, со кое псалмистот го претставува Бога како пастир на Израел и се повикува на тоа големо ветување и благослов (1. Мојсеева 49,24).

Царевите биле сметани за пастири на својот народ (2. Самоилова 5,2). Меѓутоа, само Бог навистина ја заслужува таа титула бидејќи повеќето човечки цареви не биле дораснати на таквиот повик. Само Исус живеел според барањата на тој повик, поради што е познат како Добриот Пастир.

**Прочитајте го текстот Јован 10,11-15. Што рекол Исус за себе како Добар Пастир?**

______________________________________________________________

Блиската врска меѓу божествениот Пастир и Неговото стадо се огледува во тоа што стадото непогрешливо го препознава гласот на Пастирот (Јован 10,4.27). До денешен ден пастирите од Блискиот Исток успеваат да ги раздвојат заталканите стада на тој начин што ги повикуваат своите овци, кои го препознаваат и го следат гласот на својот пастир.

Меѓутоа, Божјото стадо повремено трпи разни неволји што луѓето ги сфаќаат како знак на Божјо негодување и напуштање. Но всушност, Добриот Пастир никогаш не ги напушта своите изгубени овци, туку се обидува да ги спаси. Тоа е моќна слика за Божјиот однос спрема Неговиот народ. Тој е готов да умре за своите овци (Јован 10,11.15) и, парадоксално, да стане жртвено јагне наместо нив (Јован 1,29). Освен тоа, Исус потврдил дека ќе ги повика своите овци и од други стада, и дека ќе ги обедини во едно стадо (Јован 10,16).

**Како можеме да уживаме на секојдневно и практично ниво во она што ни е ветено врз основа на тоа дека Исус е нашиот добар Пастир?**

# МЕСИЈА КОЈ СТРАДА

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 22 и Псалм 118,22. Како постапиле кон Месија оние коишто Тој дошол да ги спаси?**

________________________________________________________________

Многу псалми го изразуваат болното чувство на крајната напуштеност на Месија кој страда (на пример: Псалм 42, Псалм 88, Псалм 102). Псалм 22 е директно месијанско пророштво, бидејќи многу од деталите во него не можат историски да се поврзат со царот Давид, но тие совршено одговараат на околностите на Христовата смрт. Исус на крстот се молел со зборови од стихот Псалм 22,1 (Матеј 27,46).

Маките на Христовото одвојување од Отецот, предизвикана од фактот дека тој ги понел гревовите на целиот свет, може да се мери само со силата на нивната меѓусебна блискост, односно на нивното неспоредливо единство (Јован 1,1.2; Јован 10,30). Но, ниту длабочините на тоа несогледиво страдање не можеле да го скршат единството меѓу Отецот и Синот. Во својата целосна напуштеност, Христос безусловно му се доверил на Отецот, и покрај крајната длабочина на очајот со којшто се соочил.

„Врз Христа како наша замена и гаранција е положено беззаконието на сите нас. Тој се вброил меѓу престапниците за нас да нè откупи од осудата на Законот. Неговото срце го оптоварувала кривицата на секој Адамов потомок. Божјиот гнев кон гревот, страшниот израз на неговото незадоволство кон неправдата, ја исполнувале со ужас душата на неговиот Син“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 753 оригинал).

Заканувачките слики на животни, како силни бикови, лавови кои рикаат и кучиња, ја нагласуваат суровоста и непријателството на луѓето со кои Христос, кој е спореден со безопасен и беспомошен црв, се соочил во своите последни часови. Со неверојатна точност, Псалм 22 ги пренесува отровните забелешки на толпата што го исмејувала Исуса со зборови што Тој самиот му ги упатувал на Отецот (Псалм 22,1.8; Матеј 27,43) и на војниците кои ја делеле Неговата облека (Псалм 22,18; Матеј 27,35). Во тоа време тие не ни помислувале дека „црвот“ што сакале да го згазат може да стане главен „камен темелник“ на Храмот, кој трајно ќе го зацврсти неговиот темел (Псалм 118,22).

Меѓутоа, отфрлениот Месија, по неговото воскресение од мртвите, станал Извор на спасение за Божјиот народ (Матеј 21,42; Дела 4,10-12). Христос претрпел отфрлање од луѓето, но Бог го прославил својот Син правејќи го главен „аголен“ камен на Божјиот духовен храм (Ефесјаните 2,20-22; 1. Петрово 2,4-8). А за оние кои го отфрлаат тој Камен, односно Божјиот пат на спасение, Тој ќе стане извршител на судот (Исаија 8,14; Матеј 21,44).

**На крстот Исус го презел врз себе и ја платил казната за секој грев што некогаш сте го направиле. На кој начин фактот дека тој страдал за вас треба да влијае на тоа како живеете сега, односно зошто гревот треба да ви стане крајно одбивен?**

## ЗАСЕКОГАШ ВЕРЕН НА СВОЈОТ ЗАВЕТ

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 89,27-32.38-46 и Псалм 132,10-12. Која е суштината на давидовскиот завет? Што можело навидум да го загрози?**

___

Давидовскиот завет го содржи Божјото ветување за вечна поддршка на Давидовата лоза и благосостојбата на Божјиот народ (2. Самоилова 7,5-16; Псалм 89,1-4, 19-37; Псалм 132,12-18). Вечното траење на тој завет се заснова на Божјата свечена заклетва и царевата верност кон Бога. Меѓутоа, дури и лојалните цареви, како што бил царот Давид, не му биле секогаш верни на Господа. Псалм 89 ја оплакува суровата реалност која се чини како да навестува дека славните ветувања од давидовскиот завет се изгубени. Дали Израел бил безнадежно напуштен од Бога? Се разбира, одговорот е - не!

Но – да, Божјиот гнев е израз на божествен суд (Псалм 38,1; Псалм 74,1). Сепак, тоа не трае вечно, бидејќи Бог во својата вечна љубов им ги простува гревовите на луѓето кога ќе се покаат. Меѓутоа, додека трае, Божјото незадоволство од Неговиот грешен народ може да биде многу сериозно. Луѓето ги чувствуваат горчливите последици од нивната непослушност и ја увидуваат тежината на своите гревови (Псалм 89,38-46). Па сепак, тие прашуваат: „До кога?“, мислејќи на минливата природа на Божјиот гнев (Псалм 89,46). Обновената надеж извира од новото уверување дека Бог, кој им е верен, ќе си „спомне“, ќе се сети на својата благодат (Псалм 89,47.50).

Накратко, иако човечката страна го погазила заветот, луѓето можат да се одморат во ветувањето за Божјите непроменливи планови во врска со Месија, кој ја отелотворува сета праведност и спасение на Израел и на целиот свет. Со други зборови, Бог на крајот ќе победи и Неговото вечно царство ќе биде воспоставено засекогаш – но само благодарение на Исуса, а не поради Божјиот народ.

Исус Христос е син Давидов и Месија (Матеј 1,1; Евреите 1,8). Се вели дека тој е „првороден пред секое создание“ (Колошаните 1,15), со што се алудира на стихот Псалм 89,27, каде што Давид, кој бил тип на Христос, се нарекува Божји првороденец. „И Јас ќе го направам првороден син, повисоко од земните цареви“.

Јасно е дека називот „првороден“ не го означува биолошкиот статус на Давид, бидејќи тој бил осмо дете на неговите родители (1. Самоилова 16,10.11). Исто е и со Исуса. Тој назив укажува на посебната чест што му припаѓа Нему и на Неговиот врховен авторитет (Колошаните 1,16.20-22). Кога Го воскреснал од мртвите, Бог го поставил Исуса за суверен Цар над целиот свет (Дела 2,30.31).

**Прочитајте Колошаните 1,16.20-22. Што нѐ учат овие стихови за тоа кој е Исус и што направил Тој за нас? Кое ветување од овој текст можете да го присвоите за себе лично?**

## ВЕЧЕН ЦАР СО НЕСПОРЕДЛИВА МОЌ

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 2; Псалм 110,1-3; Псалм 89,4.13-17 и Псалм 110,5.6. Што можеме да научиме од овие текстови за Христа како Цар?**

___

Бог е опишан Отец на Месија и тоа упатува на крунисувањето на цар, кога царот бил примен во заветен однос со Бога (Псалм 2,7; Псалм 89,26-28). Стихот Псалм 2,7 го предвидува Христовото воскресение и устоличување како раѓање на новиот вечен завет и Христовото царско свештенство (Дела 13,33-39; Евреите 1,5; Евреите 5,5). Месија седи од десната страна на Бога како Оној кој поседува неспоредлива чест и авторитет (Псалм 110,1; Дела 7,55.56). „Понатаму, односот меѓу Господа и ‘помазаникот’ (Месија) дури укажува и на намерата овој давидовски Месија да се поистовети со самиот Господ... Ако Господ е тој што седи од десната страна, тогаш Господ е Месија, бидејќи и вториот седи од десната рака [видете Псалм 110,1.5]“ (Jacques Doukhan, On the Way to Emmaus; Clarksville, MD: Lederer Books, 2012; pp. 26, 27).

На крајот, Христос ќе извојува апсолутна победа над своите непријатели. Да се направи од непријателот „подножје“, претставува слика што потсетува на обичајот на древните владетели од Блискиот Исток да ја ставаат ногата на вратот на нивните поразени непријатели, за да покажат целосна надмоќ над нив. Меѓутоа, Христовата палка не е орудие на терор (Псалм 2,9; Псалм 110,2).

Палката („стап/жезол“) првично го носеле племенските старешини како симбол на нивното племе (4. Мојсеева 17,2-10). Христовата палка потекнува од Сион, затоа што Тој го претставува народот на Сион. Неговата палка е симбол на божествениот суд, со кој завршува владеењето на злото и се воведува сувереното владеење на Исуса Христа (Откровение 2,27; Откровение 12,5). Во исто време, дури и на злите цареви им се дава можност да се покаат и да му се покорат на Месија (Псалм 2,10-12).

Сликовит опис на конечната Христова победа наоѓаме во предадвентната сцена од текстот Даниел 7, кој покажува дека, откако судот „кој им ја досуди правдата на Светите на Сѐвишниот“ (Даниел 7,22), Неговото царство е воспоставено, а „Неговото царство е вечно царство“ (Даниел 7,27). Благодарение на крстот, тоа ветување за царството е осигурано.

Благословот им е ветен на сите што имаат доверба во тој Цар, и народот се радува на сувереното и праведно владеење на Месија (Псалм 2,12; Псалм 89,15-17).

**Колку е убаво да се знае дека, на крајот, доброто навистина ќе го победи злото, дека правдата ќе биде спроведена, а болката и страдањата засекогаш ќе се надминат. Во која смисла таа вистина треба да ни влева утеха сега, кога, од човечка перспектива, изгледа дека злото напредува?**

## ВЕЧЕН СВЕШТЕНИК ПО РЕДОТ МЕЛХИСЕДЕКОВ

**Прочитајте го текстот Псалм 110,4-7. Што го прави Христовото свештенство единствено, и која голема надеж можеме да ја најдеме во Неговото небесно свештенство?**

Бог го обдарува Месија со вечно царство (Псалм 110,1-3) и со свештенство од повозвишен ред, редот Мелхиседеков (Псалм 110,4-7). Господ ја запечатува својата реч со свечена заклетва (Евреите 6,18). Божјата заклетва дека нема да се поколеба во намерата да ни даде совршен Свештеник, претставува знак на Неговата благодат. Човечките гревови и отворените бунтови постојано го предизвикуваат Бога да го напушти својот народ, но Божјата заклетва е непроменлива. Таа гарантира дека Божјата благодат ќе се покаже преку отповикување на Неговата осуда над оние што ќе се покаат (2. Мојсеева 32,14; Псалм 106,45).

Таа божествена заклетва внесува еден нов елемент во давидовскиот завет, објавувајќи дека месијанскиот Цар едновремено е и Свештеник (Псалм 110,4). Израелските цареви не смееле да извршуваат служба како левитски свештеници (4. Мојсеева 8,19; 2. Летописи 26,16-21). Кога во Светото писмо се спомнува дека царевите и народот принесувале жртви, се подразбирало дека тие своите жртви им ги носеле на свештениците, кои потоа му ги принесувале на Бога. Псалм 110 го одвојува месијанскиот Цар од другите израелски цареви и свештеници. Христовото вечно свештенство потекнува од Мелхиседек, кој во исто време бил цар на Салим (Ерусалим) и „свештеник на Севишниот Бог“ (1. Мојсеева 14,18-20). Никаде во Стариот завет не се зборува за тоа дека царот Давид или кој било друг цар на Израел бил свештеник според редот Мелхиседеков, освен во Псалм 110. Затоа е јасно дека овој псалм зборува за единствениот цар-свештеник во историјата на Израел.

**Прочитајте го текстот Евреите 7,20-28. Што сè е поврзано со Христовото повозвишено свештенство?**

Бидејќи Тој е и божествен Цар и вечен Свештеник, Христос е незамисливо повозвишен од човечките свештеници и цареви – според тоа, има надеж за нас. Христос е носител на повозвишен завет, кој се заснова на Божјата заклетва, а не на човечки ветувања. Тој врши служба во небесното светилиште. Неговото свештенство не подлежи на грев или смрт, како што е случај со човечките свештеници, и затоа, Тој секогаш може да посредува за Својот народ и да го спаси засекогаш. Делото на помирување кое Христос го остварил како совршен и сочувствителен Свештеник, му дава на Неговиот народ трајна сигурност дека ќе престојува во самото Божје присуство (Евреите 6,19.20). Христовото царско свештенство ќе го укине владеењето на злото, не само во човечкото срце, туку и во светот. Тој ќе го одржи ветувањето од 2. Псалм, дека секој народ и владетел ќе биде подложен на царскиот суд на Христа Исуса (Псалм 2,6-9; Псалм 110,1.2.5.6). Исус, како наш прекрасен царски свештеник, апсолутно полага право на нашата послушност и доверба.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Копнежот на вековите* од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Бог со нас“, стр. 19-26 (оригинал).

Имајќи предвид дека тие истовремено се и Христови молитви и молитви за Христа, Псалмите даваат единствено откровение на Христовата личност и откупителската служба што Тој ја врши како Оној кој е „Бог со нас“ (Матеј 1,23). Исус е „Бог со нас“ додека во молитва се бориме со чувството на напуштеност и длабоко страдање. Тој е „Бог со нас“ кога пекаме за правда и избавување. Исус е „Бог со нас“, затоа што не нѐ препушта на нашата изгубеност и очај, туку ни го покажува патот на победничката вера. Тој станал наш вечен Свештеник и Цар, за да нѐ спаси од вечната пропаст на гревот. Во Христа, совршениот давидовски Цар, сите Божји свечени ветувања за спасение го наоѓаат своето исполнување (2. Коринќаните 1,20).

Елена Г. Вајт проникливо го опишува Христовото единство со човештвото: „Со својата човечка природа Христос го допрел човештвото; со својата божествена природа бил поврзан со Божјиот престол. Како Син човечки ни дал пример на послушност; како Син Божји ни дава сила да послушаме. Христос бил тој кој од грмушката на планината Хорив му проговорил на Мојсеја зборувајќи: ‘ЈАС СУМ ОНОЈ ШТО Е ... Вака ќе им кажеш на синовите Израелови: ‘ЈАС СУМ ме прати кај вас’ (2. Мојсеева 3,14). Тоа било гаранција за ослободување на Израел. Кога дошол ‘како втор Адам’ (Филипјаните 2,7), Тој се претставил како ЈАС СУМ. Детето од Витлеем, кроткиот и понизен Спасител, е Бог кој се „јави во тело“ (1. Тимотеј 3,16). А нам ни вели: ‘ЈАС СУМ добар пастир’. ‘ЈАС СУМ жив леб.’ ‘ЈАС СУМ пат, вистина и живот.’ ‘Ми се даде секоја власт на небото и на Земјата’ (Јован 10,11; 6,51; 14,6; Матеј 28,18). ЈАС СУМ темел на секое ветување. ЈАС СУМ, не плашете се. ‘Бог со нас’ е гаранција за нашето ослободување од гревот, сигурност на нашата сила да го послушаме небесниот закон“ (*Копнежот на вековите,* стр. 24, 25 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како Бог покажал непоколеблива верност на својот завет и покрај неверството на народот? Каква сигурност им обезбедува тоа денес за Божјите деца кои се борат?**

**2. На кој начин Христовото единствено и возвишено свештенство според Мелхиседековиот ред ја зајакнува сигурноста на спасението на Божјиот народ?**

**3. Евангелијата откриваат дека многу месијански ветувања од Псалмите се исполниле во Исуса Христа. Како ова ни ја докажува веродостојноста на Божјата Реч? Зошто мора да се спротивставиме на секој став, мислење и чувство што ја слабее нашата доверба во Божјата Реч?**

**4. Која голема утеха можеме да најдеме во Христовите зборови: „Дадена Ми е сета власт на небото и на земјата“ (Матеј 28,18)? Како да го примениме ова ветување на нашето лично искуство?**

**Лекција 10**

**2 – 8 март 2024**

# ПОУКИ ОД МИНАТОТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 78; Псалм 105; Галатјаните 3,29; Псалм 106; Псалм 80; 4. Мојсеева 6,22-27; Псалм 135.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Она што чувме и научивме, што ни раскажуваа татковците, не ќе го криеме од нивните деца, ќе го предадеме на идното поколение: Господовата слава и Неговата сила, и чудесните дела што ги направи“ (Псалм 78,3.4).**

Во многубројните псалми, пофалната песна поприма облик на нарација за Господовите силни дела на спасение. Овие псалми често се нарекуваат „псалми на историјата на спасението“ или „историски псалми“. Некои од нив му се обраќаат на Божјиот народ, велејќи му да учи од својата историја, особено од своите грешки и од грешките на своите предци. Одредени историски псалми содржат некоја преовладувачка химна, која ги истакнува прекрасните дела што Бог ги направил во минатото во полза на својот народ и која ја зајакнува нивната доверба во Господа, кој е верен и способен да го избави дури и од сегашните неволји.

Посебната привлечност на историските псалми се огледува во тоа што ни помагаат да го согледаме нашиот живот како дел од историјата на Божјиот народ и да го сметаме тоа минато за свое. Бидејќи, преку Христа сме посвоени во семејството на историскиот Божји народ (Римјаните 8,15; Римјаните 9,24-26; Галатјаните 4,6.7), историското наследство на древниот израелски народ навистина претставува извештај и за нашето духовно потекло. Затоа можеме и треба да учиме од нивното минато, кое е и наше.

Конечната цел е да сфатиме како секоја генерација на Божјиот народ има мала, но значајна улога во величественото остварување на Божјите суверени намери низ историјата во рамките на големата борба.

## ГОСПОДОВАТА НЕЗАПИРЛИВА ВЕРНОСТ

**Прочитајте го текстот Псалм 78. Кои три клучни историски епохи се истакнати во тој псалм? Какви поуки, кои одново се повторуваат, ги извлекува Асаф од секој од тие периоди?**

____________________________________________________________

Овие осврти на минатото на Израел ја изнесуваат на виделина Божјата верност и неверството на народот. Тие, исто така, требало да ги научат идните генерации да не ги повторуваат грешките на своите предци, туку да се надеваат во Бога и да останат верни на Неговиот завет. Псалмистот го користи историскиот извештај како парабола (Псалм 78,2), што значи дека луѓето треба длабоко да размислуваат за поракати на тој псалм и сами за себе да го истражуваат неговото значење. Стихот Псалм 78,2 е пророчки опис на Исусовиот метод на поучување преку параболи (Матеј 13,34.35).

Псалмот, исто така, се осврнува на времето на излегувањето од Египет (Псалм 78,9-54), населувањето на Ханан (Псалм 78,55-64) и на владеењето на царот Давид (Псалм 78,65-72). Тој ги покажува Господовите славни дела и ги открива последиците од кршењето на заветот со Бога од страна на народот. Израелската историја бележи многу форми на неверство на народот кон Бога, а особено нивното идолопоклонство (Псалм 78,58).

Меѓутоа, псалмистот нагласува каде се наоѓа коренот на израелското неверство – заборавиле што направил Бог за нив, не му верувале, го искушавале Бога (Псалм 78,18.41.56), се бунтувале против Него, не го држеле Неговиот закон, Неговиот завет, ниту Неговите сведоштва (Псалм 78,10.37.56). Нагласувајќи ги овие конкретни облици на неверство, псалмистот порачува дека отфрлањето на Израел во текот на историјата било последица на еден единствен суштински грев, имено, народот пропуштил да се потпре на Господа (Псалм 78,7.8).

Кога го читаме тој псалм, стоиме зачудени пред упорната тврдоглавост и духовно слепило на народот, наспроти Господовото бескрајно трпение и Неговата благодат. Како се случило секоја нова генерација да биде толку бавна во учењето?

Но, пред да станеме премногу критични кон минатите генерации, треба да размислиме за самите нас. Зар ние не сме исто толку заборавни кога станува збор за Божјите чуда од минатото и склони да ги занемариме Неговите заветни барања? Псалмите не ги охрабруваат луѓето да се потпираат на сопствените дела. Напротив, Псалм 78 ја покажува напразноста на човечката волја доколку таа не е втемелена на постојаната свесност за Божјата верност и прифаќање на Неговата благодат. Неуспешните битки на Божјиот народ (Псалм 78,9.62-64) ја потврдуваат поуката од овој псалм дека човечките напори, ако не сме верни на Бога, се осудени на неуспех.

**Што научивте или сте требале да научите од сопствените грешки од минатото?**

## ПОТСЕТУВАЊЕ НА ИСТОРИЈАТА И СЛАВЕЊЕТО НА БОГА

**Прочитајте Псалм 105. Кои историски настани, и поуките кои можат да се извлечат од нив, посебно се истакнуваат во овој псалм?**

---

Псалм 105 потсетува на клучните настани што го обликувале заветниот однос меѓу Господа и Неговиот народ, Израел. Тој се сосредоточува на Божјиот завет со Аврама, дека ќе му ја даде нему и на неговите потомци Ветената земја, и како ова ветување, потврдено на Исак и Јаков, со дејството на провидението, се исполнило преку Јосифа, Мојсеја и Арона, како и за време на освојувањето на Ханан. Овој псалм му дава надеж на Божјиот народ од сите генерации, бидејќи Божјото чудесно дејствување во минатото претставува потврда за Божјата непроменлива љубов кон Неговиот народ во сите времиња (Псалм 105,1-5.7.8).

Псалм 105 е сличен на Псалм 78 (видете го вчерашното проучување) по тоа што ја нагласува Божјата верност кон Неговиот народ низ историјата, и тоа со намера да го прослави Бога и да ги поттикнува луѓето на верност. Меѓутоа, за разлика од Псалм 78, Псалм 105 не ги спомнува грешките на луѓето од минатото. Целта на овој псалм е поинаква.

Во Псалм 105, историјата се раскажува преку животот на најголемите израелски патријарси, и притоа се укажува на Божјото провидение и водство, како и на трпеливото поднесување на неволјите од нивна страна. Истрајноста и преданоста на патријарсите биле богато наградени. На тој начин, Псалм 105 ги повикува луѓето да се угледаат на верата на патријарсите и со доверба да чекаат на Божјото избавување во свое време.

Псалм 105 во еден дел има тон на химна (Псалм 105,1-7), која нагласува дека Божјиот народ треба да ги познава фактите од својата историја за вистински да го слави Бога. Историјата дава едновремено и потврда за нашата вера и безброј причини за да го славиме Бога.

Верниците сеословуваат како семе Аврамовото и деца Јаковови (Псалм 105,6), врз основа на што се сметаат за исполнување на Божјото ветување дадено на Аврам дека од него ќе направи голем народ (1. Мојсеева 15,3-6). Псалмистот со тоа го нагласува континуитетот меѓу патријарсите и следните генерации на Божјиот народ. Тој, исто така, истакнува дека „Неговите судови се по *целата земја*“ (Псалм 105,7; додаден италик), со што ги опоменува верниците да не заборавaат дека „нашиот Бог“ воедно е и суверен Господар на целиот свет и дека Неговата милост се протега над сите народи (Псалм 96,1; Псалм 97,1). Тоа е, очигледно, повик на преданост на секоја генерација верници.

**Како ние, како адвентисти на седмиот ден, треба да се гледаме себеси во таа човечка лоза – од Аврам па натаму? (Видете Галатјаните 3,29) Кои поуки треба да ги научиме од оваа историја?**

## ПОТСЕТУВАЊЕ НА ИСТОРИЈАТА И ПОКАЈАНИЕТО

**Прочитајте Псалм 106. Кои историски настани, и поуките што можат да се извлечат од нив, посебно се истакнуваат во овој псалм?**

____________________________________________________________

Псалм 106, исто така, потсетува на значајни настани од историјата на Израел, вклучувајќи го излегувањето од Египет, престојувањето во пустината и животот во Ханан. Тој потсетува на ужасните гревови на татковците, кои својот врв го доживеале во генерацијата што била одведена во прогонство. Затоа, овој псалм речиси сигурно бил напишан или додека луѓето биле во Вавилон, или откако се вратиле дома, а псалмистот, воден од Светиот Дух, му ги прераскажал на Божјиот народ тие историски настани, заедно со поуките кои требало да ги научат од нив.

И овој псалм, како и многу други, укажува на Божјата верност на Неговиот завет на благодатта, во согласност со кој го спасувал својот народ во минатото (Псалм 106,45). Тој изразува надеж дека Бог повторно ќе покаже наклоност кон својот народ кој се кае и ќе го собере од расејувањето меѓу народите (Псалм 106,47). Молбата за сегашно ослободување не е само пуста желба, туку молитва со вера заснована на доказите за тоа како Бог ги избавил во минатото (Псалм 106,1-3) и на познавањето на непоколебливиот карактер на Божјата верност кон заветот што го воспоставил со својот народ.

Сеќавањето на историските неуспеси на Израел во Псалм 106 е составен дел од признавањето на сопствените гревови од страна на народот и спознанието дека не се ништо подобри од нивните предци. Сегашната генерација дури признава дека е полоша од своите предци, затоа што ги знаела последиците од нивните беззаконија и за тоа како Бог го покажувал своето големо трпение и благодат спасувајќи ги, иако тие некогаш намерно оделе по лоши патишта. Ако тоа важело за нив, запрашајте се колку повеќе важи за нас денес, кои имаме такво откровение на Божјиот карактер и на Неговата спасоносна благодат, какво што се покажало во Исусовата личноста и на крстот.

Добрата вест во Псалм 106 е дека Божјата постојана љубов секогаш ги надминува човечките гревови (Псалм 106,8-10.30.43-46). Клучната улога што ја одиграле Мојсеј и Финес во избегнувањето на Божјиот гнев, укажува на важноста на Христовото посредување во полза на верниците. Само личното доживување на Божјата благодат може да претвори една сторија од минатото во наша сторија.

**Стихот Псалм 106,13 вели: „Но речиси ги заборавија Неговите дела, не се надеваа на Неговата волја.“ Зошто и ние толку лесно знаеме да се однесуваме на ист начин и во нашиот живот?**

## ПАРАБОЛАТА ЗА ГОСПОДОВОТО ЛОЗЈЕ

**Прочитајте го текстот Псалм 80. Како е прикажан Божјиот народ во овој псалм и за која голема надеж се моли тој?**

___

___

Израел е претставен како лозје кое Бог го откорнал од Египет, земјата на ропството и го пренел во Ветената земја – место на изобилство. Сликата на лозјето го доловува Божјиот избор на Израел и Неговата грижа за него според провидението (прочитајте исто така: 1. Мојсеева 49,11.12.22; 5. Мојсеева 7,7-11).

Меѓутоа, во Псалм 80 Божјото лозје е под Неговото проклетство (Псалм 80,12). Пророците најавуваат уништување на лозјето, како знак на Божјиот суд, бидејќи плодот се покажал како лош (Исаија 5,1-7; Еремија 2,21).

Но во Псалм 80, авторот не размислува за причините за божествениот суд. Со оглед на длабочината на Божјата благодат, псалмистот е збунет што Бог толку долго може да го лиши својот народ од Неговото присуство. Напнатоста меѓу Божјата клетва и судот од една страна, и Божјата благодат и проштавање од друга, предизвикува кај псалмистот страв дека божествениот гнев би можел да надвладее и целосно да го уништи народот (Псалм 80,16).

**Прочитајте го текстот Мојсеј 6,22-27. Како се користи овој благослов во Псалм 80?**

___

Рефренот од псалмот се навраќа на Ароновото ветување за Божјето вечно благословување на народот (4. Мојсеева 6,22-27) и ја нагласува надежта дека Божјата благодат ќе триумфира над причините за нивната беда: „Боже, обнови нè, разведри го Своето лице и спаси нè!“ (Псалм 80,3; видете и Псалм 80,7.19).

Еврејскиот збор за „обнови нè“ доаѓа од вообичаен израз што значи „да се врати“, и се користи секогаш одново во Библијата во ситуации кога Бог го повикува својот народ, кој заталкал, да се врати кај Него. Тоа е тесно поврзано со концептот на покајание, одвраќање од гревот и враќање кон Бога. „И ќе им дадам срце за да Ме познаат дека Јас Сум Господ, за да бидат Мој народ, а Јас нивни Бог, зашто тие пак ќе се обратат кон Мене со сето свое срце“ (Еремија 24,7).

**Како вие, во својот личен пример, сте го доживеале покајанието како враќање кај Бога?**

## ГОСПОДОВАТА НАДМОЌ ВО ИСТОРИЈАТА

**Прочитајте го текстот Псалм 135. Кои историски настани се истакнати во тој псалм? Кои поуки ги извлекува псалмистот од нив?**

___

Псалм 135 го повикува Божјиот народ да го фали Господа за Неговата добрина и верност покажани при создавањето (Псалм 135,6.7), и низ историјата на спасението на Израел при излегувањето од Египет (Псалм 135,8.9) и освојувањето на ветената земја (Псалм 135,10-12).

Господ ја покажал својата милост со тоа што го избрал израелскиот народ за своја „драга сопственост“ (Псалм 135,4). „Драгата сопственост“ укажува на единствениот заветен однос меѓу Господа и Неговиот народ (5. Мојсеева 7,6-11; 1. Петрово 2,9.10). Изборот на Израел бил заснован на Божјата суверена волја, така што Израел нема причина да се чувствува надмоќно во однос на другите народи. Текстот Псалм 135,6.7 покажува дека Господовите суверени намери за овој свет не започнале од Израел, туку од создавањето. Затоа Израел треба понизно да ја исполнува улогата што му е доделена во Божјите спасоносни планови за целиот свет.

Раскажувањето на Божјите големи дела во корист на Неговиот народ (Псалм 135,8-13) кулминира со ветувањето дека Бог ќе му „суди“ на својот народ и дека ќе се смилува над нив (Псалм 135,14). Судот што се споменува тука е Божјата одбрана на угнетените и сиромашните (Псалм 9,4; Псалм 7,8; Псалм 54,1; Даниел 7,22). Ветувањето гласи дека Господ ќе се застапува за својот народ и ќе го одбрани (5. Мојсеева 32,36). Според тоа, целта на Псалм 135 е да го поттикне Божјиот народ да има доверба во Господа и да остане верен на својот завет со Него.

Господовата верност кон Неговиот народ го наведува псалмистот уште еднаш да ја потврди ништовноста на идолите и единствената надмоќ на Господа во светот (Псалм 135,15-18). Потпирањето на идолите ги остава нивните обожаватели безнадежни и немоќни како што се и самите тие (Псалм 135,18). Псалмот покажува дека Бог треба да се слави и како Творец и како Спасител на својот народ. Ова е прекрасно изразено преку две комплементарни (што заемно се дополнуваат) верзии на четвртата заповед од Декалогот (2. Мојсеева 20,8-11; 5. Мојсеева 5,12-15). Бидејќи Божјата моќ, како што се покажала при создавањето и историјата, неспоредлива во светот, Божјиот народ секогаш треба да се потпира на Него и само Него да го обожава. Затоа ние треба да го обожаваме само Него како наш Творец и Откупител, а обожавањето на што било или кого било друг претставува идолопоклонство.

**Како можеме да бидеме сигурни дека немаме некои идоли во својот живот? Зошто паѓањето во идолопоклонство би можело да биде полесно отколку што мислиме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте Дела 7 и Евреите 11. Според Новиот завет, која е крајната цел на Божјето суверено водство на Неговиот народ низ историјата?

Историските псалми се моќно сведоштво за Божјата верност кон Неговиот народ. Секој настан во историјата на Божјиот народ бил чекор според провидението, што водел кон конечно исполнување на божественото ветување за Спасителот на светот во личноста на Исус од Назарет. Дури и искушенијата, кои често го збунувале Божјиот народ и ги наведувале да помислат дека Бог ги напуштил, биле под Божјата суверена контрола како дел од Неговото провидение, бидејќи Бог е врховен Господар на историјата. Псалмистот вешто ја изнесува вистината дека дури ни човечкото неверство не може да го спречи Бога да му остане верен на својот народ и да ги исполни своите ветувања. Меѓутоа, непокајаните поединци и групи биле исклучени од заветните благослови, а нивниот неславен крај служи како трајно предупредување за тоа како животот без или против Бога ги уништува луѓето.

Псалмите ги охрабруваат Божјите деца на сите времиња да ги полагаат своите надежи во Господа и да му останат верни. „Немаме причини да се плашиме од иднината, освен ако заборавиме како Господ нè водел и нè поучувал во минатото“ (E. G. White, Life Sketches of Ellen G. White, p. 196).

За да може Божјиот народ бестрашно да чекори напред, мора да ги знае фактите од својата историја. Елена Г. Вајт ги советувала верниците да ги читаат псалмите 105 и 106 „макар еднаш седмично“ (*Testimonies to Ministers and Gospel Workers*, p. 98).

Историјата на Божјиот народ покажува дека ниту едно ветување што го дал Бог во својата Реч нема да остане неисполнето. Тоа ги вклучува и божествените ветувања дека Тој и сега се грижи за секој поединец и ветувањата за иднината – за второто доаѓање на Исуса Христа, кој ќе го воспостави Божјето царство на правдата и мирот на новата земја.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Какви благослови носи сеќавањето на Божјото верно водство на Неговиот народ низ историјата? Кои се последиците од заборавањето или занемарувањето на поуките од минатото? Како можеме да го примениме истиот принцип на нас, како и на Црквата која е повикана да прави сè што древниот Израел бил повикан да прави?**
2. **Како псалмите нè охрабруваат да ја препознаеме Божјата грижа по провидението во нашиот живот и да покажеме трпение и доверба во Божјите суверени патишта, дури и тогаш кога не ни е лесно да разбереме зошто некои работи се случуваат на начинот на кој се случуваат?**
3. **Како можеме да се потрудиме проучувањето на историјата на Божјиот народ да зазема поистакнато место во нашето лично и заедничко богослужение? Како да вложиме свесен напор да им кажуваме на нашите деца повеќе за поновата историја на Божјиот народ?**

**Лекција 11**
**9 – 15 март 2024**

# КОПНЕЖ ЗА БОГА НА СИОН



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 84; Откровение 21,3; Псалм 122; Псалм 87; Галатјаните 3,28.29; Матеј 28,18-20; Псалм 46; Псалм 125.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Мојата душа гине и копнее по Господовите дворови. Моето срце и моето тело извикуваат кон живиот Бог“ (Псалм 84,2).**

Сионските песни се радосни химни кои ја величаат убавината на Сион и суверенитетот на Господа, кој царува од неговата света гора. Овие псалми често ги фалат заслугите на Господовиот дом изразувајќи љубов кон светилиштето, што може да се најде и во други псалми. Многу од овие псалми биле составени од Кореевите синови, кои од прва рака го доживеале благословот на Господовиот дом како храмски музичари (1. Летописи 6,31-38) и чувари на храмските порти (1. Летописи 9,19).

Што го прави Сион извор на надеж и радост? Сион го претставува Божјото живо присуство меѓу Неговиот народ. Исто како што израелскиот народ е Божји избран народ (5. Мојсеева 7,6), така и Сион е избраната Божја гора (Псалм 78,68; Псалм 87,2). Бог владее од Сион (Псалм 99,1.2), а го основал и својот храм на Сион (Псалм 87,1). Според тоа, Сион е место на божествените благослови и засолништа. Сион често се споменува паралелно или дури и наизменично со Ерусалим и светилиштето, средиштето на Божјото дело на спасение за древниот свет.

Благословите на Сион се прелеваат сѐ до крајот на земјата, бидејќи Господовата личност и Неговата благодат ги надминуваат границите на кое било свето место. Сион е радоста на целата земја (Псалм 48,2), што потврдува дека целата земја му припаѓа на Бога.

# ЕДЕН ДЕН ВО ТВОИТЕ ДВОРОВИ Е ПОДОБАР ОД ИЛЈАДА

**Прочитајте го текстот Псалм 84,1-4. Зошто псалмистот копнее да престојува во светилиштето?**

_______________________________________________________________

Псалмистот „гине“ и „копнее“ да го направи светилиштето негово постојано престојувалиште, за да може да биде блиску до Бога засекогаш (Псалм 84,1.2). Божјото живо присуство (Псалм 84,2) го прави светилиштето единствено место. Во светилиштето верниците можат да ја гледаат „Господовата убавина“ (Псалм 27,4; видете и Псалм 63,2) и да се наситат „со благата на Твојот дом“ (Псалм 65,4). Во Псалм 84 најголемата среќа се постигнува во односот со Бога, што се огледува во славењето на Бога (Псалм 84,4), наоѓањето сила во Него (Псалм 84,5) и доверба во Него (Псалм 84,12). Светилиштето е место каде што таквиот однос се негува преку богослужение и заедништво со другите верници. Живото присуство на Бога во светилиштето им дава на верниците увид во Божјото славно царство и предвкус на вечниот живот.

**Прочитајте го текстот Псалм 84,5-12. Кој друг може да биде благословен преку светилиштето?**

_______________________________________________________________

Божјите благослови се опишани како да зрачат од светилиштето, и на тој начин допираат најпрво до оние што служат во него (Псалм 84,4), потоа до поклониците кои се на пат кон него (Псалм 84,5-10), и на крајот до сите краишта на земјата. Очекувањето средба со Бога во светилиштето ја зајакнува верата на поклониците (Псалм 84,7). Додека силата на обичниот патник слабее под товарот на заморното патување, силата на поклониците што се движат кон светилиштето се зголемува како што се приближуваат до својата цел.

Дури и кога физички се оддалечени од светилиштето, Божјите деца продолжуваат да го носат неговиот печат на тој начин што водат примерен живот (Псалм 84,11), со што се одликуваат праведните кои влегуваат во Господовото светилиште (Псалм 15,1.2). Господ е наречен „сонце“, што покажува дека благословите од светилиштето, како и сончевите зраци, се протегаат до сите краеви на земјата (Псалм 84,11). Затоа, оние кои живеат со Бога со вера ја примаат Неговата благодат, без разлика каде се наоѓаат.

**Прочитајте го стихот Откровение 21,3. Каква надеж ни се открива тука, а која ја гледаме и во земното светилиште? Можеме ли сега воопшто да замислиме како ќе изгледа тоа искуство?**

# МОЛЕТЕ СЕ ЗА МИР ВО ЕРУСАЛИМ

**Прочитајте Псалм 122,1-5. Како се чувствуваат верниците по пристигнувањето во Ерусалим? Што се надеваат дека ќе најдат во Ерусалим?**

___

___

Псалм 122 ја изразува возбудата на поклониците по нивното пристигнување во Ерусалим. Поклоничките патувања во Ерусалим биле радосни настани, кога Божјиот народ се собирал трипати годишно за да ја прослави Божјата добрина кон нив во минатото и сегашноста (5. Мојсеева 16,16). Ерусалим бил средиште на животот на народот, бидејќи во него се наоѓале „сведоштвото Израелско“ (Псалм 122,4) и „престолите судиски“ (Псалм 122,5). Изразот „сведоштвото Израелско“ се однесува на светилиштето кое понекогаш се нарекувало „шатор на сведоштвото“ (4. Мојсеева 1,50), и во кое се наоѓал „ковчегот на сведоштвото“ (2. Мојсеева 25,22). Престолите поставени за судење го опишуваат правосудниот систем во Ерусалим (2. Самоилова 8,15). Затоа поклонииштвото било време кога можело да се бара и да се добие правда. Верноста кон Бога никогаш не смеела да се раздвојува од делењето правда меѓу луѓето.

**Прочитајте го текстот Псалм 122,6-9. Која била главната молитва на Божјиот народ?**

___

Молитвата за мир во Ерусалим ги повикува Божјите благослови за градот и неговите жители и ги обединува верниците, така што мирот се шири меѓу нив (Псалм 122,8). Ерусалим би можел да биде град на мирот само ако завладее мир меѓу Бога и Неговиот народ, како и меѓу самите Божји деца. Затоа, молитвата за мир над Ерусалим испраќа повик до припадниците на Божјиот народ да живеат во мир со Бога и едни со други. Ерусалимскиот мир му носи благосостојба на народот (Псалм 147,12-14).

Овој псалм нè учи дека молитвата за благосостојбата на заедницата на верници треба да биде главниот предмет на молитвите на Божјите деца, бидејќи само силен и обединет Божји народ може да му ја објави на овој свет радосната вест за Божјиот мир и спасение (Јован 13,34.35).

Молитвата за мир во Ерусалим сè уште е предимство и одговорност на верниците, бидејќи ја одржува жива надежта во доаѓањето на Божјото царство на мирот на крајот на времето, кое ќе го опфати не само градот Ерусалим, туку и целиот свет (Исаија 52,7; Исаија 66,12.13; Откровение 21-22).

**На кои сè практични начини можеме ние, како народ, да се стремиме да постигнеме хармонија меѓу нас денес?**

## СИОН – ДОМ НА СИТЕ НАРОДИ

**Прочитајте Псалм 87,1.2. Што го прави Сион толку ценето место?**

_______________________________________________________________________

Псалм 87 е химна која го слави Сион како Божји посебно избран и сакан град. Темелот на Божјиот храм се наоѓа на горага Сион (Псалм 2,6; Псалм 15,1). На крајот на времето Сион ќе се издигне над сите гори, укажувајќи на Господовата суверена власт над целиот свет (Псалм 99,2; Исаија 2,2; Михеј 4,1). Псалм 87 зборува за Сион како „горите“ за да ја нагласи неговата величественост (Псалм 133,3). Бог ги сака „Сионските Врати повеќе отколку сите Јаковови шатори“ (Псалм 87,2), со што се нагласува дека Сион ги надвишува сите други места во Израел што во минатото служеле за собирање на Божјиот народ, како што биле Силом и Ветил. Според тоа, овој псалм потврдува дека вистинското богослужение се одвива на место и на начин што го пропишува самиот Бог.

**Прочитајте го текстот Псалм 87,3-7. Кои славни зборови биле изговорени за Сион?**

_______________________________________________________________________

Славата на Сион ги привлекува сите народи кон Бога, и на тој начин границите на Божјото царство се прошируваат сѐ додека не го опфатат целиот свет. Забележете дека Бог не постапува кон другите народи како со граѓани од втор ред, и покрај тоа што Сион е прикажан како место на духовно раѓање на сите народи кои го прифаќаат Господа како свој Спасител.

Уписот на поединците во матичните книги се вршел според местото на раѓање (Немија 7,5; Лука 2,1-3). Псалмот трипати вели дека народите се родени во Сион, што значи дека Господ им дава нов идентитет и сите привилегии на законски родените сионски деца (Псалм 87,4-6).

Псалм 87 укажува на спасението и на Евреите и на незнабошците и на нивното обединување во една црква преку Христовата служба на откупување (Римјаните 3,22; Римјаните 10,12; Галатјаните 3,28.29; Колошаните 3,11). Сликата на благосостојбата на Сион, што ја наоѓаме во овој псалм, потсетува на Даниеловата визија на Божјето царство кое станува огромна планина што ја исполнува целата земја (Даниел 2,34.35.44.45) и на Исусовата парабола за Божјото царство како огромно дрво кое ги угостува небесните птици (Матеј 13,32).

**На кој начин подготвеноста на Сион да ги усвои сите луѓе го наоѓа своето исполнување во Големиот налог даден на Црквата – да го проповеда евангелието на секој народ (Матеј 28,18-20)? Како оваа идеја се вклопува во нашиот повик да ги проповедаме пораките на тројцата ангели?**

## СИГУРНОСТА И МИРОТ НА СИОН

**Прочитајте Псалм 46,1-7. Како поетски е опишан светот тука?**

_______________________________________________________________

Псалм 46 дава живописен опис на овој свет кој доживува превирање и го доловува со слики од природни катастрофи во невидени размери (Псалм 46,2.3). Сликата на разбранети води често ги прикажува бунтовните народи и разни проблеми што злите ги предизвикуваат во светот (Псалм 93,3.4; Псалм 124,2-5). Исто така, сликите на природни катастрофи во Псалм 46 прикажуваат свет контролиран од народите кои меѓусебно војуваат (Псалм 46,6).

Очигледно е дека овде станува збор за свет кој не го познава Бога, бидејќи Бог е среде својот народ, а таму каде што живее Бог, изобилува мир (Псалм 46,4.5). Меѓутоа, иако овој свет го отфрла Бога, Тој не го напушта. Тој е присутен во светот со тоа што е меѓу својот народ. Со други зборови, колку и да изгледаат работите лошо, Бог сè уште е присутен овде, во светот, и можеме да црпиме лична надеж и охрабрување од спознавањето на таа темелна вистина.

Господ, кој е совршено прибежиште, е изворот на траен мир и сигурност на Сион. Зборот што ја нагласува Сионовата сигурност во Псалм 46,3 е „нека“. Нека владее немир со светот, Божјиот народ сепак е безбеден. Тоа покажува дека мирот не е резултат на целосно отсуство на искушенија, туку Божји дар за Неговите деца кои се надеваат во Него. Безрезервната доверба во Бога може да му пружи на Божјото дете мир и сигурност среде бури (Матеј 8,23-27). Меѓутоа, се поставува прашањето: дали Бог ќе го препушта светот засекогаш на неговите деструктивни одлуки и постапки?

**Прочитајте го текстот Псалм 46,6-11. Како Бог одговара на насилството и разорувањата во светот?**

_______________________________________________________________

Бог одговара со незадоволство со таква сила што Неговата реч, која ја создала земјата, сега прави земјата да се растопува (Псалм 46,6). Сепак, тоа растопување не завршува со уништување туку со обнова. Забележете дека Бог го проширува својот мир од Сион до сите краишта на земјата. Бог ќе ги прекине сите војни и ќе ги запре орудијата на уништување што ги користат злите народи за да го угнетуваат светот (Псалм 46,9). Тоа е големата надеж што ја имаат христијаните, и која ќе се оствари при второто Исусово доаѓање.

**Како да научиме да имаме мир и доверба во Бога среде овој свет кој е навистина преполн со немири?**

# НЕПОДВИЖНИ ЦВРСТИ КАКО ПЛАНИНАТА СИОН

**Прочитајте го текстот Псалм 125,1.2. Како се опишани тука оние што се надеваат во Бога?**

___

Оние кои се надеваат во Господа се споредени со гората Сион, симбол на постојаност и сила. Величествениот поглед на планините што го опкружуваат градот Ерусалим му помогнал на псалмистот да стане свесен за сигурноста што ја пружа божествената заштита (Псалм 5,12; Псалм 32,7.10). За разлика од планините со кои владеат злите, и кои паѓаат во моријата (Псалм 46,2), импресивната издржливост на планината на која е изграден Ерусалим влева длабока доверба. Довербата во Божјата заштита бара уште поголема смелост при соочувањето со болната реалност во која толку често се чини дека преовладува злото. Сепак, дури и среде сето тоа зло, Божјиот народ може да има надеж.

**Прочитајте го текстот Псалм 125,3-5. Што претставува искушението за праведните? Која поука се наоѓа овде за нас?**

___

Божјите деца можат да се обесхрабрат од успехот на злите, па дури и да бидат во искушение да ги следат нивните патишта (Псалм 73,2-13; Псалм 94,3). Дури ни врховната стабилност на планината Сион не може да обезбеди сигурност за оние што заминуваат од Господа. На луѓето и натаму им се дава слобода да ги пружаат своите „раце кон беззаконието“ (Псалм 125,3) и да „свртуваат кон криви патишта“ (Псалм 125,5). Но, Господ е праведен и ќе им суди на поединците кои истрајуваат во бунтот заедно со другите непокајнички грешници.

Тука наоѓаме повик до Божјиот народ да остане непоколеблив во својата вера и доверба во Господ, како горета Сион, која е нивно неподвижно засолниште. Затоа, иако не разбираме сè што се случува, сепак можеме да се надеваме во Божјата добрина.

„Појавувањето на гревот на светот, Христовото отелотворување, преродувањето, воскресението и многу други теми со кои се занимава Библијата, претставуваат тајни премногу длабоки за човечкиот ум да може да ги објасни или наполно да ги сфати. Меѓутоа, немаме причина да се сомневаме во Божјата реч само затоа што не можеме да ги разбереме тајните на божественото провидение... На сите страни наидуваме на чуда што ја надминуваат нашата моќ на сфаќање. Смееме ли тогаш да бидеме изненадени што и во духовниот свет има тајни кои не можеме да ги доловиме? Тешкотијата лежи единствено во слабоста и ограниченоста на човечкиот ум. Бог во Писмото ни дал доволно докази за божествениот карактер на светите списи, и ние не смееме да се сомневаме во неговата Реч затоа што не можеме да ги разбереме сите тајни на неговото провидение“ (Елена Г. Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 106, 107 ориг.).

# ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Размислете за пораката од следните текстови: Исаија 40 и 51,1-16.

Сионските песни се апсолутно посветени на тоа нашите мисли да ги насочат кон Сион и живата надеж на Божјото суверено владеење што тој го претставува. Иако многу од благословите на Божјото светилиште веќе се чувствуваат во овој живот, надежта во полнотата на животот и радоста на Сион сè уште се врзува за иднината. Многу Божји деца со солзи копнеат по небесниот Сион (Псалм 137,1). Сеќавањето на Сион не подразбира само случајна попатна мисла, туку свесно обраќање на вниманието и цврста одлука да се живее во согласност со тоа живо сеќавање (2. Мојсеева 13,3; 2. Мојсеева 20,8).

Оттука, пеењето сионски песни носи со себе огнена решеност да се одржи надежта во обновувањето на Божјето царство на новата земја (Откровение 21,1-5). „Таму бесмртните умови со неуморна одушевеност ќе ги проучуваат чудесата на творечката моќ и тајните на љубовта која спасува. Таму ќе го нема свирепиот и лукав непријател да заведе некого да го заборави Бога. Секоја дарба ќе се развива, секоја способност ќе се зголемува. Учењето нема да го заморува умот ниту да ја исцрпува животната сила. Таму можат да се извршат најголемите потфати, да се остварат највозвишените стремежи, да се исполнат највисоките желби, и сè уште ќе постојат нови цели што ќе можат да се постигнат, нови чуда кои ќе бидат предмет на восхитување, нови вистини да се сфатат, нови предмети да ги поттикнуваат силите на разумот, на душата и телото да се развиваат“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 677 оригинал).

Цврстата решеност да не се заборави Сион е немо ветување на Господовите поклоници дека никогаш нема да го прифатат овој свет како своја татковина, туку дека ќе ги чекаат новото небо и новата земја.

Затоа Сионските псалми можат да ги пеат верниците од сите генерации кои копнеат да живеат во Новиот Ерусалим (Откровение 3,12). Сионските песни нè поттикнуваат со надеж да го очекуваме идниот свет, но тие исто така нè обврзуваат да бидеме застапници на Божјата благодат во овој сегашен свет.

## ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како да ги преземеме духовните и теолошките принципи на Божјиот народ на Сион, како буквален дел од Ерусалим, и да ги примениме на црквата и нејзината мисија во светот?**

**2. Како верниците можат да живеат во Божјото светилиште денес? (Јован 1,14-18; Евреите 12,22-24).**

**3. На кој начин Сион ќе стане град на сите народи како што предвидува Псалм 87? (Римјаните 5,10; Ефесјаните 2,11-16; Колошаните 1,19-23).**

**4. Како би одговориле на некој кој ја истакнува реалноста дека во овој свет злите често напредуваат додека многу „добри“ луѓе страдаат? Што мислите вие за тоа? Зошто е важно да признаеме дека засега сè уште немаме целосно задоволителни одговори на сите прашања?**

**Лекција 12**
**16 – 22 март 2024**

# БОГОСЛУЖЕНИЕ КОЕ НИКОГАШ НЕ ПРЕСТАНУВА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 134; Исаија 42,10-12; Откровение 14,3; Псалм 15; Псалм 101,1-3; Псалм 96; Откровение 14,6-12; Јован 4,23.24.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ќе Му пеам на Господа додека сум жив, ќе Му свирам на мојот Бог додека суштествувам“ (Псалм 104,33).**

Како што расте нашето доживување на Божјата благодат и моќ, сè повеќе чувствуваме потреба да го поставиме истото прашање како и псалмистот: „Што да Му дадам на Господ за сите негови добрини што ми ги направи мене?“ (Псалм 116,12) Неизбежниот одговор е дека човек треба да го посвети својот живот на верноста кон Бога.

Во Псалмите, Израел не е само народ туку „собир“ или „големо собрание“ (Псалм 22,22.25; Псалм 35,18). Ова укажува дека примарниот повик на Израел бил да го слави Бога и да им сведочи за Него на другите народи, бидејќи Господ сака целиот свет да му се придружи на Неговиот народ на богослужение. Господовиот народ се поистоветува со праведните и со оние кои го обожаваат Господа и ја полагаат својата надеж во Него и во Неговата љубов.

Затоа, славењето на Господа на големо собрание се сфаќа како идеално богослужение. Ова не значи дека молитвата и славењето на поединците во Израел попримаат второстепено значење. Напротив, личното богослужение го вдахнува заедничкото богослужение со нов жар (Псалм 22,22.25), додека од друга страна, индивидуалното обожавање го остварува својот полн потенцијал во блиските односи со својата заедница. Заедничкото богослужение се нарекува и „совет на праведните“ (Псалм 111,1). Праведните го познаваат Бога (Псалм 36,10) и Бог ги познава нив (Псалм 37,18), и тоа искуство го проникнува секој аспект од нивното постоење.

## ПОДИГНЕТЕ ГИ РАЦЕТЕ ВО СВЕТИЛИШТЕТО

**Прочитајте го текстот Псалм 134. Каде се одржува богослужението во овој стих? Каков е исходот од благословувањето на Господа?**

_______________________________________________________________

Псалм 134 потсетува на Ароновиот свештенички благослов од текстот 4. Мојсеева 6,24-26 (исто така и Псалм 67,1) и го истакнува благословот како основен принцип и исход од меѓусебниот однос на Бога и Израел. Народот го благословува Бога во светилиштето, а Бог го благословува својот народ од Сион. Тие благослови се протегаат на целиот жив свет, бидејќи Господ е Творец на небото и на земјата. Спомнувањето на Сион како место на божествени посебни благослови, става нагласок на заветната врска на Господа со Неговиот народ. Затоа, токму во рамките на заветот на благодатта, Израел ја ужива таа предност да го благословува Господа и да биде благословен од Него.

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 18,1; Псалм 36,1; Псалм 113,1; Псалм 134,1.2 и Псалм 135,1.2. Како се прикажани тука учесниците на богослужението?**

_______________________________________________________________

Псалмите често ги опишуваат верниците како Господови слуги. „Благословувајте Го сега Господ, сите слуги Господови, што стоите ноќе во домот Господов“ (Псалм 134,1) – ова веројатно се однесува на Левитите кои ја чувале ноќната стража (1. Летописи 9,23-27), или на нивното славење на Бога кое траело деноноќно (1. Летописи 9,33).

Бидејќи Израелците обожавале невидлив Бог, кој не можел да биде претставен со никаков кип или слика, светилиштето служело да ја одразува Господовата слава и да обезбеди безбедно опкружување во кое грешните луѓе би можеле да му пристапат на својот свет Цар. Таа средба била иницирана од самиот Господ и регулирана со Неговите закони и декрети.

„Пристапете кон Него, живиот камен, од луѓето отфрлен, но од Бога избран, драгоцен, вие кои како живи камења сте вградени во духовен дом, свештенство свето, за да принесете духовни жртви кои Му се на Бога пријатни преку Исус Христос“ (1. Петрово 2,4.5). Она што го гледаме овде, според зборовите на Петар, е новозаветен израз на истите идеи изнесени во овие псалми - за Божјиот народ, сега свето свештенство, кое принесува пофалба и благодарност на својот Господ Исус Христос, нивниот Творец и Откупител, за сето добро што го направил за нив.

**Како новозаветни верници, и ние имаме свештеничка улога, во смисла дека сме повикани, како посредници, да му ја пренесеме на светот добрата вест на евангелието. На кои начини можеме да го правиме ова најуспешно?**

# ПЕЈТЕ МУ НА ГОСПОДА НОВА ПЕСНА

**Прочитајте ги следните стихови: Псалм 33,3; Псалм 40,3; Псалм 96,1; Псалм 98,1; Псалм 144,9 и Псалм 149,1. Кој заеднички мотив постои во сите нив?**

_______________________________________________________________

Псалмите ги повикуваат луѓето да пеат „нова песна“. Што се подразбира овде под „нова песна“? Причината за „нова песна“ е новото спознавање на Господовото величество и суверенитет над овој свет, и благодарност за грижата и спасението што Тој ни ги дава како Создател и Судија на целата земја. Избавувањето од непријателите и од смртта, како и посебната Божја наклоност кон Израел, се некои од личните мотиви за пеење „нова песна“. Иако и други песни го слават Господа за Неговата добрина и за Неговите чуда, „новата песна“ е посебна. Таа ја изразува новоразбудената радост и ветување за обновена посветеност на Бога. Новото искуство на божествено избавување ги вдахнува луѓето да го признаат Господа како свој Творец и Цар. Вообичаени теми во псалмите кои зборуваат за „новата песна“ се, меѓу другото, довербата во Бога, славењето на Неговите прекрасни дела и благодарноста за избавувањето од неволји.

**Прочитајте ги следните текстови: Исаија 42,10-12; Откровение 5,9 и Откровение 14,3. Што можеме да заклучиме за „новата песна“ врз основа на овие библиски текстови?**

_______________________________________________________________

Божјиот народ, Израел, е опишан со трогателни зборови како „народ што Му е близок [на Бога]“ (Псалм 148,14), што подразбира дека од целиот создаден свет, Израел има најпосебен статус, и затоа има најголема обврска и привилегија да го слави Бога. На тој начин, Библијата ги поттикнува верниците од сите генерации да пеат нова песна во слава на својот Откупител, која го претставува нивното единствено сведоштво за спасение со крвта на Јагнето. „Новата песна“ може да се однесува на песна што никој порано не ја слушнал, песна која потсетува на живото искуство на Божјата благодат во животот на поединецот. „Новата песна“ исто така може да изразува надеж, и во тој случај новоста на таа песна се огледува во исчекувањето на единственото, неспоредливо доживување на Божјото величество во иднина. Вистинското богослужение го надминува принесување на жртви и дарови и го одразува живиот однос со Бога кој е секогаш свеж и динамичен. Во извесна смисла, едноставно може да се каже дека „новата песна“ е нов израз на нашата љубов и благодарност за она што Бог го направи за нас – израз кој секојдневно се обновува.

**Размислете за Божјите благослови во својот живот. Кога би пееле нова песна, како би звучела таа?**

## ГОСПОДИ, КОЈ МОЖЕ ДА ПРЕСТОЈУВА ВО ТВОЕТО ЖИВЕАЛИШТЕ?

**Прочитајте го текстот Псалм 15. Кои се луѓето кои се достојни да извршуваат служба на Бога во Негово присуство?**

___

Одговорот на псалмистот на ова прашање претставува резиме на барањата што се веќе наведени во Божјиот закон и пророците: оние чиишто постапки („твори правда“) и карактер („од своето срце“) (видете 5. Мојсеева 6,5; Михеј 6,6-8) се одраз на Божјата природа. Светилиштето било свето место и сè во него, вклучувајќи ги и свештениците, било осветено. Значи, светоста е задолжителен предуслов за влегување во Божјото присуство. Светоста на Израел требало да биде сеопфатна, да го обединува богослужението со етиката и да се манифестира во сите аспекти на животот. Законот му бил даден на Божјиот народ за да може да го реализира својот најголем потенцијал, односно да живеат како царство на свештеници. Царското свештенство значи да се живее свет живот во Божјо присуство и да им се носат благословите од заветот на другите народи.

**Прочитајте ги текстовите Псалм 24,3-6 и Псалм 101,1-3. Што значи да се биде свет?**

___

„Чисто срце“ (или „невино срце“ заб. на прев.; англиски „совршено“) е најголемата доблест на верниците пред Бога. Еврејскиот израз *tamim*, „совршен“, го има значењето на „целосност“ и „целина“. „Совршената“ лоза (*tamim*) е целосна, неоштетена и здрава (Езекиел 15,5). Животните што се принесувале како жртва морале да бидат *тамим*, т.е. без мана (3. Мојсеева 22,21-24). „Исправните“ зборови (*tamim*) се целосно вистинити (Јов 36,4). Според тоа, „совршеното срце“ е „невино срце“ (Псалм 24,4) или срце со интегритет (Псалм 15,2). Тоа го бара Бога (Псалм 24,6) и станува обновено со Божјото проштавање (Псалм 51,2-10). Непорочниот живот извира од спознанието за Божјата благодат и праведност. Божествената благодат ги вдахнува и ги оспособува Божјите слуги да живеат во страв Господов, односно во ненарушена заедница со Бога и во послушност на Неговата реч. Сведоштвото за посветен и побожен живот му носи пофалба на Бога, а не на самиот себе. Забележете дека повеќето од барањата во Псалм 15 се дадени во негативен облик (Псалм 15,3-5). Според тоа, овде не се работи за стекнување на Божјата наклоност, туку за избегнување на она што може да нè одвои од Бога.

**Како можеме свесно да одбираме да го избегнуваме она што нè оддалечува од Бога? Што би можело да нè оддалечи од Бога и како да го избегнеме тоа?**

# ОБЈАВУВАЈТЕ ЈА МЕЃУ НАРОДИТЕ СЛАВАТА НЕГОВА

**Прочитајте го текстот Псалм 96. Кои повеќекратни аспекти на богослужението се спомнуваат во тој псалм?**

Богослужението опфаќа пеење на Господа (Псалм 96,1-2), фалење на Неговото име (Псалм 96,2), објавување на Неговата добрина и величие (Псалм 96,3-4) и носење дарови во Неговиот храм (Псалм 96,8). Покрај тие добро познати елементи на богослужението, Псалм 96 истакнува и еден негов не толку очигледен аспект, имено, неговата евангелска димензија, која се огледува во објавувањето на Господовото царство на другите народи (Псалм 96,2.3.10).

Меѓутоа, пеењето, фалењето, принесувањето дарови и објавувањето на евангелието не се некои одвоени дејства, туку само различни изрази на истото богослужение. Објавувањето на Божјото спасение на сите народи, му дава суштина на фалењето на Бога и содржина и смисла на богослужението. Обрнете внимание на тоа како причините за богослужение се совпаѓаат со пораката што им се објавува на другите народи: „Зашто Господ е велик“ (Псалм 96,4), „Бидејќи сите богови на незнабошците се идоли, а Господ ги создаде небесата“ (Псалм 96,5), бидејќи „Господ царува“ (Псалм 96,10) и „зашто доаѓа да ѝ суди на земјата“ (Псалм 96,13). Според тоа, целта на евангелизмот е да ги обедини другите народи со Божјиот народ, и на крајот и со сите созданија – да ги обедини во обожавањето на Господа (Псалм 96,11-13).

Богослужението извира од внатрешното сознание за тоа кој е Господ, односно дека Тој е Творец, Цар и Судија (Псалм 96,5.10.13). Според тоа, богослужението опфаќа и сеќавање на Божјите дела од минатото (создавањето), прославување на Неговите сегашни чуда (Божје одржување на светот и Неговото сегашно владеење) и исчекување на Неговите идни дела (суд на крајот на времето и нов живот на новото небо и новата земја).

Судот во Псалмите го означува обновувањето на божествениот поредок на мир, правда и благосостојба во свет кој моментално е потиснат од неправда и страдање. Затоа целата земја се радува во исчекување на Божјите судови (Псалм 96,10-1; Псалм 98,4-9). Фактот дека Господ е праведен Судија, треба дополнително да ги мотивира луѓето да го обожаваат во светост и да „трепераат“ пред Него. Исто така, тоа треба да ги предупреди да не го сфаќаат богослужението лекомислено (Псалм 96,9). Богослужението носи огромна радост и доверба (Псалм 96,1.2.11-13), но во исто време и свет страв и треперење пред Бога (Псалм 96,4.9).

Сеопштиот повик од Псалм 96 да се обожава Создателот и Судијата, свој одраз наоѓа во последното Божјо објавување на евангелието до светот, во пораките на тројцата ангели од текстот Откровение 14,6-12. Може да се каже дека овој псалм содржи многу елементи на Божјата порака за последното време: создавање, спасение („вечно евангелие“), богослужение и суд. Сѐ е тука.

**Споредете го Псалм 96 со пораките на тројцата ангели (Откровение 14, 6-12). Во која смисла тој ги изнесува истите основни вистини како и таа порака за последното време што ние треба да му ја објавиме на светот?**

## КОГА БОГ НЕ УЖИВА ВО ЖРТВИТЕ

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 40,6-8; Псалм 50,7-23 и Псалм 51,16-19. Со кое важно прашање се занимаваат овие текстови? Зошто Бог не ужива во жртвите што ги пропишал во својата Реч (2. Мојсеева 20,24)?**

______________________________________________________________________

Како и пророците, псалмистите ги осудуваат разните злоупотреби на богослужението. Она што тие сакаат да го нагласат во овие стихови не е Господовата одбивност кон израелските жртви и празници, туку причината за таквата одбивност, а тоа е кобната одвоеност меѓу богослужението и духовноста.

Бог не го укорува својот народ поради нивните приноси и жртви паленици, туку поради нивната лошотија и неправдата што ја правеле во нивниот личен живот (Псалм 50,8.17-21). Псалмите не проповедаат против жртвите и богослужбите, туку против суетните жртви и напразните служби, кои се покажуваат во нивната вистинска светлина преку неправедното однесување на таквите верници.

Кога не постои единство меѓу надворешните изрази на обожавањето и исправната внатрешна мотивација, тогаш сами по себе ритуалите обично стануваат поважни од вистинското искуство на приближување кон Бога. Односно, различните видови на богослужение стануваат цел сами по себе, наместо да упатуваат на Бога и да го откриваат Него.

**Прочитајте го текстот Јован 4,23.24. Која важна мисла ја нагласува Исус овде, а која точно се поклопува со она на што предупредуваат псалмите што ги разгледуваме денес?**

______________________________________________________________________

Сами по себе, жртвите не се доволни. Од каква корист биле тие жртви ако срцето на оние што ги принесувале не било исполнето со покајание, вера и жалење поради гревот? Само кога било придружено со покајание и искрена благодарност, жртвувањето животни можело да биде прифатливо пред Бога како „жртви на правдата“ (Псалм 51,19, видете и Псалм 50,14). Цитирајќи го пророкот Исаија, Исус го изразил тоа на овој начин: „Овој народ се приближува до Мене со устата своја и со усните Ме почитува, а срцето негово стои далеку од Мене“ (Матеј 15,8). Проблемите што ги уочиле псалмистите биле истите проблеми со кои се сретнувал Исус во неговиот однос со некои луѓе, особено со водачите, за време на неговата земна служба.

**Како можеме да се потрудиме и ние, адвентистите, со сета светлина и знаење што го поседуваме, да не паднеме во истата стапица, мислејќи дека е доволно само тоа што ја познаваме вистината и вршиме соодветни обреди?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Ако имате можност, прочитајте го поглавјето со наслов „Како да се молиме“ („How to pray“), стр. 39-42, од книгата *Повик да се издвоите* (A Call to Stand Apart) од Елена Г. Вајт.

Она што е најважно кога станува збор за богослужението е потребата од покајание – вистинско покајание: „Во покајанието е вклучена жалост поради гревот и одвојување од него. Ние нема да го отфрлиме гревот ако не ја увидиме неговата расипаност; сѐ додека нашето срце не се откаже од него, нема да има никаква вистинска промена во нашиот живот.

Мнозина не успеваат да ја сфатат вистинската природа на покајанието. Тие жалат затоа што грешеле и дури привидно се менуваат само затоа што се плашат од последиците на своите лоши дела. Но тоа не е библиско покајание. Тие се жалат на страдањата наместо на гревот. Таква била болката на Исава кога сфатил дека засекогаш го загубил првенството. Валам, уплашен од ангелот кој стоел на неговиот пат со гол меч, ја признал својата кривица за да не го загуби животот; но тука немало вистинско каење поради гревот, немало промена на намерите, не се јавила одвратност кон злото. Откако го предал својот Господ, Јуда Искариотски извикнал: „Јас згрешив што предадов невина крв!“ (Матеј 27,4)“ (Е. Г. Вајт, *Патот кон Христа*, стр. 22, 23 ориг.).

„И покрај тоа што Бог не престојува во храмови подигнати од човечка рака, Тој сепак со своето присуство го осветува собранието на својот народ. Ветил дека ќе им го открие својот Дух на оние кои ќе се соберат да Го побараат, да ги признаат своите гревови и да се молат едни за други. Но, оние кои се собираат за да му служат, мора да ја отстранат секоја зла мисла. Нивното собирање нема да има никаква вредност ако не се молат со дух и вистина и во убавината на светоста. За ваквите луѓе Господ вели: ‘Овој народ се приближува до Мене со устата своја и со усните Ме почитува, а срцето негово стои далеку од Мене’ (Матеј 15,8-9). Оние што се поклонуваат на Бога мора да се поклонуваат ‘со дух и вистина, зашто Отецот сака такви да бидат оние кои Му се поклонуваат’ (Јован 4,23)“ (*Пророци и цареви,* стр. 50 ориг.).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

**1. Кој е најголемиот дар на верникот за Бога (Псалм 40,6-10; Римјаните 12,1,2)?**

**2. Како се поврзани личното и заедничкото богослужение? Зошто навистина ни се потребни и двете? Како едното го подобрува другото?**

**3. Многумина сметаат дека богослужението се состои само од молитви, пеење химни, проучување на Библијата и друга духовна литература. Меѓутоа, иако сите овие активности се неопходни за богослужение, дали тоа е ограничено само на нив? Наведете неколку примери на други облици на богослужение.**

**4. Елена Г. Вајт напишала: „Богослужението не би смеело да се смета за некаква жалосна, здодевна церемонија. За нас би требало да биде уживање да му оддадеме слава на Бога и да учествуваме во неговото дело“ (*Патот кон Христа*, стр. 103 оригинал). Како обожавањето на Господа може да стане задоволство?**

**Лекција 13**

**23 – 29 март 2024**

# ЧЕКАЈ НА ГОСПОДА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 27,14; Римјаните 8,18-25; Псалм 131; Матеј 18,3; Псалм 126; Псалм 92; Марко 16,1-8; 2. Петрово 1,19.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Надевај се на Господа, охрабри се! Нека биде цврсто твоето срце! Да, чекај Го Господа!“ (Псалм 27,14)**

Стигнавме до последната седмица од ова тримесечје во кое ги проучуваме Псалмите. Ова духовно патување нè водеше низ искуството на страхопочит пред нашиот величествен Создател, Цар и Судија; низ радостите на божественото избавување, проштавање и спасение; низ моментите на преданост во време на болка и тага; преку славните ветувања за вечното Божјо присуство и најавувањето на едно сеопшто, непрекинато богослужение во чест на нашиот Господ. Тоа патување продолжува, додека живееме со надеж во Господовото доаѓање, кога нашиот копнеж за Бога ќе го доживее своето конечно исполнување. Ако постои некоја завршна порака којашто можеме да ја извлечеме од Псалмите, тогаш тоа се овие зборови: „Чекај на Господа“.

Чекањето на Господа не подразбира поминување време во безделничење и очај. Напротив, чекањето на Господа е чин на вера и доверба што се покажуваат на дело. Чекањето на Господа ги преобразува нашите мрачни вечери, исполнувајќи ги со исчекување на ведрото утро (Псалм 30,5; Псалм 143,8). Тоа го зајакнува нашето срце со обновена надеж и мир. Тоа нè поттикнува да работиме повредно, донесувајќи снопови на обилна жетва од Господовите мисионски полиња (Псалм 126,6; Матеј 9,36-38). Чекањето на Господа никогаш нема да направи да се засрамиме, туку ќе биде богато наградено, бидејќи Господ е верен на своите ветувања (Псалм 37,7-11,18, 34; Псалм 71,1; Псалм 119,137,138).

## ПОВИК ДА ЧЕКАМЕ

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 27,14; Псалм 37,7.9.34; Псалм 39,7; Псалм 40,1; Псалм 69,6; Галатјаните 5,5 и Римјаните 8,18-25. На што сесрдно го повикуваат Божјиот народ овие стихови?**

______________________________________________________________

Еден од најголемите стресови во животот е веројатно стресот поврзан со чекањето. Кои и да сме, каде и да живееме, без оглед на положбата што ја заземаме во животот, сите понекогаш сме принудени да чекаме на нешто. Од чекање ред во продавница до чекање да ја слушнеме дијагнозата на лекарот, сите чекаме нешто – што не ни се допаѓа секогаш, зар не?

А што е тогаш со чекањето на Бога? Поимот чекање на Господа го наоѓаме не само во Псалмите туку и на многу други места во Библијата. Во сите овие случаи, оперативниот збор е истрајност. Истрајноста е нашата цврста решеност да се спротивставиме на стравот дека ќе бидеме разочарани и дека поради некоја причина Бог нема да успее да допре до нас. Предаваните Божји деца чекаат, знаејќи со сигурност дека Бог е верен и дека оние што чекаат на Него, ако му препуштиле да ја реши нивната ситуација, можат да бидат сигурни дека Тој ќе делува во нивен најдобар интерес, дури и ако во дадениот момент тоа не изгледа така.

Чекањето на Господа е нешто повеќе од обичното чекање. Тоа е длабок копнеж за Бога, кој може да се спореди со силна жед во сушна земја (Псалм 63,1). Псалмистот чека на многу благослови од Бога, но неговиот копнеж да биде во Божја близина ја надминува секоја друга желба и потреба во неговиот живот.

Како што читаме кај Павле, во тој чудесен стих од Посланието до Римјаните, Бог и сите дела на создавањето чекаат на обновувањето на овој свет и на блажената средба на Бога и Неговиот народ на крајот на времето. Тој пишува: „И секое создание со нетрпение го очекува откривањето на синовите Божји“ (Римјаните 8,19).

Колку прекрасно ветување!

Меѓутоа, додека чекаме на конечното спасение и повторното обединување со Бога, и додека „целото создание заедно воздивнува и страда во родилни маки“ (Римјаните 8,22), Господ сè уште, преку Светиот Дух, живее меѓу својот народ.

Во меѓувреме, повикани сме да сведочиме (Дела 1,4-8) за планот на спасението, кој ќе ја достигне својата кулминација при новото создавање. Тоа ново создавање, во крајна линија, е она што го чекаме – конечно исполнување на нашите надежи како христијани адвентисти, на кои и самото име, адвентисти, ја содржи идејата за она на што се надеваме. Чекаме, но знаеме дека не е залудно. Христовата смрт и воскресение, при првото доаѓање, се најдобрата гаранција за Неговото второ доаѓање.

**Што чекате од Бога во овој момент? Како да научиме да чекаме со вера и доверба, особено кога она за што се молиме никако да дојде?**

## ЧЕКАЊЕ НА ДЕТЕТО ОДВИКНАТО ОД ДОЕЊЕ

**Прочитајте го текстот Псалм 131. Што нѐ учи овој псалм кога станува збор за нашиот однос со Бог?**

________________________________________________________________

Божјиот народ живее во свет кој ги жалости верните, свет полн со искушенија и тешкотии речиси за сите. Но, обновеното убедување дека тој е Божјо дете и дека неговиот живот зависи од Бога, му дава утеха на псалмистот и го наведува да признае дека неговата гордост не вреди ништо. Измамноста на горделивоста е тоа што ги наведува луѓето да станат егоцентрични и неспособни да гледаат подалеку од себе. На тој начин, горделивите се заслепуваат за повозвишена Божја реалност.

Спротивно на тоа, праведните ги подигаат своите очи кон Бога (Псалм 123,1.2). Спознавањето на Божјото величие ги прави понизни и ослободени од себичноста и суетните амбиции. Псалмистот јавно признава дека не се стреми кон „големи работи“ или кон оние нешта „што се над мене“ (Псалм 131,1). Тие изрази се однесуваат на Божјите дела во овој свет кои ја надминуваат човечката способност на разбирање. Сепак, модерната наука открива дека дури и нешто „наједноставно“ може да биде неверојатно сложено и далеку од нашата моќ на сфаќање, барем засега. Всушност, постои голема иронија во ова – колку повеќе дознаваме за физичкиот свет, толку се поголеми загатките што се појавуваат пред нас.

Од друга страна, метафората употребена во стихот Псалм 131,2, „како дете кон мајката своја“, претставува впечатлива слика на некој што наоѓа мир и спокој во Божјата прегратка. Тоа упатува на однос полн со љубов, којшто детето го воспоставува со својата мајка во различните фази од своето рано детство.

Одвикнувајќи нѐ од безначајни амбиции и гордости, Бог постепено нѐ воведува во „цврста храна“, сѐ додека не бидеме во состојба да кажеме: „Мојата храна е да ја исполнувам волјата на Оној Кој Ме пратил и да го извршам Неговото дело“ (Јован 4,34; и Евреите 5,12-14). Детската доверба во Псалм 131 е всушност слика на зрела вера која е испитана и проверена од животните тешкотии и која се темели на сознанието дека Бог е вистинит и верен на својата Реч.

Конечно, псалмистот го насочува своето внимание на доброто на Божјиот народ. Во крајна линија, ние сме повикани да го искористиме нашето искуство со Бога за да ја зајакнеме Неговата црква. Односно, она што лично сме го научиле за Божјата верност и добрина, можеме да го споделуваме со другите кои, поради една или друга причина, сѐ уште се борат во својата вера. Можеме да сведочиме за Христа дури и во самата црква, каде што многумина допрва треба лично да Го запознаат.

**„Вистина ви велам, ако не се промените и не бидете како деца, нема да влезете во царството небесно“ (Матеј 18,3). Што ни кажува Исус овде? Што подразбира таа идеја?**

# ВНЕСУВАЊЕ СНОПОВИ

**Прочитајте го текстот Псалм 126. Што е тоа што му дава сила и храброст на Божјиот народ? Што се кажува тука, во тој контекст, што можеме ние да го примениме во нашиот живот денес?**

___

Господовите чудесни избавувања во минатото се неисцрпен извор на вдахновение за Божјиот народ, како и извор на нивната надеж за иднината. Избавувањето во минатото било толку големо, што можело да се опише како остварување на сонот (Исаија 29,7.8). Забележете дека генерацијата што го фали Господа во Псалм 126 за избавувањето на Неговиот народ од ропство во минатото (Псалм 126,1), моментално и самата се наоѓа во ропство (Псалм 126,4).

Меѓутоа, радоста и олеснувањето доживеани во минатото повторно се оживуваат преку песните и се усвојуваат како сегашно искуство. Новите генерации ја одржуваат библиската историја жива, сметајќи се себеси присутни меѓу оние кои од прва рака ги набљудувале тие настани. Значи, живата вера гледа на големите дела што Бог ги направил за својот народ во минатото, како на нешто што го направил за нас, а не само за нив (минатите генерации верници).

Всушност, сеќавањето на минатото поттикнува обновена надеж во сегашноста. Сликата на враќање на потоците „во сувата земја“ (Псалм 126,4) претставува моќна метафора за Божјата ненадејно и моќно дејство во корист на својот народ. Крајниот југ на Јудеја бил сушна пустинска област. Но по обилните врнежи во текот на дождовната сезона, потоците наеднаш би се формирале и би потекле поројни води. Раните и доцните дождови имале клучна улога за успехот на земјоделската година (5. Мојсеева 11,14; 5. Мојсеева 28,12). Слично на тоа, сликата за сеење со солзи и жнеење со радост (Псалм 126,5.6) претставува моќно ветување за божественото водство од тешката сегашност во среќна иднина.

Крајот на жетвата било време кога учесниците на древните еврејски аџилаци ги noселе сезонските плодови во Божјиот храм во Ерусалим (2. Мојсеева 34,22.26). Мотивот на жетвата им обезбедувал моќна духовна поука за луѓето од тоа време. Како што трудот околу сеидбата и грижата за нивите, овоштарниците и лозјата се наградуваат со радоста на обилната жетва, така и сегашните искушенија на Божјиот народ ќе бидат овенчани со радоста на спасението на крајот на времето. Сликата на голема жетва укажува на Божјото обновување на Неговото царство на земјата при второто Христово доаѓање (Амос 9,13-15; Матеј 9,37). Меѓутоа, и тука се наметнува темата за чекање. Како и во случај со жетвата, мора да почекаме да ги видиме плодовите и резултатите од нашиот труд.

**Задржете се во мислите на некои моменти кога јасно и непогрешливо сте виделе како дејствува Господ во вашиот живот или во животот на другите луѓе. Како можете да црпите надеж од тие искуства за она низ што поминувате сега?**

# ЧЕКАЊЕ ВО БОЖЈАТА САБОТНА ПОЧИВКА

**Прочитајте го текстот Псалм 92. Кои два аспекта на саботниот ден се нагласени во оваа песна за саботата?**

Фалењето на Бога за големите дела на Неговите раце (Псалм 92,4.5) и сликата на праведните, која асоцира на Едем (Псалм 92,12-14), јасно упатуваат на Создавањето, првото нешто што го одбележува саботата. Псалмот, исто така, го прославува Господа како Бог на правдата, поради Неговата победа над непријателите (Псалм 92,7-15), а со тоа нагласува уште една тема поврзана со саботата – откупување од злото (5. Мојсеева 5,12-15). Така, Псалм 92 го велича Бога затоа што Тој го создал светот во минатото и затоа што го одржува во сегашноста, што ни дава надеж дека и на крајот на времето, ќе биде воспоставен вечниот божествен ред и мир.

Луѓето можат да уживаат во саботниот одмор затоа што Бог е „Севишен" (Псалм 92,1), и затоа што Неговата надмоќна и возвишена положба дава неспоредлива предност над нивните непријатели.

Сепак, иако Тој е Севишен, Господ спремно посегнува надоле за да ги избави оние што Го повикуваат. Господовото дело на создавањето, а особено откупувањето на Неговите созданија, треба да ги вдахне луѓето да го слават Бога и да го љубат. На крајот на краиштата, живеењето во паднат свет, без надеж во откупувањето, не е нешто што би можело особено да одушеви никого. Во таков свет луѓето сакаат, страдаат, умираат – и тоа без никаква надеж. Затоа ние го славиме Господа, не само како наш Творец туку и како наш Откупител.

„Новото масло" укажува на обновената решеност на псалмистот да му служи на Бога како Негов одново посветен слуга (Псалм 92,10). Помазанието со масло се вршело за да се посветат избраните луѓе како што се свештениците и царевите (2. Мојсеева 40,15; 1. Самоилова 10,1 ). Меѓутоа, за да го опише своето помазание, псалмистот избира необичен еврејски збор, *balal*, кој главно не го отсликува помазанието на Божјите слуги, туку означува „мешање" на маслото со другите делови на жртвата (2. Мојсеева 29,2; 3. Мојсеева 2,4.5). Таа единствена употреба на зборот *balal* од страна на псалмистот подразбира дека тој сака да се претстави себеси како жива жртва на Господа и целиот себеси да му се посвети на Бога (Римјаните 12,1).

Не е чудно што можат да се најдат мисли за посветување во псалм кој се занимава со саботата, бидејќи саботата е знак дека Господ го посветува својот народ (2. Мојсеева 31,13). Сликата на палми (*finik*) и ливански кедри го претставува Божјиот народ кој расте во верата и вистинското обожавање на Божјата љубов и Неговите длабоки мисли. Саботата е знак на Господовиот вечен завет со Неговиот народ (Езекиел 20,20). Затоа саботниот одмор е од суштинско значење за припадниците на Божјиот народ, бидејќи ги оспособува со доверба да чекаат на тоа Господ да ги исполни сите негови заветни ветувања (Евреите 4,1-10).

**Повторно прочитајте го целиот текст Псалм 92. Каква голема надеж ни се нуди тука, и како можеме, дури и сега, да се утешиме од она што е кажано таму?**

# РАДОСТА ДОАЃА НАУТРО

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 5,3; Псалм 30,5; Псалм 49,14; Псалм 59,16; Псалм 92,2; Псалм 119,147; 2. Петрово 1,19 и Откровение 22,16. Која доба од денот е симболично прикажана како време на божественото откупување и зошто?**

____________________________________________________________

Во Псалмите, утрото обично е тоа време кога се очекува Божјото откупување. Утрото ја открива Божјата милост, со што завршува долгата ноќ на грижи и очај (Псалм 130,5.6). Во Псалм 143, Божјото избавување ќе ја претвори сегашната темнина на смртта (Псалм 143,3) во светлина на новото утро (Псалм 143,8), а престојот во гробната јама (Псалм 143,7) во престој на „рамна земја“ (Псалм 143,10, според преводот ESV).

**Прочитајте го текстот Марко 16,1-8. Што се случило тоа утро за кое овде се зборува и зошто тоа за нас е толку важно?**

____________________________________________________________

Утрото на воскресението на Исуса Христа го овозможило доаѓањето на вечното утро на Божјото спасение за сите кои веруваат во Неговото име. Кога го сретнале воскреснатиот Господ, Исусовите ученици ја искусиле полната сила на ветувањето од стихот Псалм 30,5: „Плач доаѓа навечер, а радоста наутро.“ Само благодарение на Божјата милост и безусловна љубов, нашиот плач се претвора во радост (Псалм 30,5.7).

Како што ѕвездата Деница го најавува будењето на новиот ден, така и верата ја објавува новата реалност на вечниот живот во секојдневниот живот на Божјите деца (2. Петрово 1,19). Исус е наречен сјајна ѕвезда Деница (Откровение 22,16), како Оној што желно го очекуваме и кој ќе дојде да го воспостави своето царство во кое повеќе нема да има ноќ, зло и смрт (Откровение 21,1-8.25). На крајот на краиштата, тоа е она што, повеќе од сѐ друго, го очекуваме кога зборуваме за чекањето на Господа. И, секако, вреди да го чекаме.

„Над разурнатата гробница на Јосифа, Христос победоносно објавил: ‘Јас сум воскресение и живот’. Овие зборови можело да ги изговори само Божеството. Сите создадени суштества живеат со Божја волја и сила. Тие се зависни примачи на животот од Бога. Од највозвишениот серафим до најскромното живо суштество, сите одново примаат сила од Изворот на животот. Само Оној кој е едно со Бога може да каже: Имам власт да го дадам животот и имам власт да го земам. Во својата божествена природа, Христос поседувал сила да ги скрши оковите на смртта“ (*Копнежот на вековите*, стр. 785 ориг.).

**Се вели дека смртта е вРежана во нашите клетки уште од самото раѓање. Иако ова е точно, барем во случајот со нас како паднати суштества, што ни ветува Исусовото воскресение кога станува збор за привремениот карактер на смртта? Зошто никогаш не треба да заборавиме дека смртта за нас е само привремена состојба?**

# ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патот кон Христа* од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Растење во Христа“, стр. 67-75 (оригинал).

Псалмите ни упатуваат сесрдни повици да чекаме на Господа. „Смири се пред Господа и надевај се на Него“ (Псалм 37,7). А кога чекањето ни станува тешко, кога нѐ обзема чувство на несигурност и осаменост, треба да се сетиме на учениците на денот на Исусовото вознесување на небото (Дела 1,4-11). Исус се вознел на небото пред нивните очи, додека тие биле оставени да чекаат на Неговото враќање во некој непознат ден во иднина. Има ли некој што вкусил посилен копнеж веднаш да го прими Божјиот благослов од учениците тој ден? Тие сигурно копнееле да кажат: „Господи, земи нѐ со себе сега“. Меѓутоа, им било кажано да го чекаат ветувањето на Отецот и Исусовото враќање. А кога би помислиле дека тие биле очајни и разочарани поради тоа, би се изненадиле. Учениците се вратиле во Ерусалим и го направиле токму она што им го кажал Исус – чекале на дарот на Светиот Дух, а потоа со голема сила го проповедале евангелието по светот (Дела апостолски 1,12-14; Дела апостолски 2).

Заповедта на нашиот Господ да чекаме на Него станува невозможна ако Тој не го изврши своето дело во нас преку Светиот Дух. Никаква количина на човечки ентузијазам не можела да го издржи притисокот којшто чекањето може да му го наметне на нашето кревко јас. Единственото нешто што може да ни помогне да го поднесеме тоа оптоварување е да престојуваме во Исуса Христа, имено, личниот однос со Него. „Според тоа, ако во нашето срце живее Христос, Тој ќе ни помогне: ‘Кој ве поттикнува да ја исполнувате неговата волја’ (Филипјаните 2,13). Ние ќе постапуваме како што постапувал Тој и ќе покажуваме ист дух. И така, љубејќи го него и живеејќи во него, ‘ние треба да растеме во сѐ кон Оној кој е главата, Христос“ (Ефешаните 4,15)“ (Елена Г. Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 75 оригинал). Додека продолжуваме да чекаме на Господа, можеме да најдеме мир и уживање во Псалмите. Нашите песни и молитви се местото каде што Божјото срце секојдневно се среќава со нашето.

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Зошто чекањето е толку значајно во нашиот духовен живот? Разговарајте за искуството на чекање на некои библиски херои на верата. Како чекањето ја прочистило и ја зајакнало нивната вера? (Римјаните 4,19-22; Евреите 11).**
2. **Како ќе заврши нашето чекање? (Псалм 37,34-40). Односно, што ни е ветено дека ќе се случи кога конечно сѐ ќе биде решено? Каква надеж наоѓаме во тие текстови кога станува збор, на пример, за правдата што ни недостигала толку долго во овој живот?**
3. **Што се однесува до мртвите, зошто, од аспект на нивното лично искуство (Проповедник 9,5), чекањето на Исуса за нив е практично завршено? Каква надеж можеме да најдеме во одговорот на тоа прашање?**

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ЈАНУАРИ
# КНИГА НАД КНИГИТЕ

### ЕДИНСТВЕНОТО ПРАВИЛО НА ВЕРАТА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Понеделник* | **1. Јованово 6,63.** | *Упатено до обичниот свет* |
| *2. Вторник* | **Лука 4,4.** | *Храна за душата* |
| *3. Среда* | **Јован 5,24.** | *Единственото правило на верата* |
| *4. Четврток* | **За Јов 37,14.** | *Гледајте ги Божјите чудеса* |
| *5. Петок* | **Еремија 33,3.** | *Живот во небесна атмосфера* |
| *6. Сабота* | **Псалм 119,11.** | *Препис на Божјата волја* |

### КЛУЧЕВИ ЗА НЕБОТО

| | | |
|---|---|---|
| *7. Недела* | **Проповедник 12,13.** | *Објаснет планот на спасение* |
| *8. Понеделник* | **Јован 5,39.** | *Слушање на Исусовиот глас* |
| *9. Вторник* | **Матеј 16,19.** | *Клучеви за Небото* |
| *10. Среда* | **Псалм 119,24.** | *Неспоредлив* |
| *11. Четврток* | **Псалм 33,6.** | *Создателска енергија* |
| *12. Петок* | **Псалм 119,50.** | *Смртта на земната природа* |
| *13. Сабота* | **Псалм 119,9.** | *Тврдина против искушението* |

### РАМО ДО РАМО

| | | |
|---|---|---|
| *14. Недела* | **Псалм 119.104.** | *Вредно поучување* |
| *15. Понеделник* | **Лука 24,15.** | *Рамо до рамо* |
| *16. Вторник* | **1. Јованово 3,2.** | *Централната тема на Библијата* |
| *17. Среда* | **Откровение 12,7.** | *Големата борба во Светото писмо* |
| *18. Четврток* | **Псалм 119,12.** | *Стих по стих* |
| *19. Петок* | **Даниел 2,21.** | *Божјата рака во историјата* |
| *20. Сабота* | **Матеј 14,31.** | *Зошто сомнеж?* |

### ГОЛЕМИОТ УЧИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *21. Недела* | **Матеј 13,8.** | *Слушателите споредени со добра земја* |
| *22. Понеделник* | **Јован 8,32.** | *Познавање на вистината* |
| *23. Вторник* | **Дела 17,11.** | *Примерот на жителите на Верија* |
| *24. Среда* | **Псалм 119,74.** | *Возвишено влијание* |
| *25. Четврток* | **Мудри изреки 3,5**. | *Големиот Учител* |
| *26. Петок* | **Псалм 68,20.** | *Наука за спасението* |
| *27. Сабота* | **За Јов 38,4.** | *Науката и Библијата* |

### ПИСМОТО Е НАША ЗАШТИТА

| | | |
|---|---|---|
| *28. Недела* | **Матеј 13,17.** | *Насочи го погледот кон Христа* |
| *29. Понеделник* | **Откровение 3,8.** | *Измамите на последните денови* |
| *30. Вторник* | **Исаија 8,20.** | *Писмото е наша заштита* |
| *31. Среда* | **Јован 7,17.** | *Наша прва должност* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ФЕВРУАРИ

# ИСУС, БОЖЈИ ДАР

### НЕРАСКИНЛИВА ВРСКА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Четврток* | **Римјаните 16,25.** | *Доброволна жртва* |
| *2. Петок* | **1. Тимотеј 3,16.** | *Нераскинлива врска* |
| *3. Сабота* | **Јован 14,11.** | *Повозвишени дела* |

### БОЖЕСТВЕН УЧИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *4. Недела* | **Јован 1,14.** | *На божествената природа ѝ треба човечката* |
| *5. Понеделник* | **Исаија 9,6.** | *Божествен Учител* |
| *6. Вторник* | **Јован 3,17.** | *Љубов полна со самооткажување* |
| *7. Среда* | **Колошаните 2,15.** | *Луцифер е разоткриен* |
| *8. Четврток* | **Исаија 14,13.14.** | *Себичноста не може да ја разбере љубовта* |
| *9. Петок* | **Јован 1,16.** | *Бог разбира* |
| *10. Сабота* | **Лука 2,11.** | *Историја од Витлеем* |

### ЉУБОВТА Е ПОСИЛНА ОД СМРТТА

| | | |
|---|---|---|
| *11. Недела* | **Лука 2,42.** | *Сфаќање на својата мисија* |
| *12. Понеделник* | **Лука 2,49.** | *„Во она коешто е на мојот Татко“* |
| *13. Вторник* | **Јован 7,5.** | *Семејни проблеми* |
| *14. Среда* | **Марко 10,38.** | *Триење* |
| *15. Четврток* | **2. Коринќаните 5,17.** | *Бидете сосредоточени на Христа* |
| *16. Петок* | **Римјаните 5,5.** | *Љубов посилна од смртта* |
| *17. Сабота* | **Јован 10,11.** | *Добриот Пастир* |

### ПОБЕДОНОСНО ВЛЕГУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| *18. Недела* | **Јован 11,43.** | *Испитување на Христовата божественост* |
| *19. Понеделник* | **Захарија 9,9.** | *Победоносно влегување* |
| *20. Вторник* | **Јован 12, 27.28.** | *Исус дошол да го прослави Бога* |
| *21. Среда* | **Матеј 24,14.** | *Евангелие упатено до светот* |
| *22. Четврток* | **Јован 13,10.** | *Вие сте чисти* |
| *23. Петок* | **Лука 23,42.** | *Разбојникот што се покајал* |
| *24. Сабота* | **Јован 19,30.** | *Готово е* |

### ТОЈ Е ЦАРОТ НА СЛАВАТА

| | | |
|---|---|---|
| *25. Недела* | **Матеј 28,6.** | *Тој стана* |
| *26. Понеделник* | **Псалм 24,7.** | *Тој е Царот на славата* |
| *27. Вторник* | **Евреите 12,2.** | *Христовото крунисување* |
| *28. Среда* | **Евреите 4,16.** | *Христовото посредување* |
| *29. Четврток* | **Евреите 8,1.** | *Христовата небесна служба* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – МАРТ
# ПОДНЕСУВАЊЕ И ПРИФАЌАЊЕ

## СОВРШЕНСТВО

| | | |
|---|---|---|
| *1. Петок* | **Матеј 11,28.** | *Токму такви какви што сме* |
| *2. Сабота* | **Матеј 5,48.** | *Совршенство* |

## ИЗБОРОТ Е ВАШ

| | | |
|---|---|---|
| *3. Недела* | **2. Коринќаните 12,9.** | *Само благодат* |
| *4. Понеделник* | **Исус Навин 24,5.** | *Изборот е ваш* |
| *5. Вторник* | **Матеј 12,30.** | *Или или* |
| *6. Среда* | **Јован 8,11.** | *Нема оправдување за гревот* |
| *7. Четврток* | **2. Тимотеј 2,19.** | *Најголемата битка со која се соочуваме* |
| *8. Петок* | **Наум 1,7.** | *Подготовка за времето на неволји* |
| *9. Сабота* | **Римјаните 3,10.** | *Самоправедност* |

## ДУХОВНО ИСЦЕЛУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| *10. Недела* | **Дела 2,47.** | *Што може Бог да направи со вас* |
| *11. Понеделник* | **Јован 12,32.** | *Евангелието е наменето за сите* |
| *12. Вторник* | **Јован 16,13.** | *Дејствувањето на Светиот Дух* |
| *13. Среда* | **Ефесјаните 2,1.** | *Духовно исцелување* |
| *14. Четврток* | **1. Коринќаните 3,16.** | *Чистење на храмот* |
| *15. Петок* | **2. Коринќаните 7,1.** | *Светлината е...!* |
| *16. Сабота* | **Матеј 5,6.** | *Праведноста е...!* |

## СТРЕМЕЖ ЗА БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *17. Недела* | **1. Солуњаните 4,3.** | *Посветувањето е...!* |
| *18. Понеделник* | **Јован 17,17.** | *Посветувањето е библиско учење* |
| *19. Вторник* | **2. Коринќаните 7,10.** | *Покајанието е...!* |
| *20. Среда* | **Матеј 6,33.** | *Стремеж за Бога* |
| *21. Четврток* | **Псалм 51,10.** | *Пример за покајание* |
| *22. Петок* | **Мудри изреки 28,13.** | *Првиот чекор кон прифаќање* |
| *23. Сабота* | **Римјаните 2,4.** | *Барајте покајание* |

## НОВО РАЃАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| *24. Недела* | **Дела 24,25.** | *Зошто треба да се чуваме од двоумење?* |
| *25. Понеделник* | **Филипјаните 2,13.** | *Силата на волјата* |
| *26. Вторник* | **Јован 3,3.** | *Ново раѓање* |
| *27. Среда* | **Марко 5,36.** | *Веруваj во она што го кажува Бог* |
| *28. Четврток* | **Галатјаните 6,14.** | *Во сенката на крстот* |
| *29. Петок* | **Ефесјаните 2,8.** | *Благодатта на Спасителот* |
| *30. Сабота* | **1. Јован 3,3.** | *Пример за вистинска посветеност* |

## УСОГЛАСЕНИ СО БОЖЈАТА ВОЛЈА

| | | |
|---|---|---|
| *31. Недела* | **Римјаните 8,29.** | *Усогласени со Божјата волја* |

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ



















Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Споријата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!







**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## Јануари

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Мојс. 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| 4. | 10-12 |
| 5. | 13-15 |
| **6.** | 16-19 |
| | |
| 7. | 20-23 |
| 8. | 24-26 |
| 9. | 27-30 |
| 10. | 31-33 |
| 11. | 34-36 |
| 12. | 37-39 |
| **13.** | 40-42 |
| | |
| 14. | 43-46 |
| 15. | 47-50 |
| 16. | 2. Мојс. 1-3 |
| 17. | 4-6 |
| 18. | 7-9 |
| 19. | 10-12 |
| **20.** | 13-15 |
| | |
| 21. | 16-18 |
| 22. | 19-21 |
| 23. | 22-26 |
| 24. | 27-29 |
| 25. | 30-31 |
| 26. | 32-34 |
| **27.** | 35-37 |
| | |
| 28. | 38-40 |
| 29. | 1-4 |
| 30. | 5-7 |
| 31. | 8-10 |

## Февруари

| | |
|---|---|
| 1. | 3. Мојс. 11-13 |
| 2. | 14-16 |
| **3.** | 17-19 |
| | |
| 4. | 20-23 |
| 5. | 24-27 |
| 6. | 4. Мојс. 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| 8. | 7-9 |
| 9. | 10-13 |
| **10.** | 14-16 |
| | |
| 11. | 17-19 |
| 12. | 20-22 |
| 13. | 23-26 |
| 14. | 27-29 |
| 15. | 30-32 |
| 16. | 33-36 |
| **17.** | 5. Мој. 1-3 |
| | |
| 18. | 4-6 |
| 19. | 7-9 |
| 20. | 10-13 |
| 21. | 14-16 |
| 22. | 17-19 |
| 23. | 20-22 |
| **24.** | 23-25 |
| | |
| 25. | 26-28 |
| 26. | 29-31 |
| 27. | 32-24 |
| 28. | И. Навин 1-3 |
| 29. | И. Навин 3-4 |

## Март

| | |
|---|---|
| 1. | И. Навин 5-9 |
| **2.** | 10-13 |
| | |
| 3. | 14-17 |
| 4. | 18-21 |
| 5. | 22-24 |
| 6. | Судии 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| 8. | 7-9 |
| **9.** | 10-12 |
| | |
| 10. | 13-15 |
| 11. | 16-18 |
| 12. | 19-21 |
| 13. | За Рута 1 и 2 |
| 14. | 3 и 4 |
| 15. | 1. Сам. 1-3 |
| **16.** | 4-6 |
| | |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-12 |
| 19. | 13-17 |
| 20. | 18-20 |
| 21. | 21-23 |
| 22. | 24-26 |
| **23.** | 27-31 |
| | |
| 24. | 2. Сам. 1-3 |
| 25. | 4-6 |
| 26. | 7-11 |
| 27. | 12-14 |
| 28. | 15-17 |
| 29. | 18-20 |
| **30.** | 21-24 |
| | |
| 31. | 1. Цар. 1-3 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

| *Јануари* | *Февруари* | *Март* |
|---|---|---|
| 1. Псалм 1 | **1.** Псалм 29 | 1. Псалм 53 |
| 2. Псалм 2 | 2. Псалм 30 | **2.** Псалм 54 |
| 3. Псалм 3 | **3.** Псалм 31,1-14 | 3. Псалм 55 |
| 4. Псалм 4 | 4. Псалм 31,15-24 | 4. Псалм 56 |
| 5. Псалм 5 | 5. Псалм 32 | 5. Псалм 57 |
| **6.** Псалм 6 | 6. Псалм 33 | 6. Псалм 58 |
| 7. Псалм 7 | 7. Псалм 34 | 7. Псалм 59 |
| 8. Псалм 8 | 8. Псалм 35,1-14 | 8. Псалм 60 |
| 9. Псалм 9 | 9. Псалм 35,15-28 | **9.** Псалм 61 |
| 10. Псалм 10 | **10.** Псалм 36 | 10. Псалм 62 |
| 11. Псалм 11 | 11. Псалм 37,1-19 | 11. Псалм 63 |
| 12. Псалм 12 | 12. Псалм 37,20-40 | 12. Псалм 64 |
| **13.** Псалм 13 | 13. Псалм 38 | 13. Псалм 65 |
| 14. Псалм 14 | 14. Псалм 39 | 14. Псалм 66 |
| 15. Псалм 15 | 15. Псалм 40 | 15. Псалм 67 |
| 16. Псалм 16 | 16. Псалм 41 | **16.** Псалм 68 |
| 17. Псалм 17 | **17.** Псалм 42 | 17 Псалм 69 ,1-16 |
| 18. Псалм 18,1-15 | 18. Псалм 43 | 18. Псалм 69,17-36 |
| 19. Псалм 18,16-30 | 19. Псалм 44,1-12 | 19. Псалм 70 |
| **20.** Псалм 28,31-50 | 20. Псалм 44,13-26 | 20. Псалм 71,1-15 |
| 21. Псалм 19 | 21. Псалм 45 | 21. Псалм 71,15-24 |
| 22. Псалм 20 | 22. Псалм 46 | 22. Псалм 72 |
| 23. Псалм 21 | 23. Псалм 47 | **23.** Псалм 73,1-15 |
| 24. Псалм 22,1-15 | **24.** Псалм 48 | 24. Псалм 73,16-28 |
| 25. Псалм 22,16-31 | 25. Псалм 49 | 25. Псалм 74 |
| 26. Псалм 23 | 26. Псалм 50,1-5 | 26. Псалм 75 |
| **27.** Псалм 24 | 27. Псалм 50,16-23 | 27. Псалм 76 |
| 28. Псалм 25 | 28. Псалм 51 | 28. Псалм 77 |
| 29. Псалм 26 | 29. Псалм 52 | 29. Псалм 78 ,1-14 |
| 30. Псалм 27 | | **30.** Псалм 78,15-28 |
| 31. Псалм 28 | | 31. Псалм 78,29-42 |

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

## ЈАНУАРИ 2024

| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **5.** | **12.** | **19.** | **26.** |
| **Виница** | **16:14** | **16:21** | **16:29** | **16:37** |
| **Колешино** | **16:14** | **16:21** | **16:29** | **16:37** |
| **Стар Дојран** | **16:15** | **16:22** | **16:30** | **16:38** |
| **Куманово** | **16:16** | **16:23** | **16:31** | **16:40** |
| **Неготино** | **16:17** | **16:24** | **16:32** | **16:40** |
| **Струмица** | **16:14** | **16:22** | **16:29** | **16:38** |
| **Кочани** | **16:14** | **16:21** | **16:29** | **16:38** |
| **Велес** | **16:17** | **16:24** | **16:32** | **16:41** |
| **Кавадарци** | **16:17** | **16:24** | **16:32** | **16:40** |
| **Дебар** | **16:23** | **16:30** | **16:38** | **16:46** |
| **Скопје** | **16:18** | **16:25** | **16:33** | **16:41** |
| **Битола** | **16:21** | **16:28** | **16:36** | **16:44** |
| **Кичево** | **16:21** | **16:28** | **16:36** | **16:44** |
| **Лаки** | **16:13** | **16:20** | **16:28** | **16:37** |
| **Чифлик** | **16:16** | **16:23** | **16:31** | **16:40** |
| **Штип** | **16:15** | **16:22** | **16:30** | **16:39** |
| **Тетово** | **16:19** | **16:27** | **16:35** | **16:43** |
| **Јегуновце** | **16:19** | **16:26** | **16:34** | **16:42** |
| **Росоман** | **16:17** | **16:24** | **16:32** | **16:41** |
| **Гевгелија** | **16:16** | **16:23** | **16:31** | **16:39** |
| **Свети Николе** | **16:16** | **16:23** | **16:31** | **16:40** |
| **Делчево** | **16:12** | **16:19** | **16:28** | **16:36** |
| **Валандово** | **16:15** | **16:22** | **16:30** | **16:39** |
| **Охрид** | **16:23** | **16:30** | **16:38** | **16:46** |
| **Радовиш** | **16:15** | **16:22** | **16:30** | **16:38** |
| **Прилеп** | **16:19** | **16:26** | **16:34** | **16:43** |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ФЕВРУАРИ 2024

| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | *2.* | *9.* | *16.* | *23.* |
| Виница | 16:46 | 16:55 | 17:04 | 17:13 |
| Колешино | 16:46 | 16:55 | 17:04 | 17:12 |
| Стар Дојран | 16:47 | 16:56 | 17:04 | 17:13 |
| Куманово | 16:49 | 16:58 | 17:07 | 17:16 |
| Неготино | 16:49 | 16:58 | 17:06 | 17:15 |
| Струмица | 16:47 | 16:56 | 17:04 | 17:13 |
| Кочани | 16:47 | 16:56 | 17:04 | 17:13 |
| Велес | 16:50 | 16:58 | 17:07 | 17:16 |
| Кавадарци | 16:49 | 16:58 | 17:07 | 17:15 |
| Дебар | 16:55 | 17:04 | 17:13 | 17:21 |
| Скопје | 16:50 | 16:59 | 17:08 | 17:17 |
| Битола | 16:53 | 17:02 | 17:10 | 17:19 |
| Кичево | 16:53 | 17:02 | 17:11 | 17:19 |
| Лаки | 16:46 | 16:55 | 17:04 | 17:12 |
| Чифлик | 16:48 | 16:57 | 17:06 | 17:15 |
| Штип | 16:48 | 16:57 | 17:06 | 17:14 |
| Тетово | 16:52 | 17:01 | 17:10 | 17:19 |
| Јегуновце | 16:51 | 17:00 | 17:09 | 17:18 |
| Росоман | 16:49 | 16:58 | 17:07 | 17:15 |
| Гевгелија | 16:48 | 16:57 | 17:05 | 17:14 |
| Свети Николе | 16:49 | 16:58 | 17:06 | 17:15 |
| Делчево | 16:45 | 16:54 | 17:03 | 17:12 |
| Валандово | 16:47 | 16:56 | 17:05 | 17:13 |
| Охрид | 16:55 | 17:03 | 17:12 | 17:21 |
| Радовиш | 16:47 | 16:56 | 17:05 | 17:13 |
| Прилеп | 16:51 | 17:00 | 17:09 | 17:17 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МАРТ 2024 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | *1.* | *8.* | *15.* | *22.* | *29.* |
| **Виница** | **17:21** | **17:29** | **17:38** | **17:45** | **17:53** |
| **Колешино** | **17:20** | **17:29** | **17:36** | **17:44** | **17:52** |
| **Стар Дојран** | **17:21** | **17:29** | **17:37** | **17:44** | **17:52** |
| **Куманово** | **17:24** | **17:33** | **17:41** | **17:49** | **17:56** |
| **Неготино** | **17:23** | **17:31** | **17:39** | **17:47** | **17:55** |
| **Струмица** | **17:21** | **17:29** | **17:37** | **17:45** | **17:52** |
| **Кочани** | **17:22** | **17:30** | **17:38** | **17:46** | **17:54** |
| **Велес** | **17:24** | **17:33** | **17:40** | **17:48** | **17:56** |
| **Кавадарци** | **17:24** | **17:32** | **17:40** | **17:47** | **17:55** |
| **Дебар** | **17:29** | **17:38** | **17:46** | **17:53** | **18:01** |
| **Скопје** | **17:25** | **17:34** | **17:42** | **17:50** | **17:58** |
| **Битола** | **17:27** | **17:35** | **17:42** | **17:50** | **17:57** |
| **Кичево** | **17:28** | **17:36** | **17:44** | **17:52** | **17:59** |
| **Лаки** | **17:21** | **17:29** | **17:37** | **17:45** | **17:52** |
| **Чифлик** | **17:23** | **17:31** | **17:39** | **17:46** | **17:54** |
| **Штип** | **17:23** | **17:31** | **17:39** | **17:47** | **17:54** |
| **Тетово** | **17:27** | **17:36** | **17:44** | **17:52** | **17:59** |
| **Јегуновце** | **17:27** | **17:35** | **17:43** | **17:51** | **17:59** |
| **Росоман** | **17:24** | **17:32** | **17:40** | **17:48** | **17:55** |
| **Гевгелија** | **17:22** | **17:30** | **17:38** | **17:45** | **17:53** |
| **Свети Николе** | **17:24** | **17:32** | **17:40** | **17:48** | **17:55** |
| **Делчево** | **17:20** | **17:28** | **17:36** | **17:44** | **17:52** |
| **Валандово** | **17:22** | **17:30** | **17:37** | **17:45** | **17:53** |
| **Охрид** | **17:29** | **17:37** | **17:44** | **17:52** | **18:00** |
| **Радовиш** | **17:22** | **17:30** | **17:38** | **17:46** | **17:53** |
| **Прилеп** | **17:26** | **17:34** | **17:41** | **17:49** | **17:57** |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големаша борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Паш во подобар живош,* стр. 328).